Центар за развој на Југозападен плански регион

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026

**Јануари, 2021**

**Центар за развој на ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион**
**Раководител: м-р Мирјана ЛОЗАНОСКА**

ул. Владо Малески-Тале 1/5
6330 Струга
Тел: 046 701 005, 046 701 055
www.southwestregion.mk
e-mail: CRJ@ southwestregion.mk

**Експертски тим:**
**Надворешни членови:**
Проф. д-р Науме МАРИНОСКИ, раководител
Проф. д-р Ристо ГОГОСКИ
Проф. д-р Марија МАЛЕНКОВСКА - ТОДОРОВА
Проф. д-р Гоце КОСТОСКИ

**Експерт за родово буџетирање:**
д-р Марија Ристеска

**Внатрешни членови од ЦРЈЗПР:**
м-р Мирјана Лозаноска, раководител
Стојан Савески, координатор

Печат: ИРИС Струга
Тираж: 100 примероци

**„Оваа публикација е направена со поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа. Содржината на оваа публикација не ги одразува погледите и ставовите на горенаведените институции.“**

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Струга, јануари 2021

# Вовед

Програмата за развој на Југозападниот плански регион за периодот од 2021 до 2026 е базичен стратешки, среднорочен, плански документ, при што потребата за нејзино изготвување и донесување е поврзана со обезбедувањето одржлив развој, како континуиран процес со цел подобрување на состојбите во Регионот. Овој акт треба да ги вклопи општите развојни процеси на државата, и уште повеќе да биде чинител на рамномерниот регионален развој на РСМ. Инаку, правната основа за нејзината изработка произлегува од Законот за рамномерен регионален развој „Сл. Весник на Р. Македонија", број 63/2007, 187/2013, 43/2014, 215/2015 и 64/2018.

Програмата за развој на ЈЗПР е плански документ што треба да биде усогласен со Стратегијата за рамномерен регионален развој на РСМ. Ова истовремено подразбира усогласување и со Просторниот план на РМ, стратешките развојни документи на национално и локално ниво, и програмските документи за интеграција на РСМ во ЕУ. Методологијата за изработка на Програмата е согласно Правилникот за изработка на планските документи за регионален развој, донесен од страна на Министерството за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 102 од 13. 08. 2009 год.). Програмата подразбира следење на континуитетот, така што таа ги има во вид зацртаните цели и нивното ниво на реализација во изминатиот програмски период. Поради тоа, Програмата за развој, за наредниот период, се донесува најдоцна шест месеци пред истекот на важност на актуелниот стратешки документ. Центарот на ЈЗПР ја изработува Програмата со учество на експертски тим, кој организира планирачки работилници на кои, и по вертикална и по хоризонтална основа, учество земаат засегнатите страни. Нивниот активен однос придонесува да ги согледаат потребите и вредностите на кои треба да се базира овој документ. Во процесот на донесување на Програмата, активен однос имаат државните и локалните структури, како и донаторите без чија поддршка, овој развоен документ, не би можел да се усвои и реализира на оптимален начин. Изработката подразбира партиципативност и транспарентност во сите фази, навремена реализација на задачите и презентација на добиените резултати. Програмата ја донесува Советот за развој на ЈЗПР по претходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој на РСМ.

Реализацијата на Програмата, преку мерките и активностите, треба да придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на населението на просторот на ЈЗПР. Тоа подразбира подобрување на инфраструктурата, создавање на услови за отворање на нови бизниси, подигнување на економските можности на населението, намалување на иселувањето од руралните во урбаните средини, и во последно време и од урбаните средини во странство. Рамномерниот регионален развој во целина треба да се почувствува во општините кои го сочинуваат Југозападниот плански регион, преку нивниот вкупен економски и општествен развој. Позитивното влијание од развојот на општините пак треба

да се одрази врз општиот раст на Регионот и државата. Програмата претставува основа за подинамична меѓуопштинска соработка, подобрување на нивните релации со опкружувањето и соработка со другите плански региони и општините во нивниот состав.

Со вклучувањето на сите расположливи капацитети на ниво на ЈЗПР треба да дојде до намалување на социјалните разлики на општините, Регионот во целина, како и помеѓу урбаните и руралните средини. Програмата треба да ги идентификува посебностите што се јавуваат во општините и истите да ги афирмира при идентификацијата на општината, или на Регионот како целина. Така, во ЈЗПР туризмот и заштитата на животната средина претставуваат, препознатливи, развојни сфери, или сфери од посебен интерес за населението што живее на овој простор. Токму тука треба да има поголема искористеност на ресурсите, зголемена квантитативна и квалитативна конкурентност, и претставува отворен простор за подобрување на инвестициската политика во ЈЗПР. Инвестициите треба да се насочат кон подобрување на оптималните услови за живот на населението, преку нивна зголемена вработеност и обезбедена социјална сигурност. Како резултат на реализацијата на ваквите програмски определби треба да се очекува намалување на емиграцијата и појава на ремиграција. Со тоа би се подобриле човечките потенцијали на Регионот, што од своја страна ќе значи отпочнување нов циклус на стопанскиот и општествениот развој на ЈЗПР. Во овој контекст, особено значајно е утврдувањето на визијата за развој и реализација на целите, приоритетите и мерките кои се составен дел на акциските планови во овој стратешки документ.

Југозападниот плански регион го опфаќа југозападниот дел на Република Северна Македонија. Според проценките, во 2019 година, во него живеат 219.379 жители, или 10.6% од вкупната популација во државата. Регионот се простира на 3.340 км$^2$, што е 13.4% од вкупната површина на РСМ, со густина на населеност од 65.8 жители на км$^2$. Конфигурацијата на теренот, опфаќајќи ги и сливните подрачја на реките Треска и Црн Дрим, како и басенот на Охридското Езеро, укажува на големиот хидропотенцијал на овој регион. Ваквите природно-географски карактеристики и благата клима отвораат можности за искористување на потенцијалите за развој на земјоделството и овоштарството. Регионот опфаќа повеќе високи планини богати со разновидна шума која дава можност за искористување на дрвната маса во преработувачката дрвна индустрија. Во развојот на овој Регион најголемо значење има туризмот, при што тука првостепено треба да се имаат во вид природните карактеристики на Охридското Езеро и културно-историското значење на ова подрачје, кои се заштитени од УНЕСКО. Голем потенцијал за развој на оваа гранка нудат и Националниот парк „Галичица", како и минералните и топли извори во дебарскиот крај кои овозможуваат развој на бањскиот туризам.




Слика бр. 1 Мапа на ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион со општините во негов состав

## Таб.бр.1 Основни податоци за Југозападниот плански регион

| | |
|---|---|
| Број на општини<br>Вевчани, Дебар, Дебрца, Кичево, Макаедонски Брод, Охрид, Пласница, Струга, Центар Жупа | 9 |
| Број на населени места | 286 |
| Површина | 3.340 км$^2$ |
| Вкупно население, Попис 2002 | 221.546 |
| Проценка за населението, 2019 | 219.379 |
| Густина на населеност, 2019 | 65.8 |
| Вкупен број на живеалишта, Попис 2002 | 84.627 |
| Просечен број на членови на домаќинството, Попис 2002 | 3.8 |
| Живородени, 2018 | 1.868 |
| Умрени, 2018 | 1.924 |
| Природен прираст, 2018 | - 56 |
| Доселени од други држави, 2018 | 244 |
| Отселени во други држави, 2018 | 22 |
| Стапка на писменост на населението на возраст над 10 години, Попис 2002 | 96.5 |
| Стапка на активност, 2018 | 55.9 |
| Стапка на вработеност, 2018 | 39.4 |
| Стапка на невработеност, 2018 | 29.6 |
| Просечна исплатена бруто-плата по вработен во денари, 2018 | 31.550 |
| Просечна исплатена нето-плата по вработен во денари, 2018 | 21.492 |
| Број на основни училишта, 2018/2019 | 125 |
| Број на средни училишта, 2018/2019 | 14 |
| Запишани ученици во основното образование, 2018/2019 | 17.860 |
| Запишани ученици во средното образование, 2018/2019 | 6.789 |
| Број на дипломирани студенти, 2018 | 669 |
| Број на активни деловни субјекти, 2018 | 7.209 |
| Број на новосоздадени претпријатија, 2017 | 672 |
| Број на згаснати претпријатија, 2017 | 636 |
| БДП по жител, 2016 | 222.133 |
| Број на легла, 2018 | 43.148 |
| Број на туристи, 2018 | 419.717 |
| Број на ноќевања, 2018 | 1.539.219 |
| Број на изградени станови, 2018 | 788 |
| Вредност на извршените градежни работи, 2018, во илјади денари | 7.562.859 |
| Број на издадени одобренија за градење, 2018 | 356 |

# Секторски анализи

## 1. Демографски развој

Развојот на ЈЗПР зависи од карактеристиките на населението, кое претставува - основен – потенцијал во општествените движења. Покрај овде во Програмата за развој, во исто време, и останатите стратешки документи на национално ниво, во преден план го имаат населението, бидејќи во креирањето на развојните проекции за наредниот петгодишен период треба да се имаат во вид специфичните демографски карактеристики. Ова произлегува од фактот што демографскиот потенцијал е важен фактор и го определува економскиот и општествениот развој.  Во тој контекст значајно е да се анализираат обемот и динамиката, густината и концентрацијата, просторната разместеност, структурните белези и миграциските  движења на населението.

### 1.1 Обем на население

Обемот на населението во ЈЗПР е анализиран за последниот петгодишен период, а со цел да се утврди местото на Регионот на ниво на државата, направена е  компаративна анализа со обемот и процентуалното учество во вкупното население во РСМ. Податоците се дадени во таб.бр.3.

Таб.бр.2 Број на жители и учество на ЈЗПР во РСМ, 2019 г.

| 2019 | број | % |
|---|---|---|
| **РС Македонија** | 2.076.255 | 100 |
| **Југозападен плански регион** | 219.379 | 10.6 |

Извор:  Државен завод за статистика

Проценката е дека вкупниот број на жители во ЈЗПР во 2019 г. е 219.379 жители, што претставува 10.6% од вкупното население во државата. Со оглед на тоа дека се работи за еден од осумте плански региони, и притоа имајќи го во вид фактот на доминантно присуство на популација во Скопскиот плански регион, станува јасно дека се работи за солиден популациски фактор со кој располага ЈЗПР.

### 1.2 Динамика на население

Динамиката на движење на населението ги презентира промените од последните пет години во ЈЗПР, и истите ни овозможуваат да добиеме визија за идните/можни насоки при креирањето на новите мерки на популационата политика во ЈЗПР. Притоа, првостепено треба да се имаат во предвид обемот и динамика на вкупниот број на популација, динамиката на движење по општини, природно движење на населението на ниво на ЈЗПР во споредба со РСМ и  природно движење на населението по општини.

### *1.2.1 Динамика на вкупниот број на жители во ЈЗПР*

Динамика на вкупниот број на жители во ЈЗПР е анализирана за последните пет години, и истата е споредбено поставена во однос на РСМ, со цел да се види дали движењата се идентични, или слични - на Регионот, со она на државно ниво.

Таб.бр.3 Обем и динамика на бројот на жители во ЈЗПР и во РСМ, 2015-2019

Индекс база 2015

| | **2015** | **инд.** | **2016** | **инд.** | **2017** | **инд.** | **2018** | **инд.** | **2019** | **инд.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **РСМ** | 2.071.278 | 100 | 2.073.702 | 100.11 | 2.075.301 | 100.19 | 2.077.132 | 100.28 | 2.076.255 | 100.24 |
| **ЈЗПР** | 219.718 | 100 | 219.732 | 100 | 219.702 | 100 | 219.622 | 99.95 | 219.379 | 99.8 |

Извор: ДЗС

Од податоците во табеларниот преглед може да се констатира дека нема позабележителни поместувања во поглед на движењето на населението во ЈЗПР. Сепак треба да се истакне фактот дека во последните две години е забележано намалување од 0.2%, односно 0.05%, во однос на базната 2015 г., што упатува на одредена стагнација. Компаративната анализа покажува дека движењата на населението во ЈЗПР се во рамките на општите трендови во РСМ. Посочените отстапувања, битно не го менуваат заклучокот за приближно исти движења кај обемот на населението, и во ЈЗПР и во РСМ.

### *1.2.2 Динамика на движење на населението по општини*

Динамиката на движење на населението по општини, исто така, е анализирана во последните пет години, а користен е базниот индекс од почетната 2016 година. Овие движења се дадени во таб.бр.4.

Таб.бр.4 Динамика на движење на населението по општини од 2016 до 2019 год.

Индекс база 2016

| Год | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| општина | број | индекс | број | индекс | број | индекс | број | индекс |
| Вевчани | 2.443 | 99.63 | 2.434 | 99.26 | 2.425 | 98.89 | 2.415 | 98.49 |
| Дебар | 20.824 | 100.39 | 20.901 | 100.76 | 20.971 | 101.58 | 21.023 | 101.35 |
| Дебрца | 3.912 | 97.94 | 3.838 | 96.09 | 3.762 | 94.19 | 3.705 | 92.76 |
| Кичево | 56.999 | 99.81 | 56.875 | 99.59 | 56.785 | 99.43 | 56.621 | 99.14 |
| М. Брод | 6.202 | 98.85 | 6.137 | 97.81 | 6.076 | 96.84 | 6.018 | 95.91 |
| Охрид | 51.619 | 99.54 | 51.576 | 99.46 | 51.498 | 99.31 | 51.434 | 99.18 |
| Пласница | 4.947 | 104.43 | 4.961 | 104.72 | 4.964 | 104.79 | 4.968 | 104.87 |
| Струга | 65.688 | 100.30 | 65.865 | 100.58 | 65.968 | 100.73 | 66.058 | 100.87 |
| Ц. Жупа | 7.098 | 100.36 | 7.115 | 100.60 | 7.131 | 100.83 | 7.137 | 100.91 |

Извор: ДЗС

Податоците во таб. број 4 ги покажуваат различните процеси на овој план. Намалувањето на бројот на жители во петгодишниот период, во однос на базната 2016 г., континуирано е присутно во општините: Вевчани, Дебрца, Кичево, Македонски Брод и

Охрид. За разлика од нив, зголемувањето на бројот на жители е континуирано во следниве општини:  Дебар, Пласница, Струга и Центар Жупа.

## 1.3 Природно движење на населението

Природниот прираст на населението го одразува односот меѓу новородените и починатите лица. Се работи за релации што ги илустрираат состојбите во поглед на обновувањето на населението, или на откривање на процесот на депопулација. Податоците се однесуваат на овие движења поодделно по општини и на ниво на  ЈЗПР, поставени во корелација со параметрите на ниво на РСМ.

### *1.3.1. Природно движење на населението во ЈЗПР во однос на РСМ*

Природното движење на населението во ЈЗПР, во однос на РСМ, претставува анализа со кооперативни карактеристики, а споредбата е направена за да се види контекстот на популационите движења. Овие параметри се однесуваат за 2019 г. како последна анализирана година на 1.000 жители, при што движењата на населението дадени се во таб.бр.5.

Таб. бр. 5 Природно движење на населението на  ЈЗПР и РСМ, 2019  (на 000 жители)

| 2019 | Наталитет | Морталитет | Природен прираст |
|---|---|---|---|
| РС Македонија | 9.6 | 9.8 | -0.3 |
| Југозападен плански регион | 7.9 | 9.1 | -1.3 |

Извор: ДЗС

Анализата на таб.бр.5 покажува дека во Регионот, и во државата во целина, природниот прираст на населението е негативен, што значи дека станува збор за процес на депопулација, при што морталитетот е повисок од наталитетот. Компаративната анализа покажува дека природниот прираст на населението во ЈЗПР (-1.3) има пониски вредности од природниот прираст на РСМ (-0.3). Иако, наталитетот и морталитетот во Регионот се под вредностите на ниво на  РСМ,  впечатлив е негативниот природен прираст во ЈЗПР кој произлегува од  нискиот наталитет (7,9 $^{0}/_{00}$).

### *1.3.2 Природно движење на  населението во ЈЗПР по општини*

Природно движење на  населението во ЈЗПР по општини ја опфаќа просторната дисперзија на наталитетот, морталитетот и природниот прираст. Овие параметри дадени се  во таб.бр.6

Таб. бр. 6 Природно движење на населението во ЈЗПР по општини, 2019 г. (на 000 жители)

| Општини/Регион | наталитет | морталитет | природен прираст |
|---|---|---|---|
| Вевчани | 5.8 | 8.2 | -2.5 |
| Дебар | 9.5 | 6.5 | 3.1 |
| Дебрца | 11.4 | 26.0 | -14.6 |
| Кичево | 6.9 | 7.8 | -0.9 |
| Македонски Брод | 6.9 | 13.8 | -6.9 |
| Охрид | 9.2 | 11.4 | -2.2 |
| Пласница | 10.7 | 8.3 | 2.4 |
| Струга | 9.2 | 7.4 | 1.8 |
| Центар Жупа | 5.9 | 3.9 | 2.0 |
| ЈЗПР | 7.9 | 9.1 | -1.3 |

Извор: ДЗС

Анализата на податоците од таб.бр.6 покажува дека општините во ЈЗПР имаат различни карактеристики, некои имаат релативно висок природен прираст за разлика од други, со изразито негативни параметри. Од општините, висок природен прираст имаат: Дебар, Пласница, Центар Жупа и Струга. Највисок негативен природен прираст имаат Дебрца и Македонски Брод, кои се категоризирани како изразито депопулациски средини, по што следат општините Вевчани и Охрид. Податоците говорат дека Дебрца има најголем наталитет и најголем морталитет. Висок морталитет се јавува и во општините Македонски Брод и Охрид, по што следат: Пласница, Вевчани, Кичево, Струга и Дебар. Покрај Дебрца највисок наталитет имаат општините: Пласница, Дебар, Охрид и Струга. Нешто понизок наталитет е присутен во Кичево, Македонски Брод, Центар Жупа и Вевчани.

## 1.4 Просторна разместеност по општини

Просторната разместеност се однесува на бројот на жители по општини и процентуалното учество во вкупниот број во ЈЗПР. Разместеноста се анализира структурно, по бројот и учеството на урбаното и руралното население во општини. Во овој контекст, подолу е дадено движењето на населението.

### *1.4.1 Разместеност на населението по општини*

Разместеноста на населението по општини за ЈЗПР е дадена за последната (2019) година, според достапните податоци од страна на официјалната статистика. Тие ги откриваат демографските потенцијали на секоја општина поединечно, па оттука треба да се разгледуваат и различните потребите на населението, согласно нивното учество во Регионот. Податоците се дадени во таб.бр.7

Таб.бр. 7 Разместеност на населението по општини, 2019 г.

| Регион/Општини | број на жители | учество (%) |
|---|---|---|
| ЈЗПР | 219.379 | 100 |
| Вевчани | 2.415 | 1.1 |
| Дебар | 21.023 | 9.6 |
| Дебрца | 3.705 | 1.7 |
| Кичево | 56.621 | 25.8 |
| Македонски Брод | 6.018 | 2.7 |
| Охрид | 51.434 | 23.4 |
| Пласница | 4.968 | 2.3 |
| Струга | 66.058 | 30.1 |
| Центар Жупа | 7.137 | 3.3 |

Извор: ДЗС

Од презентираните податоците се гледа дека, во вкупното население од 219.379 на ниво на ЈЗПР, најголемо е учеството на Струга со 66.058 жители, односно 30.1% од вкупната популација на ниво на Регионот. Следи општината Кичево со 56.621 жители - 25.8%, па Охрид со 51.434 жители, што е учество од 23.4%. Општина Дебар има 21.023 жители, или 9.6%, а останатите - Центар Жупа, Македонски Брод, Пласница, Дебрца и Вевчани имаат забележително помал број на жители и учество (од 11.1%) во вкупната популација на ниво на Регионот.

### *1.4.2 Разместеност на урбаното и рурално население*

Југозападниот плански регион опфаќа девет општини од кои пет (Охрид, Струга, Кичево, Дебар и Македонски Брод) имаат карактер на урбани средини, а останатите четири (Вевчани, Дебрца, Пласница и Центар Жупа) се рурални единици на локална самоуправа. Но, и кај урбаните општини, (при што карактеристични се Струга и Македонски Брод), има голем број населени места, што имаат карактер на рурални средини и се распространети на поголемата територија од ЈЗПР.

Нешто помалку изразена дисперзираност на такви населби има во Дебар и Охрид, според што - Регионот може да се каже дека нема чист карактер, туку има население кое, претежно, живее во и околу урбаните центри, но и во руралните средини. Врз основа на разликата помеѓу вкупниот број на жители во односната општина и градот се дојде до определување на бројот на руралната популација. Овие податоци се дадени во следнава табела.

Таб. бр. 8 Обем и структура на урбаното и руралното население по општини во ЈЗП, 2019

| Општина/Регион | Урбано | % | Рурално | % | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Вевчани | / | / | 2.433 | 100 | 2.433 |
| Дебар | 14.501 | 74.20 | 5.041 | 25.80 | 19.542 |
| Дебрца | / | / | 5.507 | 100 | 5.507 |
| Кичево | 30.138 | 53.12 | 26.596 | 46.87 | 56.734 |
| Македонски Брод | 3.740 | 52.37 | 3.401 | 47.63 | 7.141 |
| Охрид | 42.033 | 75.40 | 13.716 | 24.60 | 55.749 |
| Пласница | / | / | 4.545 | 100 | 4.545 |
| Струга | 32.120 | 50.68 | 31.256 | 49.32 | 63.376 |
| Центар Жупа | / | / | 6.519 | 100 | 6.519 |
| ЈЗПР | 122.532 | 61.15 | 99.014 | 38.85 | 221.546 |

Извор: ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека во ЈЗПР преовладува населението (122.532) што живее во градските средини, што е 61.15 % од вкупниот број на жители во ЈЗПР. Во три општини – Охрид, Струга и Кичево сконцентрирани се 104.291 жители. Доминантно место во поглед на застапеноста на руралното население бележат Струга (31.256) и Кичево (26.596), а потоа следат општините Охрид (13.716), Дебар (5.041) и Македонски Брод (3.401). Во неколкуте општини што се окарактеризирани како рурални - Центар Жупа (6.519), Пласница (4.545) и Дебрца (5.507) и Вевчани (2.433) живеат 19.004 жители, или 8.57% од вкупната популација во Регионот.

## 1.5 Густина на населеност

Густината на населеноста на ЈЗПР го изразува бројот на жители на км$^2$. За да можат да се извлечат релевантни заклучоци, овој показател е спореден со густината на ниво на РСМ и другите плански региони. Овие показатели и односи се дадени во таб.бр.9.

Таб. бр. 9 Густина на население во ЈЗПР и другите плански региони и РСМ, 2019

| | РСМ | **ЈЗПР** | СПР | ИПР | ЈИПР | ПеПР | ПоПР | СИПР | ВПР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Густина на km$^2$ | 83. 3 | **65.8** | 347.1 | 49.5 | 63.3 | 48.4 | 133.3 | 76.3 | 37. 6 |

Извор ДЗС

Од табеларниот преглед може да се констатира дека густината на населението во ЈЗПР е 65.8 жители на км$^2$, што значи дека се работи за помала просечна густина од онаа на државно ниво (83.3 км$^2$). Во споредба со другите плански региони густината е забележително помала од Скопскиот (347.1 км$^2$), Полошкиот (133.3 км$^2$) и Североисточниот плански регион (76.3 км$^2$). За разлика од овие показатели, густината на жителите во ЈЗПР е поголема од Источниот (49.5 км$^2$), Пелагонискиот (48.4 км$^2$) и значајно поголема од Вардарскиот плански регион (37.6 км$^2$). Може да се констатира дека се работи за оптимална средна вредност што претставува позитивна развојна околност имајќи го во вид капацитетот на просторот.

## 1.6 Структурни белези на населението

Структурните белези се однесуваат на половите, возрасните и образовните особености/карактеристики на населението во ЈЗПР. Анализата треба да го отслика балансот на овие категории на популацијата и во таа смисла да ги утврди потребите во понатамошните развојна цели.

### *1.6.1 Полова структура*

Анализата ја отсликува половата структура по општини и застапеноста на ЈЗПР на ниво на РСМ. Таа е важна за да може да се запази родовата еднакост при планирањето на развојните потреби на населението.

#### *1.6.1.1 Полова структура на ниво на ЈЗПР*

Половата структура го одразува соодносот на машката и женската популација, и нивното учество во вкупното население на Регионот. За да може да се донесе заклучок за застапеноста на тие односи, споредбата е направена со соодветната структура на ниво на државата. Овие параметри и односи се дадени во таб.бр.10

Таб.бр.10 Полова структура на населението во ЈЗПР и РСМ, 2019 г.

| пол | РСМ | % | ЈЗПР | % |
|---|---|---|---|---|
| Женски | 1.036.475 | 49.9 | 109.454 | 49.8 |
| Машки | 1.039.742 | 50.1 | 110.168 | 50.2 |
| Вкупно | 2.076.217 | 100 | 219.622 | 100 |

Извор: ДЗС

Анализата на податоците покажува дека нема забележителни отстапувања во поглед на родовата застапеност на регионално и национално ниво. Учеството на машката популација, на ниво на Регионот, изнесува 110.168 (50.2%), додека на женската популација е 109.454 (49.8%), или 0.4% помалку во однос на машката популација. Регионот е со слични карактеристики на родова застапеност со онаа на ниво на РСМ, каде отстапувањето е 0.2% на мажите во однос на жените.

*1.6.1.2 Полова структура по општини*

Половата структура ја покажува разместеноста на популацијата по општини во ЈЗПР. Овие податоци се дадени во таб.бр.11

Таб.бр.11 Полова структура на населението по општини, 2019

| | | 2019 |
|---|---|---|
| | | Вкупно |
| Вевчани | вкупно | 2.415 |
| | мажи | 1.235 |
| | жени | 1.180 |
| Дебар | вкупно | 21.023 |
| | мажи | 10.810 |
| | жени | 10.213 |
| Дебрца | вкупно | 3.705 |
| | мажи | 1.871 |
| | жени | 1.834 |
| Кичево | вкупно | 56.621 |
| | мажи | 28.591 |
| | жени | 28.030 |
| Македонски Брод | вкупно | 6.018 |
| | мажи | 3.156 |
| | жени | 2.862 |
| Охрид | вкупно | 51.434 |
| | мажи | 25.161 |
| | жени | 26.273 |
| Пласница | вкупно | 4.968 |
| | мажи | 2.551 |
| | жени | 2.417 |
| Струга | вкупно | 66.058 |
| | мажи | 33.059 |
| | жени | 32.999 |
| Центар Жупа | вкупно | 7.137 |
| | мажи | 3.641 |
| | жени | 3.496 |

Извор: ДЗС

Од податоците во таб.бр.11 може да се види дека, во скоро сите општини, застапеноста на машкото население е за мал степен поголема во однос на женската популација. Остапување е забележано само во општината Охрид во корист на женската популација од (51.08%). Генералните регионални параметри укажуваат на еднаква разместеност/застапеност на машката и женската популација по општини, што е во контекстот/рамката на соодветната структура на ниво на државата.

## *1.6.2 Возрасна структура на населението*

Возрасната структура се однесува на определените старосни категории на населението, нивната застапеност и движењето на просечната возраст на населението на општинско и регионално ниво. Преку анализата на овие податоци може да се утврди

демографската слика на Регионот, потенцијалот на популацијата и планирањето на потребите соодветно на структурата на населението.

### *1.6.2.1 Застапеноста на возрасните категории популација, 2018*

Анализата за учеството на возрасните категории на население во ЈЗПР дадени се споредбено со соодветната структура во РСМ. Овие односи се презентирани во таб.бр.12

Таб.бр.12 Процентуално учество на возрасни категории население во ЈЗПР и РСМ

| | РСМ (%) | ЈЗПР(%) |
|---|---|---|
| Население на возраст од 0-14 г. | 16.4 | 14.6 |
| Население на возраст од 15-64 г. | 69.7 | 73.2 |
| Население на возраст од 65 + г. | 13.9 | 12.2 |

Извор: ДЗС

Анализата покажува дека учеството на возрасната популација од 15 до 64 години преовладува и изнесува 73,2% во ЈЗПР. Во споредба со застапеноста во РСМ (69.7%), таа има поголемо учество, односно разликата изнесува 3.5%. Ова е позитивно затоа што се работи за категоријата на работоспособно население, кое претставува развоен потенцијал на ЈЗПР. Процентот на највозрасната категорија - над 65 години изнесува 12,2% и во однос на РСМ (13,9%) е помал за 1.7%, што исто така претставува позитивна - поволна - околност. Процентот на најмладите изнесува 14.6%, а на ниво на РСМ е 16.4%. Со оглед на тоа дека тие влегуваат во категоријата на издржувани лица и оваа вредност може да се оцени како позитивна за Регионот.

### *1.6.2.2 Просечна возраст на населението и нејзино движење*

Анализата на просечната возраст на населението и нејзино движење овозможува да се добијат сознанија и за овие карактеристики на популацијата, и во тој контекст дадени се споредбени податоци за ЈЗПР во однос на РСМ. Движењето на просечната возраст на населението за последните три години е дадено во таб.бр.13.

Таб.бр.13 Движење на просечната возраст на населението, 2016-2018

| | РСМ | | | ЈЗПР | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | 2016 | 2017 | 218 | 2016 | 2017 | 2018 |
| Просечна возраст на населението | 38.7 | 39.0 | 39.2 | 38.1 | 38.4 | 38.7 |

Извор: ДЗС

Податоците за просечната возраст на населението покажуваат дека во последните три години таа во ЈЗПР изнесува 38.4, додека во РСМ е 39 г., што значи дека Регионот има просечно помлада популација, што е позитивна околност за ЈЗПР. Но, треба да се спомене дека просечната возраст во последните три години се зголемува за 0.3%. Ваквата динамика е присутна и во РСМ, што значи дека и ЈЗПР е дел од општиот процес на стареење на населението, што секако може да се оцени како негативна тенденција. Треба да се нагласи

дека зголемувањето на просечната старост на населението за 0.3 години во ЈЗПР (а во РСМ за 0.2 г.) е неповолен податок за Регионот.

### *1.6.3 Образовни структурни белези на населението*

Образовната структура на населението е значаен развоен фактор на ЈЗПР, а со цел да се согледаат состојбите во оваа сфера, анализата ги опфаќа обемот и структурата во основното и средното образовние, завршените ученици и дипломираните студенти.

#### *1.6.3.1 Обем и структура на учениците во основните училишта*

Обемот и структурата на учениците во основните училишта се дадени по пол и застапеност по општини. Овие податоци се дадени во таб.бр.14

Таб.бр.14 Ученици во основни училишта, по пол и општини во учебната 2019/2020

| 2019/2020 | | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Ученички | Ученици |
| РС Македонија | 187.240 | 90.500 | 96.740 |
| Вевчани | 207 | 94 | 113 |
| Дебар | 2.005 | 988 | 1.017 |
| Дебрца | 199 | 88 | 111 |
| Кичево | 3.547 | 1.696 | 1.851 |
| Македонски Брод | 481 | 245 | 236 |
| Охрид | 4.530 | 2.169 | 2.361 |
| Пласница | 538 | 254 | 284 |
| Струга | 5.412 | 2.661 | 2.751 |
| Центар Жупа | 528 | 260 | 268 |
| Вкупно во ЈЗПР | 17.447 | 8.455 | 8.992 |

Извор: ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека вкупниот број на ученици во основните училишта во ЈЗПР изнесува 17.447, притоа од машки пол се 8.992, што е нешто повеќе во однос на женските ученици (8.455). Според просторната разместеност најголем број на ученици има во општините: Струга, Охрид , Кичево и Дебар, по што следат: Пласница, Центар Жупа, Македонски Брод, Вевчани и Дебрца. Анализата покажува дека во сите општини, со исклучок на Македонски Брод, бројот на ученици од машки пол е поголем во однос на оние од женски пол.

#### *1.6.3.2 Обем и структура на учениците во средните училишта*

Обемот и структурата на учениците во средните училишта ја опфаќа полова застапеност и разместеноста по општини, и овие податоци се дадени во таб.бр.15

Таб.бр.15 Ученици во средните училишта, по пол и по општини во учебната 2019/2020

| | Вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|
| РС Македонија | 69.980 | 33.683 | 36.297 |
| Дебар | 603 | 325 | 278 |
| Кичево | 1.458 | 705 | 753 |
| Македонски Брод | 97 | 55 | 42 |
| Охрид | 2.017 | 955 | 1.062 |
| Струга | 2.325 | 1.154 | 1.171 |
| Центар Жупа | 73 | 25 | 48 |
| Вкупно во ЈЗПР | 6.573 | 3.219 | 3.354 |

Извор: ДЗС

Во средните училишта во ЈЗПР има 6.573 ученици, притоа од машки пол се 3.354, што е нешто поголема бројка во однос на женскиот (3.219). Според просторната разместеност најголем број на ученици има во општините: Струга, Охрид , Кичево и Дебар, а следат Македонски Брод и Центар Жупа. Анализата покажува дека во сите општини, со исклучок на Дебар и Македонски Брод, учениците од машки род се повеќе застапени во однос на оние од женски пол.

### *1.6.3.3 Учество на бројот на ученици што го завршиле средното образование*

Учеството на учениците што го завршиле средното образование се однесува на ЈЗПР во однос на РСМ, и истовремено го илустрира соодносот со другите плански региони. Овие параметри се дадени во таб.бр.16.

Таб.бр.16 Учество на бројот на ученици што го завршиле средното образование во 2018 г.

| Регион | **ЈЗПР** | ВПР | ИПР | ЈИПР | ПеПР | ПоПР | СИПР | СПР | **РСМ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Завршено средно образование (%) | 9.3 | 6.4 | 8.0 | 6.8 | 11.0 | 15.8 | 9.3 | 33.4 | **100** |

Извор: ДЗС

Од податоците во таб.бр.16 се гледа дека ЈЗПР учествува со 9.3% во вкупниот број на ученици кои го завршиле средното образование, што е иста вредност со Североисточниот плански регион. Забележително е заостанувањето зад Скопскиот плански регион, што е и нормално со оглед на големата концентрација на средни училишта во Скопје, а нешто помало е заостанувањето зад Полошкиот и Пелагонискиот плански регион. ЈЗПР има поголемо учество во однос на Источниот, Југоисточниот и Вардарскиот плански регион.

### *1.6.3.4 Структура на средните училишта*

Оваа структура се однесува на редовните средни училишта, учениците и наставниците, и согласно изнесените показатели дадена е можност за компаративно согледување на параметрите во ЈЗПР во однос на РСМ. Истите се дадени во таб.бр.17

Таб.бр.17 Редовни средни училишта, паралелки, ученици, наставници,

| | Училишта | Паралелки | Ученици-вкупно | Наставници- вкупно |
|---|---|---|---|---|
| РС Македонија | 130 | 3.523 | 69.980 | 7.345 |
| Југозападен плански регион | 14 | 378 | 6.573 | 781 |

Извор: ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека во ЈЗПР има вкупно 14 средни училишта, што е 10.8% во вкупниот број на образовни институции во РСМ (130). Бројот на паралелки изнесува 378, што е учество од 10.8% на ниво на РСМ, односно исто како и кај училиштата. Во ЈЗПР има 6.573 ученици, што е 9.4% на ниво на РСМ, а нешто слично е и учеството според бројот на наставници. Така, во ЈЗПР нивниот број е 781, што е процентуално учество на ЈЗПР од 10.6% во однос на 7.345 наставници на ниво на државата. Овие структурни показатели укажуваат на издржано ниво на квалитет на услугите во образовниот процес во ЈЗПР.

#### *1.6.3.5 Обем и структура на дипломирани студенти според степенот на студии, пол и општина на постојано живеење*

Лицата со завршено високо образование се еден од најзначајните фактори за развојот од аспект на изграден човечки потенцијал. Овие состојби се презентирани во таб.бр.18

Таб.бр.18 Дипломирани студенти според степенот на студии, пол и според местото (општината) на постојано живеење, 2018 г.

| | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| РС Македонија | 7.263 | 2.900 | 4.363 |
| Вевчани | 10 | 3 | 7 |
| Дебар | 61 | 28 | 33 |
| Дебрца | 5 | 2 | 3 |
| Кичево | 159 | 63 | 96 |
| Македонски Брод | 18 | 4 | 14 |
| Охрид | 243 | 106 | 137 |
| Пласница | 3 | 3 | / |
| Струга | 166 | 64 | 102 |
| Центар Жупа | 4 | 2 | 2 |
| Вкупно во ЈЗПР | 669 | 275 | 394 |

Извор:ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека во анализираната година вкупниот број на дипломирани студенти изнесува 669, што е околу 10% на ниво на РСМ. Поголемиот дел од дипломираните се жени, односно 394, наспроти 275 мажи. Во општински рамки најголем број на дипломирани студенти има во Охрид - 243, во Струга - 166 , Кичево - 153 и Дебар 61 студент. Во останатите општини бројот на дипломирани студенти е релативно помал.

Бројот на дипломците – жени е поголем во сите општини, што секако е позитивно од аспект на родовата еднаквост во ЈЗПР.

Таб.бр.19 Дипломирани студенти според степенот на студии, пол и според местото (општината) на постојано живеење, 2018 г.

| | Стручни студии | | | Академски студии | | | Интегрирани студии | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| РС Македонија | 383 | 112 | 271 | 6495 | 2677 | 3818 | 385 | 111 | 274 |
| Вевчани | 3 | 1 | 2 | 5 | 2 | 3 | 2 | / | 2 |
| Дебар | 1 | / | 1 | 58 | 27 | 31 | 2 | 1 | 1 |
| Дебарца | / | / | / | 4 | 1 | 3 | 1 | 1 | / |
| Кичево | 9 | 2 | 7 | 145 | 61 | 84 | 5 | / | 5 |
| М.Брод | 2 | - | 2 | 16 | 4 | 12 | / | / | / |
| Охрид | 9 | 3 | 6 | 224 | 98 | 126 | 10 | 5 | 5 |
| Пласница | 1 | 1 | / | 2 | 2 | - | / | / | / |
| Струга | 10 | 4 | 6 | 149 | 59 | 90 | 7 | 1 | 6 |
| Центар Жупа | / | / | / | 3 | 2 | 1 | 1 | / | 1 |
| Вкупно | 35 | 11 | 24 | 606 | 256 | 350 | 28 | 8 | 20 |

Извор:ДЗС

Во поглед на степенот на завршените студии преовладуваат академските со 606 дипломирани лица во однос на стручните и интегрираните студии. И тука поголема е застапеноста на женскиот во однос на машкиот пол.

Таб.бр.20 Број на дипломирани студенти во ЈЗПР, другите ПР и РСМ, 2018 (000 жители)

| Регион | **ЈЗПР** | ВПР | ИПР | ЈИПР | ПеПР | ПоПР | СИПР | СПР | ***РСМ*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дип.студенти | 3.6 | 3.5 | 3.8 | 3.4 | 4.7 | 3.2 | 3.2 | 4.6 | 3.9 |

Извор:ДЗС

Од таб.бр.20 се гледа дека бројот на дипломирани студенти во ЈЗПР изнесува 3.6 на 1.000 жители, што е пониско од нивото на РСМ. Во однос на другите - Регионов заостанува зад Пелагонискиот, Скопскиот и Источниот, а има поголемо учество од Вардарскиот, Југоисточниот, Полошкиот и Североистичниот плански регион.

## 1.7 Миграциски движења

Миграциските движења се еден од најважните/најзначајни фактори во демографските движења, со негативна конотација, затоа што станува збор за отселување/заминување на претежно работоспособно население кое е еден од развојните столбови на општеството. Состојбата со миграцијата е дадена за последната година за која се достапни податоците, а се однесува на обемот на отселени граѓани на ниво на ЈЗПР, и поодделно по општини.

### *1.7.1 Отселени граѓани*

Анализата на емиграциските карактеристики на населението опфаќа отселеност во 2019 година. Таа се однесува на апсолутниот обем во ЈЗПР кој се споредува со годишниот обем во РСМ.

Таб. бр. 21 Обем на отселени граѓани во ЈЗПР и РСМ

| 2019 | |
|---|---|
| | Вкупно |
| РС Македонија | 3.241 |
| Југозападен плански региион | 442 |

Извор:ДЗС

Податоците во Таб.бр.21 покажуваат дека во последната година од ЈЗПР се отселиле вкупно 442 жители, што е 13.6% на национално ниво. Ако се има предвид дека ЈЗПР во вкупниот број на жители учествува со 10.6%, може да се констатира дека станува збор за интензитет на отселување кој е над нивото на РСМ.

### *1.7.2 Миграции во ЈЗПР по општини*

Миграциските карактеристики на ЈЗПР се анализирани според општинската разместеност бидејќи постои разлика во обемот на овие процеси. На овој начин се определуваат најголемите имиграциски и емиграциски тенденции по општини во ЈЗПР, а податоците се однесуваат како на внатрешен, така на меѓународен план, и истите се дадени во таб.бр.22

Таб. бр. 22. Обем на вкупно доселени, отселени, и миграциско салдо по општини, 2018 г.

| Општина | Доселени | Отселени | Миг.салдо | Досел. од РСМ | Отсел. во РСМ | Миг. салдо | Досел. од странство | Отсел.во странство. | Миг. салдо |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вевчани | 5 | 14 | -9 | 5 | 14 | -9 | 0 | 0 | 0 |
| Дебар | 65 | 65 | 0 | 26 | 37 | -11 | 11 | 0 | 11 |
| Дебрца | 30 | 41 | -11 | 27 | 38 | -11 | 0 | 0 | 0 |
| Кичево | 126 | 133 | -7 | 89 | 133 | -44 | 37 | 0 | 37 |
| М. Брод | 32 | 53 | -21 | 17 | 41 | -24 | 3 | 0 | 3 |
| Охрид | 335 | 262 | 73 | 243 | 171 | 72 | 1 | 0 | 1 |
| Пласница | 19 | 25 | -6 | 8 | 16 | -8 | 2 | 0 | 2 |
| Струга | 352 | 394 | -42 | 101 | 143 | -42 | 0 | 0 | 0 |
| Ц. Жупа | 22 | 26 | -4 | 7 | 13 | -6 | 2 | 0 | 2 |
| ЈЗПР | 986 | 1013 | -27 | 523 | 606 | -83 | 56 | 0 | 56 |

Извор:ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека постои изразита миграциска динамика во сите општини во ЈЗПР ,  при што преовладува процесот на иселување. Статистички гледано

единствена општина која бележи позитивно миграциско салдо во ЈЗПР е Охрид каде бројот на доселени е поголем од оној што се отселил, и истиот изнесува 73. Општината Дебар има ист вкупен број на доселени и отселени граѓани. Најголемо негативно миграциско салдо има општина Струга, а потоа следат Македонски Брод, Дебрца, Вевчани, Кичево, Пласница и Центар Жупа.

Миграциите - во и од други места од РСМ покажуваат единствено позитивно салдо во Охрид - 72. Овој град бележи и најголем број на отселени лица во други места во РСМ, но и останатите општини од Регионот имаат негативно миграциско салдо. Па така, највисоко миграциско салдо има општина Кичево во која се доселиле 89, а се отселиле 133 жители во други места во РСМ. Следи општина Струга од која се отселиле 143 жители, а се доселиле 101 жители. Негативното салдо е -42. Во овој поглед, општината Македонски Брод е изразито емиграциска, каде негативното салдо изнесува -24. Следат Дебар и Дебрца со салдо од по -11, Вевчани со -9, Пласница со -8 и Центар Жупа со -6.

Карактеристично е дека во поглед на миграциите -во и од странство преовладуваат општините со позитивно салдо. Општината Кичево има највисоко позитивно миграциско салдо од 37. Од оваа општина во 2018 г. нема отселеници, а се доселиле колку што е и салдото. Во овој поглед следи општината Дебар со миграциско салдо од 11 жители-доселеници од странство, а отселени нема. Во останатите општини ваквите движења се симболични и се јавуваат во Македонски Брод (3), Пласница (2) и Центар Жупа (2).

### 1.8 Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Обемот на население претставува значаен фактор за развојот на Регионот | - Популацијата треба да се стави во функција на економскиот и социјалниот развој |
| Динамиката е во согласност со општите движења во рамките на РСМ, при што присутно е намалување на вкупната популација и на природниот прираст.<br>Присутна е различна разместеност општини:<br>- бројот на жители се зголемува во Дебар, Пласница, Струга и Центар Жупа, додека бројот опаѓа во: Вевчани, Дебрца, Кичево, Македонски Брод и Охрид. Освен Кичево овие општини се изразито депопулациски средини. | - Промена на политиката на демографски развој со воведување стимулативни мерки за рамномерен демографски развој по општини |

| | |
|---|---|
| Густината на населеноста е помала од онаа на ниво на државата. | -Позитивна развојна околност е што капацитетот на просторот може да се активира во функција на подобри услови за живеење. |
| Полова структура покажува балансиран однос на ниво на Регионот, но и по општини. | -Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на половата рамноправност во економската и социјалната сфера. |
| Регионот има просечно помлада популација во однос на РСМ, при што преовладува работоспособната популација на возраст од 15 до 64 години. | -Погодност за вклучување во развојните процеси на работоспособната популација, и зголемување на стапката на вработените лица. |
| Регионот има поволна образовна структура а значајно е што бројот на дипломците – жени е се поголем во сите општини на ЈЗПР. | -Основа за вклучување на едуцираната популација во работните процеси. Високо образовната жена е поттик за родовата рамноправност и еманципација. |
| Загрижувачки интензитет на отселување кој е над нивото на РСМ.<br>По општини негативно миграциско салдо имаат Струга, Македонски Брод, Дебрца, Вевчани, Кичево, Пласница и Центар Жупа. | -Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности; Подигнување на социјалните услови на повисоко ниво; Решавање на станбените прашања со урбанизација на руралните средини и доделување на плацеви по поволни услови во општините со негативно миграциско салдо. |

# 2. Економски карактеристики

Економските карактеристики на ЈЗПР се дефинирани како фундаментални развојни параметри, при што анализата го опфаќа следниве категории: домашен бруто производ, домашен бруто производ по жител, бруто додадена вредност по дејности, инвестиции во основни средства, инвестиции според секторите на дејност и активни деловни субјекти.

## 2.1 Вкупен бруто домашен производ

Преку БДП се определува нивото на развој, и притоа анализата ги опфаќа апсолутните износи и учеството што го има Регионот во вкупниот БДП на државно ниво. Овие показатели се дадени во таб.бр.23

Таб. бр 23 Бруто домашен производ (во милиони денари)

| | 2016 | % | 2017 | % | 2018 | % | 2019 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РС Македонија | 594.794 | 100 | 618.106 | 100 | 660.878 | 100 | 689.425 | 100 |
| Југозападен плански регион | 48.810 | 8.2 | 52.486 | 8.5 | 55.104 | 8.3 | 56.848 | 8.2 |

Извор: ДЗС

Во структурата на БДП, на ниво на целата економија, во 2019 г., ЈЗПР учествува со 8.2%, или во апсолутни бројки со 56.848 милиони денари. Ова е крајно скромно учество, што е на самото дно, споредбено со другите региони во РСМ.

## 2.2 Бруто домашен производ по жител

Анализата го опфаќа обемот и динамиката на развој на Регионот, и притоа односните податоци дадени се во таб.бр.24

Таб.бр.24 Бруто домашен производ по жител (во денари)

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| РС Македонија | 286.995 | 297.954 | 318.309 | 331.982 |
| Југозападен плански регион | 222.133 | 238.895 | 250.902 | 259.131 |

Извор: ДЗС

БДП по глава на жител во ЈЗПР, во 2019 г., е 78.05% од просекот на национално ниво, и истиот има стагнантен карактер, односно има мали осцилации: во 2018 е 78.8%, во 2017 е 80.1% и 2016 година е 77.4%. Главната карактеристика на БДП во Југозападниот плански регион е неговата стагнација во однос на другите плански региони и се наоѓа на шесто место од осумте плански региони. За целиот период, понизок БДП по жител имаат само два региони – Полошкиот и Североисточниот плански регион.

Индексот на БДП по глава на жител во Југозападниот плански регион за периодот од 2016 до 2019 година е 116.6, додека на ниво на национална економија за истиот период е 115.6, а на сите други региони индексот е помал од тој на Југозападниот плански регион, но

е повисок од тој на ниво на национална економија (со исклучок на Источниот плански регион каде тој е 108.9). Може да заклучиме дека динамиката на пораст на БДП во Југозападниот плански регион е најизразена во однос на сите други региони, но таа е многу слаба (од 3.02 до 7.5 индексни поени) и не овозможува значаен исчекор во интензитетот на зголемување на учеството на Југозападниот плански регион на национално ниво.

## 2.3 Секторска анализа на бруто додадена вредност

Податоците за бруто додадената вредност по определени дејност се значајни за идентификување на структурните карактеристики на Југозападниот плански регион. Движењето на ваквиот показател е важно со цел да се согледа дали стопанството на Регионот доживува структурни трансформации преку зголемување на дејностите со повисоко ниво на техничко-технолошки карактеристики, односно градење структура која ќе води кон трансформација во согласност со четвртата техничко-технолошка револуција. Податоците за бруто додадена вредност по дејности се дадени во таб.бр.25

Таб.бр.25 Бруто додадена вредност по дејности, 2019 (во милиони денари)

| **Шифра** | **Дејност (и)** | **2019 г.** | | **Учество на ЈЗПР** |
|---|---|---|---|---|
| | | РСМ | ЈЗПР | % |
| | **Вкупно додадена вредност** | **598.204** | **49.326** | **8.2** |
| А | Земјоделство, шумарство, рибарство | 55.477 | 2.069 | 3.7 |
| Б,В,Г,Д | Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија , гас, пареа и климатизација | 123.854 | 8.618 | 6.9 |
| Ѓ | Градежништво | 38.161 | 2.531 | 6.6 |
| Е,Ж,З | Трговија на големо и мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 139.773 | 15.078 | 10.7 |
| Ѕ | Информации и комуникации; | 25.520 | 408 | 1.6 |
| И | Финансиски дејности и дејности на осигурување; | 19.221 | 1.980 | 10.3 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот; | 68.399 | 9.417 | 13.8 |
| К,Л | Стручни , научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности; | 25.953 | 1.111 | 4.3 |
| Љ,М,Н | Јавна управа и одбрана; Задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита; | 82.027 | 6.739 | 8.2 |
| Њ,О | Уметност, забава и рекреација, Други услужни дејности; | 19.819 | 1.376 | 7.0 |

Извор: ДЗС

Може да се констатира дека учеството на дејностите од примарното производство од ЈЗПР на национално ниво е на многу ниско ниво. Така земјоделството заедно со шумарството и рибарството учествува во создавањето на додадената вредност со околу 3.7%.

Дејностите од секундарниот сектор (Б,В,Г,Д) се со учество од 6.9%. Интересно е дека учеството на градежништвото (6.6%) е помало од дејноста со промет со недвижен имот (услуги), кое учествува со 13.8%. Поважните дејности од терциерниот сектор (Е,Ж,З,И,Ј) учествуваат во создавањето на додадената вредност со 34.8%. Може да се констатира дека е занемарливото учеството на дејноста информации и комуникации (1.6%). Со оглед на интензивната динамика на овој сектор реално е да се очекува во периодот до 2025 да има забележителен скок во учеството во БДВ.

## 2.4 Инвестиции во основни средства

Инвестициите во основни средства се важен индикатор за активностите во економијата. Истите ја зголемуваат капиталната опременост на деловните субјекти, се основа на економскиот растеж и зголемена продуктивност. Инвестициите на основните средства се дадени во таб.бр.26

Таб.бр.26 Инвестиции во основни средства (во милиони денари)

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| РС Македонија | 145.040 | 139.018 | 132.387 | 146.078 |
| Југозападен плански регион | 14.466 | 17.174 | 13.678 | 15.377 |

Извор: ДЗС

Анализата на податоците во таб.бр.26 покажува дека во ЈЗПР инвестициите во основни средства во 2016 година се во износ од 14.446 милиони денари и тоа е 9.97% од износот во националната економија. Добро е што има пораст во однос на 2014 година кога учеството на Југозападниот плански регион, во инвестициите во основни средства на националната економија, било 7.67%. Во 2019 година Југозападниот плански регион има бруто инвестициите во основни средства од 10.5 % на ниво на државата, и е на второ место од планските региони, но заостанува зад Скопскиот регион кој апсорбира над 50% од инвестициите.

## 2.5 Секторски инвестиции во основни средства

Анализата на инвестициите во основни средства според секторите на дејност се потпира на податоците кои се компаративно презентирани, односно дадени за ЈЗПР во однос на РСМ за 2019 г. Тие се дадени во таб.бр.27

Таб.бр.27 Инвестиции во основни средства според секторите на дејност, 2019 (во мил.денари)

| Шифра | Дејност (и) | 2019 г. | |
|---|---|---|---|
| | | РС Македонија | Југозападен плански регион |
| | **Вкупно инвестиции** | **146.078** | **15.377** |
| А | Земјоделство, шумарство, рибарство | 4.067 | 368 |
| В,Г,Д | Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, снабдување со вода, управување со отпад, санација на околината | 33.175 | 2.164 |
| Ѓ | Градежништво | 53.702 | 11.287 |
| Е,Ж,З | Трговија на големо и на мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 25.727 | 724 |
| Ѕ | Информации и комуникации | 8.069 | 239 |
| И | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 1.739 | 81 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот; | 874 | 0 |
| К,Л | Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | 3.196 | 38 |
| Љ,М,Н | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | 12.154 | 383 |
| Њ,О | Уметност, забава и рекреација, Други услужни дејности | 3.376 | 92 |

Извор: ДЗС

Во структурата на инвестициите во основни средства дејноста градежништво во Југозападниот плански регион учествувала со 75.54% во 2016, со 83.74% во 2017 и со 78.33% во 2018 година. Инвестициите во основни средства во градежништвото на ниво на национална економија се движат од 36 до 40%. Овие податоци говорат дека инвестициите во основни средства на ниво на национална економија се насочени во неколку области покрај градежништвото, како што се трговијата, транспортот, туризмот и угостителство, па дури и дејности од социјалната сфера, а во Југозападниот плански регион овие дејности имаат занемарливо ниво на инвестиции.

Така, учеството на инвестициите во основни средства во земјоделството во структурата на Југозападниот плански регион е многу ниска - 2.39%, додека на ниво на национална економија тој процент е 2.78%. Ова зборува дека земјоделството е далеку од тоа да премине од екстензивно во интензивно, а тоа значи дека Регионот ќе продолжи да биде увозник на храна од другите региони и од странство. Неповолна е состојбата и со инвестициите во уметноста, забавата и рекреацијата, со што се нарушува соработката со туристичката индустрија. Неповолност за Регионот е ниското ниво на инвестиции во дејностите од социјалната сфера - јавна управа и одбрана, задолжителното социјално осигурување, образованието и дејностите на здравствена и социјална заштита.

## 2.6 Активни деловни субјекти

Анализата на активните деловни субјекти го опфаќа бројот на деловните субјекти систематизирани по бројот на вработени, сферата, односно секторот на работа, нивната големина по остварениот промет, како и флуктуацијата која подразбира нивно отворање и затворање. Податоците се дадени во таб.бр.28

Таб.бр. 28 Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени во 2019 година

| Вработени | РС Македонија | Југозападен плански регион |
|---|---|---|
| 0 | 7.565 | 558 |
| 1 до 9 | 61.265 | 6.423 |
| 10 до 49 | 5.448 | 420 |
| 50 до 249 | 1.404 | 108 |
| 250 и повеќе | 232 | 11 |
| Вкупно | 75.914 | 7.520 |

Извор: ДЗС

Во 2018 година во Југозападниот плански регион бројот на новосоздадени претпријатија е 575 што е 9.1% од новосоздадените претпријатија на национално ниво, додека бројот на згаснати претпријатија е 534 што е 10.9% од националното ниво. Податоците зборуваат дека условите за водење на бизнис се комплицирани и флуктуацијата на отворање и затворање на фирми е интензивна.

Во однос на бројот на активни деловни субјекти во 2019 година, во Југозападниот плански регион, стопанисуваат 9.9% проценти од сите деловни субјекти на национално ниво, а доминантно учество од 85.41% имаат субјектите од 1 до 9 вработени, со што се потврдува фактот дека економијата во Регионот се темели на микро и малите претпријатија.

## 2.7 Продуктивност

Претходно анализираните економски карактеристики не наведуваат да се обидеме да ја согледаме и продуктивноста во Југозападниот плански регион. Во отсуство на подетални информации за планските региони во РС Македонија од една страна, како и постоењето на повеќе типови на мерење на продуктивноста, анализата е направена

индиректно, како однос меѓу БДП и вработените и капитална продуктивност како однос меѓу БДП и инвестициите во основни средства. Податоците за продуктивноста се дадени во таб.бр.29

Таб.бр. 29  Продуктивност на трудот во Југозападниот плански регион, 2016-2017

| | 2016 | | 2017 | |
|---|---|---|---|---|
| | РС Македонија | ЈЗПР | РС Македонија | ЈЗПР |
| Бруто домашен производ (мил. ден.) | 594.794 | 48.810 | 618.106 | 52.486 |
| Работна сила | 948.573 | 97.101 | 954.203 | 98.107 |
| Вработени | 723.602 | 65.158 | 740.851 | 68.130 |
| Бруто плата по вработен | 32.822 | 29.382 | 33.688 | 29.668 |
| Нето плата по вработен | 22 342 | 20 044 | 22 928 | 20 261 |
| Бруто додадена вредност (мил. ден) | 515.601 | 42.311 | - | - |
| Инвестиции во основни средства (мил. ден) | 145.040 | 14.466 | 139.018 | 17.174 |
| Продуктивност на трудот Бруто домашен производ по вработен (000 ден.) | 822 | 749 | 834 | 770 |
| Капитална продуктивност БДП по единица инвестиции во основни средства | 4.1 | 3.4 | 4.5 | 3.1 |
| Однос бруто додадена вредност и нето трошокот за плата | 56.45 | 60.53 | - | - |
| Однос бруто додадена вредност и бруто трошок за плати | 38.42 | 47.67 | - | - |

Извор: ДЗС

Од податоците во табеларниот преглед се гледа дека вкупната работна сила во ЈЗПР во 2016 г. изнесувала 97.101, што е учество од 10.2% на ЈЗПР во РСМ, додека пак во 2017 е 98.107 што претставува зголемување во рамките на овој позитивен тренд и во РСМ. Бројот на вработени во 2017 год изнесува 68.130, или учество од 9.2% во вкупниот број на државно ниво. Тоа значи дека ЈЗПР заостанува зад вработеноста во РСМ. Во поглед на продуктивноста на трудот и капиталната продуктивност во ЈЗПР имаме пониско ниво во однос на РСМ. Трошоците на работната сила и односот на бруто додадена вредност и бруто трошокот за плати е поголем во ЈЗПР во однос на РСМ. Ова упатува на заклучок дека станува збор за негативна коњуктура по најзначајните параметри на продуктивноста на трудот.

**2.8 Клучни наоди**

| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
|---|---|
| По висината на БДП и учеството во РСМ, Регионот е на самото дно. | Неопходно е поефикасно користење на расположивите ресурси за унапредување на економскиот развој. |
| Во креирањето на бруто додадената вредност по сектори и дејности учеството на Регионот во РСМ е изразито ниско. | Ваквата состојба упатува на потреба од подинамичен развој посебно во следниве сектори: Информации и комуникации, градежништво и земјоделство, шумарство и рибарство. |
| Инвестициите во основните средства бележат подинамичен пораст во однос на РСМ, но сепак тие се на многу ниско ниво. | Оваа динамика треба да се забрза, и во овој програмски период треба да се подобрат состојбите, што посебно се однесува на земјоделието. |
| Преовладуваат деловни субјекти од 1 до 9 вработени. | Позитивниот тренд на отварање на МСП треба да продолжи и да се стимулира. Исто така, треба да се подобри деловната клима за да не се затвораат бизнисите. |
| Пониско ниво на продуктивност на трудот и капиталната продуктивност на ЈЗПР во однос на РСМ. | Подобрување и рационално користење на економските, посебно човечките ресурси |

# 3. Пазар на работна сила

Работната сила, односно трудот е еден од основните фактори во производството од кој, заедно со капиталот, зависи репродукцијата и развојот на секоја национална економија. Анализата на состојбите со работната сила во ЈЗПР се однесува на активноста на населението, невработеноста, трошоците на работна сила по вработен и продуктивноста на трудот на вработените.

## 3.1 Активност на населението

Активноста на населението е економска и демографска категорија и притоа анализата ги опфаќа следниве категории: работоспособно население, работна сила, неактивно население, вработени и невработени лица, стапка на активност, стапка на вработеност, стапка на невработеност и вкупно население 0 до 14 години. Овие податоци се анализирани како обем и динамика во ЈЗПР и РСМ.

Таб.бр.30 Активност на населението

| | 2016 | 2017 | 2018 | |
|---|---|---|---|---|
| | Југозападен плански регион | Југозападен плански регион | РС Македонија | Југозападен плански регион |
| Вкупно население на 15 години и повеќе (работоспособно население – лица) | 181.498 | 181.680 | 1.682.702 | 182.441 |
| Работна сила | 97.101 | 98.107 | 957.457 | 101.984 |
| Неактивно население | 84.397 | 83.573 | 725.245 | 80.457 |
| Вработени лица | 34.859 | 68.130 | 758.896 | 71.882 |
| Невработени лица | 59.894 | 55.412 | 348.319 | 55.003 |
| Стапка на активност % | 53.5 | 54.0 | 56.9 | 55.9 |
| Стапка на вработеност | 35.9 | 37.5 | 45.1 | 39.4 |
| Стапка на невработеност | 33.0 | 30.5 | 20.7 | 29.6 |
| Вкупно население 0 до 14 год. | 38.234 | 38.022 | 340.499 | 78.697 |

Извор: ДЗС

Во Југозападниот плански регион за периодот од 2016 до 2018 година може да извлечеме две карактеристики: стапката на активност е втора најниска од планските региони (само пред Полошкиот регион); стапката на невработеност е втора највисока од планските региони (само пред Североисточниот регион). Сето тоа зборува дека во ЈЗПР постои ниско ниво на искористеност на ресурсот - работна сила.

## 3.2 Невработеност

Анализата на невработеноста ја опфаќа оваа категорија, половата структура и нејзиното движење и застапеност во урбаните и руралните средини. Таа е дадена споредбено со РСМ. Овие податоци се дадени во таб. бр.31.

Таб. бр.31 Стапки на невработеност во РС Македонија и во ЈЗПР во %

| | 2016 | | 2017 | | 2018 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | РСМ | ЈЗПР | РСМ | ЈЗПР | РСМ | ЈЗПР |
| Вкупно | 23.7 | 33.0 | 22.4 | 30.5 | 20.7 | 29.6 |
| Мажи | 24.4 | 30.5 | 22.7 | 30.5 | 21.3 | 30.0 |
| Жени | 22.7 | 37.2 | 21.8 | 30.4 | 19.9 | 29.1 |
| Урбан дел | 23.5 | 34.6 | 22.7 | 28.0 | 20.3 | 31.3 |
| Мажи | 24.1 | 29.8 | 23.2 | 28.1 | 21.5 | 33.9 |
| Жени | 22.9 | 41.4 | 22.0 | 28.0 | 18.7 | 27.8 |
| Рурален дел | 24.0 | 31.5 | 22.0 | 32.8 | 21.2 | 28.2 |
| Мажи | 24.7 | 31.1 | 22.3 | 32.6 | 21.1 | 27.0 |
| Жени | 22.5 | 32.4 | 21.6 | 33.2 | 21.5 | 30.5 |

Извор: ДЗС

Од податоците во таб.бр.31 се гледа дека невработеноста во ЈЗПР е поголема од РСМ во сите анализирани години, но охрабрува нејзиното континуирано процентуално намалување. ЈЗПР отстапува и од трендот на ниво на РС Македонија каде што невработеноста на жените е помала од невработеноста на мажите. Ваквиот податок упатува на постоењето на полова неурамнотеженост при работното ангажирање на жените. Во руралните средини невработеноста во ЈЗПР, како во другите региони со исклучок на Скопскиот регион, е поголема кај жените во однос на мажите. Ваквата состојба зборува дека во руралните средини степенот на самовработеност, или улога на домаќинка е поизразена.

## 3.3 Трошоци на работна сила по вработен

Трошоците за работната сила се изразени преку бруто плата по вработен во ЈЗПР и РСМ. Обемот, структурата и динамиката се дадени во таб.бр.32.

Таб.бр.32 Трошоци за работна сила по вработен (во денари)

| **Бруто плата по вработен** | | | |
|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 |
| РС Македонија | 32.822 | 33.688 | 35.625 |
| Југозападен плански регион | 29.382 | 29.668 | 31.550 |
| **Нето плата по вработен** | | | |
| | 2016 | 2017 | 2018 |
| РС Македонија | 22.342 | 22.928 | 24.276 |
| Југозападен плански регион | 20.044 | 20.261 | 21.492 |

Извор: ДСЗ

Трошоците на работодавачите, по основ на бруто плати, во Југозападниот плански регион се помали во однос на просекот на ниво на националната економија. Всушност, поголема исплатена бруто плата по вработен, над националниот просек, има само Скопскиот плански регион. Иста е состојбата и со исплатената нето плата, што значи дека платите во ЈЗПР заостануваат и кај двете категории во однос на РСМ.

Висината на трошоците на работодавачите и нивната структура се дадени во во апсолутни износи во следната табела.

Таб. бр. 33 Годишен просек на трошоците на работодавецот по вработен, според видот на трошоците, во 2016 година (во денари)

| | РС Македонија | Југозападен плански регион |
|---|---|---|
| Вкупна цена на трудот | 398.242 | 317.655 |
| Бруто - плата | 390.057 | 314.052 |
| Дополнителни социјални придонеси | 14.642 | 11.230 |
| Обука и стручно усовршување | 2.126 | 1.373 |
| Други трошоци | 3.354 | 2.592 |
| Минус: субвенции | 21.845 | 17.353 |

Извор: ДЗС

Анализата на податоците во таб.бр.33 покажува дека трошоците на работодавачите во поглед на исплатите за вработените се состојат од издатоците по основ на бруто плата. И во Југозападниот плански регион вложувањата на работодавачите во обуки и стручно усовршување се занемарливи. Тоа има последици по зголемувањето на продуктивноста на работникот, односно нема простор за зголемување на физичкиот обем на производство по вработен. Субвенциите кои ги добиваат работодавачите се дополнителен стимул за зголемување на вработувањето. По бројот на примени субвенции се издвојува Скопскиот регион со 92.430, додека во ЈЗПР се 17.353 денари и истите се нешто пониски од националниот просек кој изнесува 21.845 денари по вработен.

### 3.4 Клучни наоди

| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
|---|---|
| Ниска искористеност на работна сила во Регионот. | Отворање на процесите за подобрување на користењето на релативно - младото и бројно активно население и работна сила. |
| Стапката на невработеност во ЈЗПР е повисока во однос на РСМ. | Зголемување на вработеноста и намалување на стапката на невработеност, преку ревитализација на капацитетите, и отварање на нови работни места. |
| Загрижува стапката на невработеност на женската популација, посебно во руралните средини во Регионот. | Поддршка на секторите во кои женската работна сила има важна улога (земјоделие, туризам, услужни сектори и општествени дејности). |
| Релативно пониски бруто и нето плати и повисоки трошоци на работодавачите. | Поттикнување на инвестициските активности и јакнење на конкурентноста на деловните субјекти. |

# 4. Анализа на социјалниот развој

Анализата на социјалниот развој на ЈЗПР се однесува на состојбата со социјалната парична помош, динамика на учеството на социјалната и детската заштита, обемот на деца и вработени во установи за згрижување и воспитание на деца, односно во детски градинки по општини, ученици-студенти сместени во домови, по пол и општини, основни податоци за домовите за ученици-студенти според училиштето што го посетуваат и вработени во домови-интернати за ученици и студенти.

## 4.1 Корисници на социјалната помош

Анализата на корисниците на социјална помош ги опфаќа носителите на домаќинствата, односно бројот на домаќинства-корисници структуирани по полова припадност и членовите на домаќинството заедно со носителот на паричната помош. Тие се дадени компаративно, во однос на состојбите на ниво на РСМ. Таб.бр.34 ги презентира овие податоци.

Таб.бр.34 Корисници на социјална парична помош, по пол, ЈУГОЗАПАДЕН плански регион, 2016

| | Носител на домаќинството (број на домаќинства) | | | Членови на домаќинството (заедно со носителот) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Жени | Мажи | Вкупно | Жени | Мажи |
| РС Македонија | 29.215 | 7.829 | 21.386 | 111.737 | 52.650 | 59.087 |
| ЈЗПР | 2.795 | 493 | 2302 | 11.053 | 4.231 | 6.822 |

Извор: ДЗС

Од податоците во таб.бр.34 се гледа дека вкупниот број носители на домаќинства - корисници на социјална парична помош, во Регионот, изнесува 2.795, што во однос на РСМ е учество од 9.6%. Преовладува бројот на носители на домаќинствата од машки пол - 2.302, наспроти 493 жени, што како структура е присутна и во РСМ. Вкупниот број членови на домаќинства заедно со носителот кои се корисници на парична помош во ЈЗПР изнесува 11.053, односно 9.9% од вкупниот број во РСМ.

## 4.2 Динамика на учеството на социјалната и детската заштита

Анализата на учеството на социјалната и детската заштита во ЈЗПР ги опфаќа социјалните категории, и овие движења се во споредбен однос со РСМ. Динамиката се однесува на последните три години за кои има достапни податоци, и истите се дадени во таб.бр.35

Таб. бр.35  Динамика на учеството на социјалната и детската заштита во РСМ и ЈЗПР во %, на 000 жители

| | РСМ | | | ЈЗПР | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Год | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |
| Деца 0 до 5 год во градинки/центри за ран детски развој | 23.6 | 23.1 | 26.3 | 32.4 | 34.5 | 42.1 |
| Корисници на додаток за деца од 0 до 18 год. | 2.9 | 2.6 | 2.1 | 3.7 | 4.3 | 2.9 |
| Корисници на посебен додаток, од 0 до 26 годишна возраст | 1.1 | 1.1 | 1.1 | 1.3 | 1.2 | 1.2 |
| Домаќинства-корисници на социјална парична помош на возраст од 18 + | 17.6 | 15.8 | 14.1 | 14.7 | 11.1 | 9.3 |

Извор: ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека процентуалниот износ на деца згрижени во градинки во последната анализирана година изнесува 42.1% на илјада жители. Во овој тригодишен период учеството е зголемено од 32.4% на 42.1%. Кај корисниците на додаток за деца од 0 до 18 г.  забележана е  нестабилност,  затоа што во однос на базната година најпрво дошло до зголемување, за да во последната година дојде до намалување под нивото на базните остварувања. Корисниците на посебен додаток, од 0 до 26 годишна возраст имаат скоро исти параметри и се движат од 1.2 до 1.3% на 1000 жители. Кај домаќинствата корисници на социјална парична помош на возраст од 18 и повеќе години дошло до рапидно намалување на учеството од 14.7% на 9.3% во последната анализирана година.

### 4.3 Број на деца и вработени во детски градинки

Обемот на деца и  вработени во установи за згрижување и воспитание на деца , односно во  детски градинки се анализирани според полот и општинската разместеност. Овие податоци се дадени споредбено во РСМ во таб.бр.36

Таб.бр.36  Деца и вработени во установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки, по општини во ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион, 2017

| | Деца | | | Вработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Женски | Машки | Вкупно | Женски | Машки |
| РС Македонија | 35.286 | 17.218 | 18.068 | 4.711 | 4.330 | 381 |
| Вевчани | 43 | 19 | 24 | 10 | 10 | / |
| Дебар | 259 | 124 | 135 | 41 | 35 | 6 |
| Дебрца | / | / | / | / | / | / |
| Кичево | 216 | 95 | 121 | 27 | 23 | 4 |
| Македонски Брод | 86 | 36 | 50 | 26 | 20 | 6 |
| Охрид | 703 | 412 | 291 | 124 | 118 | 6 |
| Пласница | / | / | / | / | / | / |
| Струга | 539 | 244 | 295 | 71 | 64 | 7 |
| Центар Жупа | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 1.846 | 930 | 916 | 299 | 270 | 29 |

Извор: ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека вкупниот број деца згрижени во детските градинки во ЈЗПР во 2017 г. изнесувал 1.846, што е учеството од 5.2% на ниво на РСМ. Односот на машки и женски деца е приближно исти, односно 930 женски наспроти 916 машки. По општини најголем број деца во градинките има во Охрид (703), каде бројот на женски деца (412) е забележително поголем во однос на машките (291). Во општина Струга бројот на деца во градинките изнесувал 539 , од кои поголем број се машки (295), од женски (244). По бројот на деца во градинки следи Дебар со 259, Кичево со 261, Македонски Брод 86 и Вевчани 43.

Вкупниот број на вработени, во овие установи, во ЈЗПР изнесува 299, што е учество од 6.3% во бројот на вработени во РСМ. Во поглед на половата застапеност во овие установи преовладува женската работна сила, што се однесува на сите општини во ЈЗПР во целина, како и во РСМ.

## 4.4 Обем на деца и вработени во установи за згрижување и воспитување на деца

Обемот и половата структура на деца и вработени во установи за згрижување и воспитување на деца е дадена за 2017 г., и истата дава можност за споредување со РСМ. Овие параметри се дадени во таб.бр.37

Таб.бр.37 Деца и вработени во установи за згрижување и воспитание на деца, ЈУГОЗАПАДЕН плански регион, 2017

| | Деца | | | Вработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Женски | Машки | Вкупно | Женски | Машки |
| РС Македонија | 35.286 | 17.218 | 18.068 | 4.711 | 4.330 | 381 |
| Југозападен плански регион | 1.846 | 930 | 916 | 299 | 270 | 29 |

Извор: ДЗС

Од податоците во таб.бр.37 може да се забележи дека во ЈЗПР во 2017 г. во установите за згрижување и воспитување на деца опфатени се 1.846 деца, што во однос на РСМ изнесува само 5.2%, а односот на машки (916) и женски (930) деца е приближно ист. Во РСМ бројот на женски деца изнесува 17.218, а на машките 18.068, што значи дека 850 деца од машки пол се повеќе во однос на женските деца.

## 4.5 Ученици, односно студенти сместени во домови

Анализа на учениците, односно студентите сместени во домовите дадена е по пол и општини за учебната 2019/2020 г. Податоците споредбено со РСМ се дадени во Таб. бр 38.

Таб.бр.38 Ученици и студенти сместени во студентски домови, 2019/2020

| | | Вкупно ученици-студенти |
|---|---|---|
| **РС Македонија** | **Вкупно** | **5.919** |
| | Машки | 3.049 |
| | Женски | 2.870 |
| Македонски Брод | Вкупно | 23 |
| | Машки | 15 |
| | Женски | 8 |
| Охрид | Вкупно | 218 |
| | Машки | 150 |
| | Женски | 68 |
| Струга | Вкупно | 103 |
| | Машки | 78 |
| | Женски | 25 |
| **Вкупно во ЈЗПР** | | **344** |

Извор: ДЗС

Анализата покажува дека вкупниот бројот на ученици или студенти сместени во домови, во 2019/2020, во ЈЗПР, изнесува 344, што е учество од 5.8 на ниво на РСМ. Најголем број се сместени во Охрид (218), каде што преовладува машката популација (150), во однос на женската (68). Во Струга се сместени вкупно 103 ученици/студенти, при што, и во оваа установа, преовладува машката популација со 78, наспроти женската од 25. Најмал број се сместени во Македонски Брод, односно 23, од кои 15 се машки, а 8 женски.

Структурата, според видот на школување, во овие домови покажува застапеност на ученици од средните училишта (227) и факултетите (109). Останатите форми на школување кои користат услуги од овој вид во ЈЗПР не се застапени. Бројот на вработени во овие установи во ЈЗПР изнесуваа 54, што е околу 10% од вработените во установите за домување во РСМ.

## 4.6 Домаќинства и семејства

Семејството е основна клетка на развој на општеството, а со него и домаќинството. Поради тоа потребно е да се презентираат состојбите кои го карактеризираат овој развоен показател преку склучените бракови, услови за живот и домување, како и пензиското и здравственото осигурување.

### *4.6.1 Бракови*

Анализата ги опфаќа браковите од формирањето на семејството, односно просечната возраст за склучување на брак, време на формирање на семејствотото, обемот и динамиката на склучени и разведени бракови и стапка на бракови по општини на 1.000 жители. Овие показатели се дадени во следниве неколку табели.

Таб.бр.39 Просечна возраст на невестата при прв брак (на склучени бракови) и раѓање на прво дете во 2018 год. во ЈЗПР и РСМ

| Просечна возраст на: | РСМ | ЈЗПР |
|---|---|---|
| Мајката при раѓање на прво дете | 27.3 | 27 |
| Невестата при прв брак | 27 | 26 |

Извор: ДЗС

Од табелата се гледа дека просечната возраст на невестата, при прв брак, во ЈЗПР е 26 години, што е за една година под просекот на РСМ. Тоа значи дека се работи за можност порано да се формира семејство, па така првото проширување на семејството во ЈЗПР е на 27, а на ниво на РСМ на 27.3 год.

Бројот и динамиката на склучени и разведени бракови во последните анализирани години во ЈЗПР и споредбено во РСМ се дадени во таб. бр.40

Таб. бр.40 Обем и динамика на случени и разведени бракови (во 000)

| | РСМ | | | ЈЗПР | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| год | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |
| бракови | 6.4 | 6.6 | 6.5 | 6.5 | 7.0 | 6.8 |
| разводи | 1.0 | 1.0 | 0.8 | 0.8 | 1.2 | 0.6 |

Извор:ДСЗ

Податоците укажуваат на променливост во поглед на движењата, како кај склучените, така и кај разведените бракови, и во Регионот и во РСМ. Бројот на склучени бракови во ЈЗПР достигнал најголемо ниво од 7 бракови на 1.000 жители во 2017, за следната година да се намали на 6.8. Во овој поглед движењата се слични со оние во РСМ. Скоро иста е ситуацијата и со разводите кои во 2016 се 0.8 на илјада жители, во 2017 -1.2, а во 2018 - 0.6.

Стапката на бракови во 2018 година, по општини на 1000 жители е дадена во таб. бр.41.

Таб. бр. 41 Стапка на склучени и разведени бракови по општини, 2018

| | на 1000 жители | |
|---|---|---|
| | склучени бракови | разведени бракови |
| **РС Македонија** | 6.5 | 0.8 |
| Вевчани | 5.4 | 0.4 |
| Дебар | 6.8 | 0.4 |
| Дебрца | 9.0 | 1.1 |
| Кичево | 6.7 | / |
| Македонски Брод | 4.3 | / |
| Охрид | 6.6 | 1.0 |
| Пласница | 8.7 | / |
| Струга | 7.0 | 0.9 |
| Центар Жупа | 8.0 | / |

Извор: ДЗС

Од податоците се гледа дека најголем број на бракови на 1.000 жители се склучиле во Дебрца (9.0), што охрабрува со оглед на тоа дека станува збор за депопулациска

општина.  Релативно висок е бројот на склучени бракови во Пласница (8) и Центар Жупа (8), по што следат Струга (7), Дебар (6.8), Кичево (6.7) и Охрид (6.6). Најнеповолна е состојбата во Македонски Брод (4.3) и Вевчани (5.4).

Најголем број на разведени бракови, на 1.000 жители, се забележани во Дебрца (1.1), Охрид (1.0) и Струга (0.9), кои се над нивото на РСМ. Вевчани (0.4) и Дебар (0.4) имаат релативно помало учество кај оваа категорија. Радува отсуството на разведени бракови во Кичево, Македонски Брод, Пласница и Центар Жупа.

### *4.6.2 Услови за живот и домување*

Условите за живот и домување најдобро се илустрирани преку просечната возраст на живеење и старосната зависност.

#### *4.6.2.1 Просечна возраст на живеење*

Просечната возраст на живеење е дадена за последните три години, а се однесува на ЈЗПР и РСМ. Оваа динамика е дадена во таб.бр.42.

Таб. бр 42 Динамика на просечно траење на животот

| | РСМ | | | ЈЗПР | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Год. | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |
| Просечно траење на животот | 72.4 | 73.1 | 73.3 | 73.0 | 73.2 | 73.0 |

Извор:ДЗС

Анализата покажува дека просечното траење на животот во ЈЗПР е 73 год, што е случај во 2016 и 2018 год., додека во 2017 е  73.2 год. Ова е слично со  движењата на ниво на државата каде се бележи перманентен пораст и до 73.3 год., што зборува дека во поглед на должината на живот нема битни отстапувања на регионално и национално ниво.

#### *4.6.2.2 Старосна зависност*

Коефициентот на старосната зависност е соодносот помеѓу возрасните и економски неактивните лица, со 65 и повеќе години и работоспособните лица, од  15 - 64 години. Податоците се однесуваат на ЈЗПР и РСМ, и како динамика за последните три години дадени се во таб.бр.43.

Таб.бр.43  Движење на коефициентот на  старосна зависност во РСМ и ЈЗПР

| | РСМ | | | ЈЗПР | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Год. | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |
| Старосна зависност | 42.2 | 42.8 | 43.4 | 36.3 | 36.4 | 36.6 |

Извор:ДЗС

Од  показателите во табелата може да се види дека коефициентот на старосната зависност е понизок во ЈЗПР во однос на РСМ, во трите анализирани години. Во последната

година во ЈЗПР изнесува 36.6, а во РСМ 43.4. Ова е позитивна околност што треба да се земе во предвид како развоен фактор на регионот, меѓутоа тој постепено расте во однос на базната 2016 г., како во ЈЗПР, така во РСМ.

### *4.6.2.3 Домаќинства и станови*

Домаќинствата и становите се анализирани по општини и кумулативно на регионално ниво, и истите се дадени во таб.бр.44

Таб.бр.44 Население, домаќинства и станови во ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион, 2002*)

| Општина | Вкупно население | Домаќинства (вклучувајќи ги и колективните) | Станови (сите видови живеалишта) |
|---|---|---|---|
| Вевчани | 2.433 | 593 | 715 |
| Вранештица | 1.322 | 478 | 1.015 |
| Дебрца | 5.507 | 1.995 | 4.355 |
| Дебар | 19.542 | 3.917 | 4.606 |
| Другово | 3.249 | 1.152 | 2.429 |
| Зајас | 11.605 | 2.942 | 3.190 |
| Кичево | 30.138 | 8.330 | 10.226 |
| Македонски Брод | 7.141 | 2.392 | 4.721 |
| Осломеј | 10.420 | 2.791 | 3.291 |
| Охрид | 55.749 | 16.012 | 28.437 |
| Пласница | 4.545 | 1.125 | 1.225 |
| Струга | 63.376 | 14.485 | 18.834 |
| Центар Жупа | 6.519 | 1.444 | 1.583 |
| Вкупно | 221.546 | 57.656 | 84.627 |

Извор:ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека, во далечната 2002 година, во ЈЗПР вкупниот број на жители (221.546) бил разместен во 57.656 домаќинства. Просечното домаќинство брои 2.6 жители, а бројот на станови во ЈЗПР изнесувал 84.627. Најголем број на домаќинства имало во Охрид (16.012), по што следуваат Кичево и Струга, а најмал број на домаќинства и станови има општината Вевчани.

## 4.7 Здравство

Здравството претставува еден од основните чинители на квалитетот на живот на населението и продолжувач на животниот век, поради што има посебно место во социјалниот развој. Податоците се структуирани според застапеноста на здравствени установи, лекари и здравственото осигурување.

*) Табелата ги презентира официјалните податоци од последно спроведениот попис во 2002 година во РС Македонија кои се однесуваат на населението, домаќинствата и становите, според тогашната територијална поделба на општините во состав на Југозападниот плански регион. Во однос на вкупното население, по општини и во Регионот, апроксимациите се прават врз основа на природниот прираст, морталитетот и наталитетот, но во однос на бројот на домаќинствата и становите, во отсуство на нови, се оперира со презентираните податоци од последно спроведената статистичка операција во државата.

### *4.7.1 Здравствени установи*

Анализата на здравствените установи е дадена за јавниот и приватниот сектор, и истите се табеларно презентирани.

#### *4.7.1.1 Јавни здравствени установи*

Јавните здравствени установи во ЈЗПР ги опфаќаат општите болници, здравствените домови, центрите за јавно здравје и специјалните болници. Тие се дадени поименично по градови и по дејност на работа, а се презентирани во таб.бр.45

Таб.бр.45 Здравствени установи во ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион, 2019

| | |
|---|---|
| **Општи болници** | |
| Дебар | ЈЗУ Општа болница со проширена дејност |
| Охрид | ЈЗУ Општа болница |
| Струга | ЈЗУ Општа болница |
| Кичево | ЈЗУ Општа болница |
| **Здравствени домови** | |
| Охрид | ЈЗУ Здравствен дом |
| Струга | ЈЗУ Здравствен дом |
| Кичево | ЈЗУ Здравствен дом |
| М.Брод | ЈЗУ Здравствен дом |
| Вевчани | ЈЗУ Здравствен дом Вевчани |
| **Центри за јавно здравје** | |
| Охрид | ЈЗУ Центар за јавно здравје |
| **Специјални болници** | |
| Охрид | Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања |
| Охрид | Специјална болница за ортопедија и траумотологија "Свети Еразмо" |
| Струга | Завод за нефрологија |

Извор: Министерство за здравство

Од табеларниот преглед се гледа дека во Регионот постои солидна покриеност со болнички установи. Специјализирните здравствени установи се лоцирани во Охрид и Струга, и истите се афирмирани и реномирани и надвор од државата, давајќи услуги на странски државјани. Општи болници има во Охрид, Струга, Кичево и Дебар - со проширена дејност. Регионот е добро покриен со здравствени домови кои ги има во Охрид, Струга, Кичево, Македонски Брод и Вевчани. Единствениот центар за Јавно здравје е во Охрид.

#### *4.7.1.2 Приватни здравствени установи*

Приватните здравствени услуги се дадени како структура на специјалистичка консултативна здравствена заштита, лаборатории со склучени договори, општи матични лекари, матични гиниколози и матични стоматолози, систематизирани по струки, во регионот и РСМ, и по учество на ЈЗПР во РСМ. Овие податоци се дадени во таб.бр.46

Таб.бр.46 Број , структура и учество на приватни здравствени установи во ЈЗПР и во РСМ, 2019

| Вид на ПЗУ | Здравствена струка | РСМ | ЈЗПР | % на ЈЗПР во РСМ |
|---|---|---|---|---|
| Специјалистичка консулултативна здравствена заштита | дерматовенерологија | 10 | 0 | / |
| | интерна медицина | 52 | 8 | 15.4 |
| | максилофацијална хирургија | 3 | 0 | / |
| | неврологија | 3 | 1 | 33.3 |
| | општа хирургија | 3 | 0 | / |
| | ортопедија | 3 | 0 | / |
| | оториноларингологија | 14 | 1 | 7.1 |
| | офтамологија | 21 | 3 | 14.2 |
| | пнеумофизиологија | 1 | 0 | / |
| | психијатрија | 19 | 1 | 5.2 |
| | физикална медицина | 19 | 1 | 5.2 |
| | Вкупно | 147 | 15 | 10.2 |
| ППЗУ лаборатории со склучени договори | Лаб. по упат на матичен лекар | 102 | 9 | 8.8 |
| | Лаб. по упат на лекар специјалист | 4 | 1 | 25 |
| | Цитолошка лабораторија | 2 | 0 | / |
| | Вкупно | 108 | 10 | 9.3 |
| Општи матични лекари | број на лекари | 1.445 | 128 | 8.9 |
| | број на лекари на 1.000 осигураници | 0.78 | 0.71 | / |
| Матични гинеколози | број на гинеколози | 151 | 20 | 13.2 |
| | број на гинеколози на 1000 жители | 0.16 | 0.22 | / |
| Матични стоматолози | број на стоматолози | 1.147 | 135 | 11.8 |
| | број на стомат. на 1000 жители | 0.64 | 0.75 | / |

Извор: Министерство за здравство

Од табеларниот преглед се гледа дека во ЈЗПР приватната специјалистичка консултативна здравствена заштита е застапена само во определени медицински области. Најголем број има установи од областа на интерната медицина (8), следат офтамологијата со 3, и со по една неврологија, ОРЛ, психијатрија и физикална медицина. Останатите струки, кои ги има на ниво на државата, во ЈЗПР не се застапени. ППЗУ лаборатории со склучени договори се релативно добро застапени со исклучок на цитолошката лабораторија. Таква нема во ЈЗПР. Бројот на општи матични лекари заостанува зад нивото на РСМ, па така процентот на лекари на 1000 жители е под нивото на државата (0.71 наспроти 0.78). За разлика од нив, застапеноста на матичните гинеколози (0.22 наспроти 0.16) и стоматолози е над ова ниво (0.75 наспроти 0.64).

### *4.7.1.3 Здравствено осигурување*

Здравственото осигурување ги опфаќа категориите на лично осигурување, членовите кои се осигурани и коефициентот на осигурување. Коефициентот на осигурување го дава односот на личното осигурување и осигураните членови. Овие податоци се однесуваат на ЈЗПР и РСМ, за да можат да се споредуваат. Тие се дадени во таб.бр.47

Таб. бр.47 Осигуреници во ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион, 2019

| | Лично осигурени | Членови | Вкупно осигуреници | Коефициент на членови во однос на лично осигурани |
|---|---|---|---|---|
| РС Македонија | 1.180.784 | 688.735 | 1.869.509 | 0.58 |
| Југозападен плански регион | 111.113 | 68.992 | 180.105 | 0.62 |

Извор: Министерство за здравство

Од табеларниот преглед може да се воочи дека ЈЗПР по бројот на осигуреници приближно исто учествува во РСМ. Во поглед на личното осигурување, учеството е 9.4%, во бројот на вкупно осигурани членови на ниво на РСМ, ЈЗПР учествува со 10.0%, а учеството во вкупното осигурување е 9.6%. Коефициентот на членови во однос на лично осигураните е 0.62 што значи дека е поголем од коефициентот во РСМ.

### 4.8 Пензиско осигурување

На почетокот од осамостојувањето на РС Македонија соодносот на осигуреници и пензионери изнесуваше 3:1, за да во 2003 година падне само на 1.3. Во 2007 г. на 1000 вработени имаше 693 пензионери, односно соодносот беше 1.6 вработени на 1 пензионер. Последниве години овој сооднос позитивно се менува, па така во 2017 г. регистрирани се 1.9 вработени на 1 пензионер, односно 540 корисници на пензија на 1.000 вработени. Во таб.бр.48 поместени се поважни параметри за бројот на корисници и пензионери во 2019.

Таб.бр.48 Корисници на пензија и осигуреници по плански региони, 2019 г.

| Регион | Корисници на пензија | Учество во вкупниот број пензионери | Осигуреници | Учество во вкупниот број осигуреници | Соодност осигуреници/ пензионери |
|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 29.621 | 9.1% | 43.876 | 7.6% | 1.48 |
| Источен | 35.411 | 10.9% | 54.791 | 9.4% | 1.55 |
| **Југозападен** | **30.220** | **9.3%** | **45.112** | **7.8%** | **1.49** |
| Југоисточен | 28.186 | 8.7% | 44.738 | 7.7% | 1.59 |
| Пелагониски | 43.679 | 13.5% | 67.325 | 11.6% | 1.54 |
| Полошки | 23.907 | 7.4% | 44.573 | 7.7% | 1.86 |
| Североисточен | 24.012 | 7.4% | 27.788 | 4.8% | 1.16 |
| Скопски | 107.435 | 33.2% | 253.177 | 43.6% | 2.36 |
| РСМ | 324.039 | 100% | 581.405 | 100% | 1.79 |

Извор: ФПИО

Од табелата може да се види дека во Југозападнот плански регион вкупно има 30.220 пензионери, што претставува учество од 9.3% во вкупниот број (324.039) на ниво на РСМ. Четири региони - Вардарскиот, Југоисточниот, Полошкиот и Североисточниот имаат помало учество на национално ниво, додека процентот во Источниот, Пелагонискиот и Скопскиот плански регион е повисок. Најмногу пензионери (107.435) има во Скопскиот плански регион на кој отпаѓа една третина од вкупниот број пензионери, но овој регион има и најголемо учество во вкупниот број осигуреници од 44%.

Коефициентот на соднос помеѓу осигурениците и пензионерите, во 2019 г., во Југозападниот плански регион е 1.49, и е на самото дно во однос на останатите региони. Заостануваат Вардарскиот и Сеевероисточниот плански регон, додека сите други имаат поповолен соодност. Најдобар соодност има Скопскиот плански регион со 2.4, што е значително повисок од националниот просек од 1.79.

Односот на просечната исплатена пензија и просечната нето плата е важен индикатор за одржливоста на пензискиот систем. Во 2001 г. просечно исплатената пензија изнесуваше 61.7% од просечно исплатената нето плата, за да во 2008 падне на 55%. Оттогаш наваму, пензискиот систем се соочува со сериозни потешкотии, но успева да се одржува на тоа ниво со значителни издвојувања на средства од централниот буџет. Кон крајот на 2019 г. просечно исплатената пензија изнесува 54.4% од просечно исплатената нето плата.

**4.9. Клучни наоди**

| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
|---|---|
| Стапката на корисници на парична помош во ЈЗПР е на нивото на РСМ. Ниско е учеството на жените-носители на домаќинства-корисници на парична помош. | Потребно е подобрување на евиденцијата и вклученоста на жените во добивањето на парична помош. |
| Социјалната и детската заштита во ЈЗПР е над нивото на РСМ во сите категории, освен во следнава- домаќинства – корисници на социјална помош за возрасни поголема од 18 год. | Одржување на нивото на социјална заштита и подобрување на квалитетот на живот. |
| Згрижувањето деца во градинки е далеку под нивото на РСМ, при што родовата застапаност е рамномерна. | Треба да се отвораат установи за детско згрижување, посебно во руралните средини. Во однос на родовата застепеност да се одржува постигнатото ниво. |
| Стапката на вработеност е над нивото во овој поглед во РСМ, при што преовладува женската работна сила. Вакви установи нема во сите општини или е нерамномерна нивната застапеност. | Овие односи треба да се унапредуваат. Тоа е сектор во кој жените можат да дадат значаен придонес. Посебно е битно отворање установи во општините и руралните средини согласно растечките потреби. |
| Високо ниво на згриженост на ученици и студенти. Во поглед на родовата | Потребно е подобрување на условите за згрижување на женската популација, |

| | |
|---|---|
| застапеност преовладува машката популација. | избегнувањето ризици и унапредување на услугите во домувањето. |
| Во ЈЗПР, за разлика од РСМ, бракот се склучува порано, и порано се раѓаат првите деца. Бројот на склучени бракови на 1000 жители е поголем , а на разведените е помал. | Овој тренд треба да се унапреди во насока на јакнење на семејните односи и вредности. |
| Старосната зависност е пониска во ЈЗПР, во однос на РСМ. | Ова е позитивна околност што треба да се земе во предвид како развоен фактор на Регионот. |
| Отсуство на старски домови и ниско ниво на згрижување на стари и изнемоштени лица. | Отворање домови за стари и изнемоштени лица и на Агенции за социјално згрижување. |
| Бројот на станови и домаќинства е од пописот во 2002 г. така што овој податок не е релевантен, но во основа укажува на релативна згриженост на домаќинствата во станови по општини. | Потребна е натамошна изградба на станови и потикнување на бројот на самостојни семејства во насока на подобрување на квалитетот на живот. |
| Забележително е присуството на општи и специјалистички ПЗУ. Недостасуваат специјализирани установи и болници. | Во насока на подобрување на квалитетот на услугите потребно е да се изврши намалување на потребниот минимален број на жители како основа за склучување на договори на ФЗО со специјалистички ПЗУ од медицински и стоматолошки профил. |
| Здравственото и пензиското осигурување ги следи односите на ниво на РСМ. | Подобрувањето на состојбите зависи од реализацијата на економските и социјалните политики на национално ниво. |

# 5. Анализа на инфраструктурата

Развојот на ЈЗПР е во директна зависност од инфраструктурата, која овозможува поттикнување на сите стопански и општествени дејности и подобрување на квалитетот на живот. Но исто така подразбира, вклучување на човечки потенцијал во проектирањето, изградбата и одржувањето на системите. Во овој поглед анализата ја опфаќа транспортната, комуналната и енергетската инфраструктура, како и инфраструктурата за комуникациски - интернет - врски.

## 5.1 Транспортна инфраструктура

Транспортната инфраструктура во ЈЗПР се состои од патен, железнички, воздушен и езерски сообраќај.  Анализата ги опфаќа функционалните карактеристики на оваа инфраструктура.

### *5.1.1 Патен сообраќај*

Патниот сообраќај ја опфаќа мрежата на патишта, обемот и структурата на регистрираните возила и функционалниот дел кој се однесува на превезени патници и стока, по видови превоз.

#### *5.1.1.1 Патна мрежа*

Патната мрежа на Регионот ја сочинуваат магистрални, регионални и локални патишта и треба да се констатира дека станува збор за релативно добра покриеност на истиот, со различните, веќе споменати видови патишта, согласно нивната функција во мрежата.

Во однос на автопатските решенија треба да се спомене дека во државава таа мрежа не е на нивото на европските држави бидејќи таму должината се движи околу 28 km $^{1}/1000$ km$^{2}$, а кај нас е двојно помала - 14 km$^{1}/1000$ km$^{2}$.

Должина на магистралните и регионалните патишта кои се протегаат во ЈЗПР изнесува 579 km и во однос на другите ЈЗПР се наоѓа во средната група на региони по патиштата од овој ранг.

Таб.бр.49  Тековна состојба со патната инфраструктура под управување на ЈПДП по региони, 2019

| Регион | Должина во km | Учество % |
|---|---|---|
| РСМ | 4.687 | 100% |
| Вардарски | 742 | 15.8% |
| Источен | 603 | 12.9% |
| Југозападен | 579 | 12.3% |
| Југоисточен | 551 | 11.7% |
| Пелагониски | 861 | 18.4% |
| Полошки | 433 | 9.2% |
| Североисточен | 459 | 9.8% |
| Скопски | 460 | 9.8% |

Извор: Јавно претпријатие за државни патишта

Од табелата се гледа дека Пелагонискиот плански регион има најголема должина на магистрални и регионални патишта – 861 km, по што следи Вардарскиот со 742 и Источниот со 603 km. Помала должина од Ј имаат Југоисточниот, Полошкиот, Североисточниот и Скопскиот плански регион.

Локалната патна мрежа ја обезбедува внатрешната поврзаност на локалитетите и местата во рамките на Регионот. Истата треба да биде во функција на спречување на иселувањето, ревитализација на селата, ремиграција и имиграција, како и развој на туризмот и останатите сектори што влијаат врз економски развој.

Во таб.бр.50 дадена е вкупната должина и структурата на асфалтирани, макадам, земјени и непробиени патишта. Оваа структура се однесува на ЈЗПР во целина и на општините во негов состав, како и на ниво на РСМ поради споредување.

Таб.бр.50 Локална патна мрежа во ЈЗПР и по општини, 2019

| | 2019 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Асфалт и коцка | Макадам | Земјани | Непробиени |
| РС Македонија | 9.788 | 5.383 | 850 | 2.578 | 977 |
| Вевчани | 22 | 10 | 6 | 5 | 1 |
| Дебар | 210 | 107 | 47 | 42 | 14 |
| Дебрца | 121 | 121 | - | - | - |
| Кичево | 294 | 195 | 21 | 28 | 50 |
| Македонски Брод | 213 | 112 | 20 | 65 | 16 |
| Охрид | 179 | 121 | 32 | 8 | 18 |
| Пласница | 30 | 18 | 6 | 6 | - |
| Струга | 272 | 125 | 10 | 111 | 26 |
| Центар Жупа | 75 | 70 | 4 | 1 | - |
| **Вкупно** | **1.416** | **879** | **146** | **266** | **125** |

Извор: ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека вкупната должина на локалните патишта во ЈЗПР е 1.416 km, што изнесува 14.5% од вкупната должина на сообраќајници од овој ранг во РСМ. Вкупната должина на локалната патна мрежа по општини покажува дека најголема е во општина Кичево, по што следат општините Струга, Македонски Брод, Дебар и Охрид. Нешто помала должина имаат Центар Жупа, Пласница и Вевчани. Најголема должина на асфалтирани патишта има во општина Кичево, а потоа следат општините: Струга, Охрид и Дебрца, Дебар, Центар Жупа, Пласница и Вевчани.

Во поглед на квалитетот на патната мрежа преовладуваат патиштата со асфалт чија должина изнесува 879 km. Следат земјените патишта со 266 km, макадамските со 146 и непробиените со 125 km. Оваа структура покажува дека постои основа за унапредување на квалитетот на локалната патна мрежа. Макадамот е најзастапен во општините Дебар, Охрид, Кичево, Македонски Брод, Струга, Вевчани и Пласница и Центар Жупа. Останатата патна мрежа – земјените и непробиените патишта, треба што побрзо да се осовременат бидејќи претставуваат потенцијал за унапредување на туризмот и останатите локални бизниси.

Генерално може да се каже дека квалитетот на патната мрежа се подобрува. Во последните пет години започна изградбата на автопатското решение од  Охрид- Кичево, а покрај тоа забележлива е реконструкцијата на поважните државни и регионални патишта: Гостивар-Кичево, Охрид-Буково, Струга-Дебар, Мелнички мост-Центар Жупа, Дебар-Мелнички мост-Маврово, Суво поле-Вевчани...

Согласно целите и предложените мерки за развој на транспортниот сектор во државата, (Предлог Националната Транспортна Стратегија (2018 – 2030), потребни се дополнителни активности за поврзување и надградба на одделни патни правци во државата, а со тоа  и на регионот кој е предмет на анализа.

Во таа насока е рехабилитацијата на регионалниот пат Кичево- Македонски Брод која е во тек, но потребно е и завршување на патната комуникација од Бошков мост до Извор , со што Дебар ќе  се поврзе со магистралниот правец Охрид-Кичево-Скопје и ќе ја подобри својата периферна положба во ЈЗПР.

И во овој плански период, од голема важност е воспоставување магистрална комуникација од Македонски Брод до Скопје со што би се обезбедила интеракциска развојна врска меѓу овие два различно развиени региони. Оваа заложба е зацртана во Програмата за развој на ЈЗПР од 2009 до 2013 год.

Дополнително, врз основа на проектните програми на Јавното претпријатие за државни патишта, во тек е изработка на техничка документација за изградба на експресен пат на две делници вдолж патниот правец А3, (обиколка на градот Ресен како и изградба на нова траса на делницата Битола – граничен премин Меџитлија).

Споменатите делници не припаѓаат на ЈЗПР, но истите се составен дел на државниот пат А3 кој минува низ регионот. Оттаму произлегува и потребата да се напомене дека согласно значењето на подрачјето кое е предмет на разгледување,  а врз основа на анализите на параметрите на тековните и прогнозираните сообраќајни токови, во иднина треба да се размислува и за превземање на поголеми зафати на делницата Охрид – Буково, а со цел подобрување на техничко – експлоатационите карактеристики на истата.

### *5.1.1.2 Регистрирани возила*

Состојбата со регистрираните возила го покажува потенцијалот на ЈЗПР во поглед на техничките можности за превоз. Анализата се однесува на видовите превозни средства на регионално и државно ниво.  Овие податоци се дадени во таб. бр.51

Таб.бр.51 Регистрирани патни моторни и приклучни возила во ЈЗПР,  2019

| | 2019 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мотоцикли | Патнички автом. | Автобуси | Товарни автом. | Влечни возила | Трактори | Работни возила | Приклучни возила |
| РСМ | 495.636 | 11.987 | 426.045 | 3.144 | 38.048 | 5.610 | 1.903 | 619 | 8.280 |
| ЈЗПР | 51.807 | 1.274 | 46.128 | 359 | 3.173 | 272 | 82 | 51 | 468 |

Извор: ДЗС

Во ЈЗПР во 2019 г. вкупниот број на регистрирани возила изнесува 51.807, што претставува учество од 10.45% во РСМ. Патничките возила, кои според своите техничко-експлоатациони карактеристички претставуааат најмногу користен вид на превозни средства, имаат доминантно место. Вкупно се регистрирани 46.128 патнички возила, што претставува дури 89.0% во вкупниот број возила во ЈЗПР и 10.8% во однос на РСМ. Останатите превозни средства имаат помала застапеност, па така бројот на регистрирани товарни автомобили изнесува 3.173, што е 6.1% од вкупниот број во ЈЗПР. Следат: мотоциклите, приклучните возила, автобусите, влечните возила, тракторите и работните возила.

*5.1.1.3 Превоз на патници*

Бројот на превезени патници е основната функционална карактеристика на патничкиот сообраќај. Во 2019 г. во ЈЗПР превезени се 582.000 патници во патниот сообраќај, што претставува 10% од патниците превезени во РСМ. Такси превозот покажува дека учествувал со 3 пати повеќе превезени патници. Но, и тој во споредба со превезените патници во РСМ покажува учество од само 6.7%. Тоа значи дека постои простор за унапредување на овој вид превоз. Овие параметри се дадени во таб.бр.52 и таб.бр.53.

Таб. бр.52 Превезени патници во патниот патнички сообраќај, 2019

| 2019 | |
|---|---|
| | Број на превезени патници, во илјади |
| РС Македонија | 5.826 |
| Југозападен плански регион | 582 |

Извор: ДЗС

Таб. бр.53 Превезени патници во такси превозот, 2019

| 2019 | |
|---|---|
| | Број на превезени патници, во илјади |
| РС Македонија | 39.072 |
| Југозападен плански регион | 2.629 |

Извор: ДЗС

### *5.1.2 Железнички сообраќај*

Железничкиот сообраќај во ЈЗПР е дел од општата слаба развиеност на оваа инфраструктура на државно ниво. Железничкиот сообраќај ја опфаќа мрежата на пруги, превезени патници и различни видови на стока. Карактеристиките на железничката мрежа се дадени во таб.бр.54, а бројот на превезени патници во таб.бр.55.

Таб.бр.54 Железничка мрежа, km

| 2019 | |
|---|---|
| РС Македонија | 683.27 |
| Југозападен плански регион | 25.75 |

Извор: ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека вкупната должина на пругите во ЈЗПР изнесува само 25.75 km, од вкупно 683.27 km на ниво на РСМ, што значи дека регионот учествува со само 3.8% во железничката мрежа на државата.

Треба да се констатира дека ниското ниво на изграденост на мрежата не е единствената негативна карактеристика во ЈЗПР. Коефициентот на густина на изграденост изнесува 8.56 км на 1000 км$^2$ и забележително заостанува зад коефициентот на државно ниво (27). Железницата не покрива значаен простор во Регионот, така што надвор од оваа мрежа се сите општини и општински центри, со исклучок на Кичево. Основен проблем на Регионот е недооформената железничка мрежа и токму фактот дека таа завршува со слеп колосек. Постојната железница покрај другите неповолности се наоѓа во лоша состојба во поглед на техничката опременост. Ваквите состојби упатуваат на потреба од преземање мерки за целосна трансформација на овој сообраќаен сектор. Неповолната инфраструктура и лошата техничка опременост неповолно се одразува на бројот на превезените патници. Тоа е најдобар индикатор за прифатливоста на железницата како превоз во ЈЗПР.

Таб.бр.55 Превезени патници во националниот железнички сообраќај, 2019

| 2019 | |
|---|---|
| | Број на превезени патници во илјади |
| РС Македонија | 575 |
| Југозападен плански регион | 5 |

Извор: ДСЗ

Податоците покажуваат дека бројот на превезени патници со железница во ЈЗПР изнесува 5.000, што во однос на РСМ е учество од само 0.86%. Тоа значи дека се работи за симболична функционалност на железницата.

Ниската цена на чинење на транспортот, организираноста, големиот капацитет за превоз на стока и патници, безбедноста, се само некои од обележјата на железничкиот сообраќај и транспорт, кои го прават конкурентен во споредба со останатите видови на превоз. Оттаму, во глобалните транспортни документи често пати се споменува дека добро развиен превоз со железница е многу важен чинител за развојот на една држава, (national necessity).

Имајќи го тоа во предвид, како и определбите за изградба на нови и реконструкција на постоечките железнички линии, кои се составен дел на Предлог Националната Транспортна Стратегија, (2018 – 2030), во продолжение се дадени препораки за развој на овој вид на сообраќај во регионот. Имено, планирањето на изградба на пруга од Кичево преку, Дебарца и Струга кон Лин во Албанија е во насока на подобрување на оваа коњуктура. Така би заживеал еден од еколошки најприфатливите превози, со оглед и на тоа што би се протегала и во дел кој е под посебна заштита и развој на туризмот. Дополнително, треба да се потенцира потребата за ревитализација на функционалноста на железничката пруга Велес – Битола – Лерин, ( со повторно отворање на граничниот премин Кременица), и пристап до пристаништето во Солун.

### *5.1.3 Воздушен сообраќај*

Воздушниот сообраќај, овозможен преку аеродромот „Св. Апостол Павле”, претставува важен фактор за подобар квалитет на живот за населението во ЈЗПР. Ова произлегува од фактот што ова воздушно пристаниште има меѓународен карактер, а со тоа е овозможена пристапност потенцијалните гости да го посетат еден од туристички најразвиените региони во државата. Нискобуџетните и субвенционирани летови се во функција на поттикнување на овие развојни можности. Аеродромот е во функција и на стопанството бидејќи овозможува деловни патувања, превоз на стоки и вршење поштенски услуги. Покрај тоа, значаен е за поврзување на дијаспората со најблиските членови од семејствата, роднините и пријателите во родниот крај. Карактеристиките на превозот преку аеродромот се дадени во следната табела.

Таб. бр.56 Превоз преку Аеродромот „Св. Апостол Павле”

| | Св. Апостол Павле | РСМ | % |
|---|---|---|---|
| Товар и пошта, товарено/истоварено (t) - вкупно | 0 | 3.405 | 0 |
| Товар и пошта, товарено/истоварено ((t) - вкупно, Национален превоз | - | - | - |
| Товар и пошта, товарено/истоварено ((t) - вкупно, Во/од земји на ЕУ | 0 | 2.373 | 0 |
| Товар и пошта, товарено/истоварено ((t) - вкупно, Во/од други земји | - | 1.032 | - |
| Број на превезени патници - вкупно | 313.447 | 2.666.774 | 11.8 |
| Број на превезени патници - вкупно, Национален превоз | - | - | - |
| Број на превезени патници - вкупно, Во/од земји на ЕУ | 258.998 | 1.885.678 | 13.8 |
| Број на превезени патници - вкупно, Во/од други земји | 54.449 | 781.096 | 7.0 |
| Директен транзит на патници | 3.771 | 8.992 | 41.9 |
| Промет на воздухопловите за комерцијални воздухопловни услуги - вкупно | 2.304 | 20.277 | 11.4 |
| Промет на воздухопловите - вкупно | 2.624 | 22.065 | 11.9 |

Извор: ДЗС

Од табелата се гледа дека преку аеродромот „Св. Апостол Павле” во 2019 г. се превезени 331.447 патници, што претставува 11.8 % од вкупниот воздушен промет во РСМ. Така, во државава, од земјите на ЕУ допатувале 258.998 патници, или 13.8%, додека од другите земји превезени се вкупно 54.449 лица, или 7.0% од вкуниот број на ниво на РСМ. Во поглед на директниот транзит превезени се 3.771 или 41.9%. Аеродромот во прометот на комерцијални воздухопловни услуги учествува со 2.304 или со 11,4%, а во прометот на воздухоплови со 2.624 или 11.9%.

Зголемениот промет на аеродромот поттикнува потреба од проширување на аеродромот, со што ќе се зголеми фрекфенцијата на патници и стоки. Имајќи ги во предвид и препораките за развој на одделни патни правци во регионот, содржани во поглавијето кое се однесува за патниот сообраќај, зголемувањето на капацитетите на аеродромот ќе

значи и практична реализација на дел од визијата содржана во Предлог Националната Транспортна Стратегија, (2018 – 2030).

### *5.1.4 Езерски сообраќај*

Езерскиот сообраќај во ЈЗПР главно се врзува за Охридското Езеро, иако определени пловни објекти се јавуваат и на вештачките езера на кои сепак нема превоз со комерцијални карактеристики. Постојниот превоз на Охридското Езеро е само за патници и во функција на туризмот, а релациите се од Охрид кон Св. Наум и до Хотел Бисер во Калишта. Со изградба на пристаниште во Струга овој промет би се интензивирал. ЈЗПР и општините Охрид и Струга се заинтересирани за отворање врска со Поградец во Албанија. Придобивките би биле зголемен превоз на патници, а може да се очекува и раст во стопанската соработка и размена меѓу двете земји.

Согледувањето за езерскиот транспорт е извршено преку обемот реализиран во последната анализирана година. Овие податоци се дадени во таб.бр.57.

Таб.бр.57 Езерски транспорт, 2019

| 2019 | |
|---|---:|
| Број на патнички бродови | 4 |
| Патнички места | 530 |
| Превезени патници по број, вкупно | 48.840 |
| Превезени патници, Национален превоз | 48.840 |
| Превезени патници, Меѓународен превоз | - |
| Патнички километри во илјади | 1.132 |
| Патнички километри, Национален превоз | 1.132 |
| Патнички километри, Меѓународен превоз | - |
| Просечен пат на 1 патник во km | 2.3 |

Извор ДЗС

Езерскиот сообраќај се одвива со користење на 4 бродови и други пловила (чамци, катамарани, глисери, скутери). Капацитетот на регистрираните бродови изнесува 530 места со кои во текот на годината се поминати 1.132 km, а превезени се 48.840 патници.

## 5.2 Енергетска инфраструктура

Енергетската инфраструктура е фактор од кој зависат другите развојни индикатори, значајни за Регионот. Податоците подолу го опфаќаат производството, преносот и потрошувачката на електрична енергија и другите енергетски системи.

### *5.2.1 Производство на електрична енергија*

Производството на електрична енергија во Југозападниот плански регион се врши во РЕК Осломеј, повеќето хидроцентрали, мини хидро-централи и во поново време преку фотонапонските централи.

Рударско-енергетскиот комбинат „Осломеј” се наоѓа во истоимените населено место близу Кичево, и е единствената термоцентрала во Југозападниот плански регион. Нејзиното производство, на годишно ниво, изнесува 653 GWh електрична енергија. Вкупниот капацитет на термоцентралите во Република Македонија за годишно производство на електрична енергија е околу 6200 GWh.

Работата на РЕК Осломеј се темели на наоѓалиштата на лигнит во Кичевскиот басен, околу Осломеј, Поповјани, Строгомишта, Жубрино и Аранѓел. Вкупните резерви на јаглен се проценети на 100 милиони тони, а само во ревирот на Осломеј се околу 60 милиони тони. Годишното производство на јаглен изнесува околу 1 милион тони.

Хидроенергетскиот потенцијал во Југозападниот плански регион е најголем во сливното подрачја на реката Црн Дрим, и тука годишно се произведуваат околу 1.208 GWh ЕЕ. При просечна хидрологија, хидроцентралите во РС Македонија, на годишно ниво можат да обезбедат до 1300 GWh електрична енергија.

Во регионот од можните 17, досега се изградени четири хидроцентрали: Глобочица (191 GWh) , Шпиље (305 GWh), Песочани (13 GWh) и Рамне (0,5 GWh). Во изминатиот период изградени се, и се градат повеќе мини хидроцентрали во Струга(5), Кичево(5), Охрид(4), Дебрца(3), и мини фотонапонски централи во Вевчани(2) и Дебрца(1). Две поголеми фотонапонски централи планирани се и кај стариот рудник во Осломеј и во Македонски Брод.

Капацитетите за производство на електрична енергија се дадени споредбено со состојбите на ниво на РСМ.

Таб.бр.58 Капацитети за производство на електрична енергија (MW), 2018

| | Инсталиран капацитет во MW |
|---|---:|
| РС Македонија | 2.049 |
| Југозападен плански регион | 272 |

Извор ДЗС

Инсталираните капацитети за производство на ЕЕ во ЈЗПР во наведената година произвеле 272 MW, што претставува 13.2% од од вкупното поизводство на ниво на РСМ.

### *5.2.2 Пренос на електрична енергија*

Во населените места во ЈЗПР има релативно добра покриеност со преносни мрежи за дистрибуција на електричната енергија, па така во овој регион минуваат 110 kV водови, со вкупна должина од 86 km и 35 kV со должина од 106.5 km. Бројот на трафостаници изнесува пет од 110 kV и девет од 35 kV. Вкупната инсталирана моќност изнесува 180 MVA, односно 54 MVA. Високонапонската мрежа е дел од системот на ниво на државата. Положбата и производните капацитети се основа, во овој регион, да се изградат магистрални далноводи од Шпиље кон Битола, од Кичево кон Битола, Скопје и од Кичево

кон Маврово и меѓународен од Шпиље кон Албанија. Дистрибуцијата е главно површинска, а се преземаат активности за подземна дистрибуција.

### *5.2.3 Потрошувачка на електрична енергија во индустријата*

Потрошувачката на електрична енергија во индустријата претставува индикатор кој го следи индустриското производство. Овие податоци се дадени во следната табела.

Таб.бр.59 Потрошувачка на електрична енергија во индустријата (GWh) , 2017

| | Електрична енергија во GWh |
|---|---|
| РС Македонија | 1.515 |
| Југозападен плански регион | 41 |

Извор: ДСЗ

Од табелата се гледа дека во 2017 г. во Регионот се потрошиле 48 GWh, што изнесува 2.7% од вкупната потрошувачка во РСМ. Истата година во Скопскиот потрошувачката е 572, аво Вардарскиот плански регион 416 GWh. Ако се споредат податоците од последните неколку години ќе се види дека потрошувачката на ЕЕ во Регионот е околу 2%, што значи дека нема забележителни поместувања.

### *5.2.4 Други енергетски системи*

Во Југозападниот плански регион не се изградени други енергетски системи, односно овде нема системи на топлификации, нафтовод, гасна инфраструктура или пак системи за геотермална енергија. Особено значајно ќе биде за Регионот доколку се реализираат проектите за пренос на гас. Планираната гасоводна инфраструктура позитивно би се одразила како на вкупниот енергетски потенцијал, така и на стопанството во целина во ЈЗПР.

### *5.2.5 Обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност*

Во делот на обновливите извори за производство на електрична енергија во 2010 година, речиси, 100% од производството на електрична енергија било од хидроелектрани. Овој процент постепено се менува, достигнувајќи 90% во 2018 година, со инсталирање на нови технологии како фотонапонски, ветерни и електроцентрали на биомаса и биогас.

Врз основа на распределбата на биомаса по региони и години направена е анализа на учеството на секој регион во ОИЕ за греење и ладење. Учеството на регионите во ОИЕ е скоро рамомерно распределено - околу 13 до 14%, со исклучок на Скопскиот плански регион кој има најголемо учество од 17%, додека Вардарскиот и Североисточниот регион имаат најмало учество од 8%, односно 7%.

Таб.бр.60 Рангирање на регионите по учеството во ОИЕ, 2018

| Регион | Учество на регионите во ОИЕ за греење и ладење | Учество на регионите во ОИЕ во производство на електрична енергија | Рангирање |
|---|---|---|---|
| Вардарски | 7.70% | 8.60% | 8 |
| Источен | 14.30% | 1.80% | 6 |
| **Југозападен** | **12.80%** | **35.00%** | **1** |
| Југоисточен | 13.70% | 5.50% | 4 |
| Пелагониски | 12.70% | 3.30% | 7 |
| Полошки | 14.50% | 31.10% | 2 |
| Североисточен | 7.00% | 0.00% | 5 |
| Скопски | 17.20% | 14.70% | 3 |

Извор: Извештај на РКЕ, 2018

Учеството на регионите во ОИЕ во производство на електрична енергија е прилично нерамномерно, при што доминантни се Југозападниот и Полошкиот плански регион кои заедно учествуваат со над 65%, бидејќи тука се наоѓаат најголемите хидро-електроцентрали. Кај Југоисточниот регион се бележи значајно зголемување на уделот, како резултат на изградбата на ветерниот парк Богданци. Пелагонискиот, Источниот и Североисточниот регион во овој поглед се најзапоставени, односно има многу мало производствона енергија од ОИЕ. Учеството на регионите во ОИЕ во производството на електрична енергија е пресметано така што се земени податоците за производството на секоја од централите од Годишните извештаи на Регулаторната комисија за енергетика и според локацијата на централите производството е ставено во соодветниот регион.

Македонија е сиромашна земја со енергетски ресурси и нејзината увозна зависност достигна речиси 60%. Еден од начините за намалување на увозната зависност, но и креирање на домашни работни места е имплементирање на мерки за енергетска ефикасност. Всушност на енергетската ефикасност потребно е да се гледа како на домашен ресурс и затоа треба максимално да се искористи. Покрај тоа, енергетската ефикасност заедно со обновливите извори на енергија значително можат да допринесат за ублажување на климатските промени, односно за намалување на емисиите на стакленички гасови кои доаѓаат од секторот енергетика.

## 5.3 Комунална инфраструктура

Комуналната инфраструктура е во тесна врска со заштитата на животната средина, и таа претставува еден од најзначајните фактори од егзистенцијална природа. Во овој поглед водоснабдувањето, одведувањето на атмосферските и пречистувањето на отпадните води овозможува подигнување на квалитетот на живот на населението и посетителите на ЈЗПР. Навременото одлагање на сметот, определувањето на локации и уредувањето на

депониите претставува услов за негово безбедно санирање. Особено значајно е воведувањето на примарното рециклирање во домаќинствата, како и рециклирањето на опасните материи.

### *5.3.1 Водоснабдување со вода на домаќинствата*

Водоснабдувањето претставува основен фактор во одвивањето на животните процеси. Анализата покажува дека во Југозападниот плански регион процентот на домаќинства кои располагаат со инсталации и довод на вода изнесува 89.9%, што е малку повисоко од национално ниво (88.8%). Покриеноста на населението со вода за пиење во урбаните средини изнесува 74.9%, или во апсолутни бројки 164.639 жители добиваат вода од системите на ЈКП-ја, 15.0% се снабдуваат од локален систем за наводнување, додека останатиот дел - 10.1% од популацијата (главно во руралните средини) обебедуваат вода од бунари. Врз основа на ваквите односи треба да се констатира дека е неопходно да се унапреди снабденоста посебно во руралните средини. Покриеноста со водоснабдителни системи по региони е прикажана во таб.бр.61.

Таб.бр.61 Покриеност со инфраструктура за водоснабдување по региони, 2015

| Регион | Популација Проценка 2015 | Популација опслужувана од водоводниот систем на ЈКП | | Популација опслужена од локален систем за водоснабдување | | Популација со сопствено водоснабдување (сопствени бунари) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Корисници | % | Корисници | % | Корисници | % |
| Вардарски | 152.917 | 127.121 | 83.1% | 12.042 | 7.9% | 13.754 | 9.0% |
| Источен | 176.877 | 145.598 | 82.3% | 15.100 | 8.5% | 16.179 | 9.1% |
| Југозападен | 219.718 | 164.639 | 74.9% | 32.927 | 15.0% | 22.152 | 10.1% |
| Југоисточен | 173.552 | 132.489 | 76.3% | 17.451 | 10.1% | 23.612 | 13.6% |
| Пелагониски | 230.881 | 195.926 | 84.9% | 13.235 | 5.7% | 21.720 | 9.4% |
| Полошки | 320.299 | 183.385 | 57.3% | 90.699 | 28.3% | 46.216 | 14.4% |
| Североисточен | 176.231 | 115.486 | 65.5% | 17.235 | 9.8% | 43.511 | 24.7% |
| Скопски | 620.913 | 562.357 | 90.6% | 13.949 | 2.2% | 44.607 | 7.2% |
| Вкупно | 2.071.387 | 1.627.001 | 78.5% | 212.638 | 10.3% | 231.751 | 11.2% |

Извор: Национална студија за вода 2017

Водоводите во урбаните средини се управуваат од страна на јавните водоводни претпријатија и на тој начин се обезбедува квалитетна вода. Но, и во овие средини, а посебно во руралните проблем се старите и дотраени водоводни мрежа, како и непостојаната контрола на вода. Ваквите состојби упатуваат на потребите од замена на водоводните инсталации и перманентна проверка на квалитетот на вода во руралните средини. Во овој контекст е и прашањето за управувањето и одржувањето на водоводните системи.

### *5.3.2 Снабдување и користење на водите во индустријата и рударството*

Снабдувањето со вода и нејзиното испуштање има две важни димензии: едната е условена од индустрискиот развој и рударството, а другата се однесува на заштитата на животната средина.

Таб.бр.62 Снабдување и испуштање на вода во индустријата и рударството, 2015-2017

| Год. | 2015 | | 2016 | | 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на снабдување и користење на вода | количество во 000 $м^3$ | Учество ЈЗПР во РСМ во % | количество во $000м^3$ | учество ЈЗПР во РСМ во % | количество во 000 $м^3$ | учество ЈЗПР во РСМ во % |
| Снабдување со вода | 2.184.214 | 51.01 | 2.669 772 | 71.98 | 153 | 0.01 |
| Користење на вода за технолошки намени | 2.182.399 | 51.5 | 2.668.439 | 72.15 | 153 | 0.01 |
| Испуштање на непречистени води | 2.184.182 | 51.5 | 2.668.253 | 72.15 | 83 | 0.01 |
| Испуштање на прочистени води | 263 | 1.62 | 107 | 0.85 | 27 | 0.01 |
| Испуштање на отпадни води во индустријата и рударството | 144.150 | 51.34 | 97.902 | 44.97 | 110 | 0.01 |

Извор:ДЗС

Таб.бр.62 го опфаќа видот на снабдување и користење на водата, количеството и процентуалното учество на ЈЗПР во РСМ. Во поглед на снабдувањето присутно е зголемување, како во апсолутното количество, така и во процентуалното учество на ЈЗПР во РСМ. Овие параметри се со иста динамика и во поглед на користењето на водата за технолошки намени, така и во испуштањето на непрочистени води. Меѓутоа, загрижувачка е состојбата со испуштањето на прочистените води, бидејќи нивното количество се намалува, како во поглед на апсолутното количество, така и во учеството на ЈЗПР во РСМ. Ова може да има сериозно влијание врз животната средина. Испуштањето на отпадни води од индустријата и рударството е околност која произлегува од односите во овој сектор. Тоа би бил добар показател ако рационалноста во користењето на водите е на повисоко ниво.

### *5.3.3 Одведување и пречистување на отпадните води*

Одведувањето и пречистувањето на отпадни води е плод на развиената комунална инфраструктура, а соодветно и на свеста на населението. Водоснабдувањето од една страна, и одведувањето и пречистувањето на отпадните води од друга страна се взаемно поврзани. Исто така, треба да се констатира дека еден од фундаменталните фактори во заштитата на животната средина е токму реализацијата на овој вид инфраструктура. Водоснабдувањето без одведување и пречистување на отпадните води негативно се одразува врз животната средина и здравјето на жителите.

На територијата на државата има вкупно 25 пречистителни станици (ПСОВ) за третман на урбаните отпадни води и тоа: Вардарски плански регион регион (1), Источен (1), Југозападен (4), Југоисточен (6), Пелагониски (6), Североисточен (1), Скопски (6) и во Полошкиот ПР моментално нема вакви системи.

Таб.бр.63 Табела со постоечки и планирани пречистителни станици

| Регион | Реконструкција на мрежата за собирање на отпадни води | Нова инфраструктура за отпадни води | Рехабилитација на постоечки ПСОВ | Постоечки ПСОВ за отпадни води | Предвидена изградба на нови ПСОВ | Вкупно ПСОВ во 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски | X | X | X | 1 | 4 | 5 |
| Источен | X | X | X | 1 | 3 | 4 |
| Југозападен | X | X | X | 4 | 0 | 4 |
| Југоисточен | X | X | X | 6 | 2 | 8 |
| Пелагониски | X | X | X | 6 | 2 | 8 |
| Полошки | X | X | X | 0 | 1 | 1 |
| Североисточен | X | X | X | 1 | 1 | 2 |
| Скопски | X | X | X | 6 | 3 | 9 |

Извор: Национална Студија за води 2017 за третман на урбани отпадни води

Согласно Националната Студија за води од 2017 г. предвидена е изградба на 4 нови пречистителни станици во Вардарскиот, 3 во Источен и Скопски регион, по 2 во Југоисточен и Пелагониски, и по 1 во Полошки и Североисточен. За Југозападниот плански регион предвидени се инвестиции за реконструкција на мрежата за собирање отпадни води, изведба нова инфраструктура за отпадни води и рехабилитација на постоечките ПСОВ за отпадни води.

Анализата на застапеноста на пречистителните станици за отпадни води покажува дека во овој регион има една од највисоките вредности на ниво на државата и изнесува 43.8% што е далеку над просекот во РСМ (12.5%). Ова се должи, пред сè, на колекторскиот систем за заштита на Охридското Езеро. Меѓутоа, освен во Охрид, Струга, Кичево и Македонски Брод во останатите урбани центри, како и во руралните места, отпадните комунални води се испуштаат директно, без прочистување, во реципиентите.

Во таб.бр.64 подолу презентирани се проектираните инвестиции со цел подобрување на мрежите за водоснабдување и третман на отпадните води. Со овие планирани зафати би се спровеле барањата од ЕУ Директивите поврзани со водоснабдување и обезбедување на квалитет на водите, одведување и третман на урбаните отпадни води.

Таб.бр.64 Проектирани инвестиции по региони за рехабилитација на мрежата за водоснабдување и мрежата за одведување на отпадни води

| Регион | Проектирани инвестиции (евра) |
|---|---|
| Вардарски | 135.373.632 |
| Источен | 140.378.964 |
| Југозападен | 190.644.034 |
| Југоисточен | 140.361.485 |
| Пелагониски | 128.526.447 |
| Полошки | 339.046.299 |
| Североисточен | 159.382.594 |
| Скопски | 351.391.017 |

Извор: Национална Студија за води 2017 за третман на урбани отпадни води

**5.4. Клучни наоди**

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Патната мрежа обезбедува добра покриеност во ЈЗПР. | Тоа е основа за подобрување на поврзаноста. Макадамските, земјените и непробиените патишта се потенцијал за подобрување на општата комуникативност, а потребно е и зголемување на инфраструктурата со велосипедски и пешачки патеки. |
| Според регистрираните моторни возила ЈЗПР има солидно учество на национално ниво. | Потребно подобрување на квалитетот на регистрирани возила, односно намалување на периодот на нивна замена со нов парк. |
| Бројот на превезени патници е на задоволително ниво | Потребно е унапредување на такси и рента кар превозот. |
| Железничкиот сообраќај е со симболични карактеристики. | Отворањето на коридорот 8 е во насока на подобрување на состојбите. Би заживеал еден од еколошки најприфатливите превози, со оглед и на тоа што би се протегала и во дел кој е под посебна заштита. |
| Зголемен промет на аеродромот. | Потреба од проширување на аеродромот „Апостол Павле“ со што ќе се зголеми фрекфенцијата на патници и стоки. |
| Капацитетот на превозни средства ги задоволува потребите во езерскиот сообраќај. | Потребно воспоставување меѓународен линиски превоз, транспорт со пловила на електричен превоз и изградба на марина. |
| Производството на електрична енергија е позитивно. ЈЗПР има најголемо учество во поглед на ОИЕ во РСМ. | Потребна е целосна елиминација на фосилните горива и користење на обновливите енергенси. |
| Водоснабдувањето е над покриеноста на ниво на државата. | Проблем се водоводите во руралните средини кои имаат недоследности во хемиско-бактериолошката состојба. |
| Релативно високо место во поглед на мрежата на пречистителни станици за отпадни води, што се должи на колекторскиот систем на Охридското Езеро. | Потребно е завршување на овој систем, негово одржување и проширување на мрежата. |

# 6. Животна средина

Одржливиот развој подразбира, пред сè, заштита на животната средина. Карактеристиките на животната средина се придобивки кои населението ги наследува, користи и отстапува на следните поколенија. Оттука, здравата и одржлива средина е фактор кој го унапредува квалитетот на живот не само на денешните, туку и на идните генерации. Таа е во функција на економскиот сектор, и посебно на туристичкиот развој. Преку користењето на обновливите извори на енергија се постигнува урамнотеженост на енергетскиот биланс и перспективи во областа на економијата и вработувањето. Природното наследство содржи развојна и културно-морална димензија.

Состојбите на животната средина се однесуваат на тоа во која мерка успеваме да се справиме со депонирањето на сметот и другите отпадни материи, квалитетот на водата, воздухот и почвата и заштитата на вредностите на природата.

## 6.1 Активни депонии

Во ЈЗПР во 2016 г. има 6 активни депонии од вкупно 45 на територијата на РСМ. Вкупната површина на депониите во РСМ е 3.090.000 $м^2$, додека во ЈЗПР околу 220.000 $м^2$. Посебен проблем во Регионов се дивите депонии, што не ги исполнуваат основните безбедносни аспекти. Како и да е, активните и дивите депонии нагалаат регионално решавање на проблемот, при што првостепено е прашањето за примарната селекција на отпадот и подигнување на инфраструктурен објект/постројка - „фабрика за преработка на смет”. Ако дојде до нејзина изградба, тогаш сметот ќе биде барана суровина.

## 6.2 Собран и создаден отпад

Создаденото количество на смет и неговото собирање претставува фактор кој ги определува односите во животната средина. Движењата на овие параметри се дадени во таб.бр.65.

Таб.бр.65 Собран и создаден смет, 2017-2019 (во 000 t)

| | РСМ | | | ЈЗПР | | | Учество на ЈЗПР во РСМ во % | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | 2017 | 2018 | 2019 | 2017 | 2018 | 2019 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Собрано количество | 635 | 625 | 632 | 50 | 55 | 43 | 7.8 | 8.8 | 6.8 |
| Создадено количество | 787 | 855 | 916 | 96 | 113 | 161 | 12.9 | 13.2 | 17.5 |

Извор: ДЗС

Во таб.бр.65 дадени се обемот и динамиката на овие параметри и учеството на ЈЗПР во РСМ. Од табеларниот преглед се гледа дека создаденото количество на смет значително се зголемило во последната анализирана година во однос на 2017 год. Слични процеси се присутни и на ниво на државата, така што нема некои осцилации во општите движења кај

отпадот. Но, загрижувачки се тенденциите не само на зголемувањето на сметот и собраното количество, туку и на диспропорцијата меѓу овие параметри. Огромни количини на генериран отпад остануваат несобрани, што директно ја загадува и врши девастација на животната средина. Па така, дури 73.29% од создадениот отпад во ЈЗПР не е депониран, па макар и на нестандардните депонии.

## 6.3 Води

Хидрографската состојба ни укажува дека републиката нема големо изобилство на површински води и тие главно зависат од појавата, времетраењето и интензитетот на врнежите. Карактеристично е што на национално ниво има недостиг од станици за третман на урбаните отпадни води, како последица на што има нарушен квалитет на површински води, застареност на водоводната и канализациона мрежа и 90% покриеност на населението со системи за вода за пиење.

### *6.3.1 Хидролошка состојба во Регионот*

На национално ниво површинските води зафаќаат површина од 477 $km^2$, во кои спаѓаат 35 реки, 3 природни и 50 вештачки езера. Сите водотеци припаѓаат на четири речни сливови: Вардарски со 80% од вкупната водна површина, Црн Дрим со 13%, Струмица со 6.4% и Јужна Морава со 0.17 од вкупната водна површина во РСМ.

Црнодримскиот слив ги опфаќа сливовите на Преспанското и Охридското Езеро и сливот на реката Црн Дрим со своите притоки на територијата на државата, се до македонско-албанската граница кај Дебар. Црн Дрим истекува од Охридското Езеро кај Струга од каде по Дримколската клисура се заезерува и го формира езерото Глобочица, кое понатаму се влева во Дебарското Езеро, за да потоа навлезе во територијата на Република Албанија. Во сливното подрачје на Црн Дрим припаѓаат и акумулациите Шпилје, Глобочица, Шум и Мавровско Езеро (кое е дел од Полошкиот плански регион). Должината на речниот слив на Црн Дрим изнесува 56 km, а сливната површина на реката Радика зафаќа 1.772 km. Ова сливно подрачје ги опфаќа, генерално, Југозападниот и дел од Пелагонискиот и Полошкиот плански регион, па така општините од ЈЗПР и дел на ЕЛС од другите два региони влегуваат во рамки на Црнодримското сливно подрачје.

Најголем дел од водните ресурси во РС Македонија ги покриваат потребите на индустријата и тоа за: снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, кои учествуваат со 99%. Инаку, на регионално ниво, тековната искористеност на достапните извори на вода за пиење се движи од околу 26% во Пелагонискиот, до околу 68% во Североисточниот плански регион.

Таб.бр.66 Достапност на водни ресурси по региони

| Регион | Достапност на водни ресурси како вода за пиење (%) |
|---|---|
| Вардарски | 57.1 |
| Источен | 49.9 |
| **Југозападен** | **58.1** |
| Југоисточен | 42.3 |
| Пелагониски | 26.4 |
| Полошки | 39.4 |
| Североисточен | 68.2 |
| Скопски | 58.9 |

Извор: Национална студија за вода 2017

Во државата скоро 95% од вкупното население има пристап до безбедна вода за пиење, со напомена дека во урбаните подрачја покриеноста е 99%, додека во руралните тој процент е 78%. Потрошувачката на вода за пиење по региони е дадена во таб.бр.67

Таб.бр.67 Испорачана и потрошена вода по региони,2017

| Регион | Вкупно испорачана вода | Потрошена вода домаќинства и индустрија | Потрошена вода домаќинства |
|---|---|---|---|
| | 10 $m^3$ ($m^3$/годишно) | (lcd) | (lcd) |
| Вардарски | 15.796 | 169 | 129 |
| Источен | 18.523 | 139 | 110 |
| Југозападен | 29.621 | 145 | 119 |
| Југоисточен | 15.227 | 151 | 128 |
| Пелагониски | 25.058 | 167 | 130 |
| Полошки | 24.978 | 121 | 97 |
| Североисточен | 11.521 | 113 | 93 |
| Скопски | 104.981 | 197 | 151 |
| Вкупно/просечно | 254.734 | 150.25 | 119.63 |

Извор: Национална студија за вода 2017

Од презентираните податоци може да се констатира дека потрошувачката на вода по региони се движи, од 93 l вода на жител дневно во Североисточниот, до 151 l вода на жител дневно во Скопскиот плански регион. Просечната дневна потрошувачка на вода по жител на национално ниво е 119,6 l. Најголема количина на испорачана вода, на годишно ниво, е регистрирана во Скопскиот 104.981 $m^3$, додека најмала во Североисточниот плански регион - 11.520 $m^3$/годишно.

Квалитетот на водата за пиење ги задоволува хемиските и бактериолошките стандарди на исправност, со исклучок на (3% -7%) примероци кои отстапуваат како резултат на отсуство на хлор, или зголемена содржина на нитрити од копани бунари од страна на индивидуални корисници.

## 6.4 Почва

Долгогодишната индустријализација и интензивното експлоатирање на природните ресурси во последните декади доведоа до загадување на поголем број региони во земјата и создавање на индустриски контаминирани локации, или т.н. „жешки точки“. Овие подрачја се сериозна закана за луѓето кои живеат - во или близу нив, поради нивното негативно влијание на човечкото здравје, или индиректно преку загадување на медиумите на животната средина и навлегување на загадувачите во синџирот на производството на храна.

### *6.4.1 Контаминирани подрачја на национално ниво*

Во Националниот план за управување со отпад на РСМ идентификувани се 16 индустриски контаминирани локации или т.н. „жешки точки“ со утврдени влијанија врз животната средина во кои според типот на индустрија, за ЈЗПР, се споменуваат: Термоелектраната, заедно со рудникот со лигнит, во РЕК Осломеј- Кичево, и Индустрискиот (затворен) капацитет Тане Цалески- Кичево

Од утврдените жешки точки, по региони, може да се каже дека во Скопскиот регион ги има најмногу (4), во Вардарскиот (3), во Североисточниот, Источниот и Југозападниот по 2, а во Југоисточениот и Полошкиот регион идентификувани се по една жешка точка. Нивното влијание врз животната средина и нивниот потенцијал на опасност е дадено во табелата подолу, при што три „жешки точки“ се рангирани со висок еколошки ризик (означени со црвена боја), седум со среден еколошки ризик (означени со портокалова боја) и шест „жешки точки“ со низок еколошки ризик (означени со жолта боја).

Таб.бр.68 Површина на идентификуваните 16 индустриски жаришта во РСМ

| # | Жешка точка | Површина на локација (m2) |
|---|---|---|
| 1 | ОХИС А.Д. (органска хемиска индустрија) во Скопје | 76.725 |
| 2 | Бучим (рудник за бакар-јаловишта со бакар) во Радовиш | 900.000 |
| 3 | МХК Злетово Велес (топилница-руднички јаловишта) | 95.000 |
| 4 | Лојане, рудник за хром, арсен, антимон во Куманово | 100.000 |
| 5 | Саса (рудник за олово и цинк) Македонска Каменица | 285.000 |
| 6 | Силмак (фабрика за феро-силициум) (поранешен ХЕК Југохром) во Јегуновце | 80.000 |
| 7 | Тораница (олово и цинк) Крива Паланка | 25.000 |
| 8 | Макстил (фабрика за железо и челик) Скопје | 125.000 |
| 9 | Злетово (рудник за олово и цинк) Пробиштип | 280.000 |
| 10 | РЕК Битола (енергетска централа и рудник за јаглен) | 100.000 |
| 11 | Фени (топилница за феро-никел) Кавадарци | 167.000 |
| 12 | МХК Злетово (ѓубрива) Велес | 70.000 |
| **13** | **РЕК Осломеј (енергетска централа и рудник за јаглен) Кичево** | **280.000** |
| 14 | Кожара Годел Скопје | 500 |
| 15 | ОКТА (рафинерија за нафта) Скопје | 6.000 |
| **16** | **Тане Цалески (третман на метални површини) во Кичево** | **100** |
| **Просечно/вкупно** | | **2.590.325** |

Извор: Annex 9: Special Study E Industrial Contaminated Sites (“hotspots”) National Waste Management Plan and Feasibility Studies

Од идентификуваните жешки точки најголема површина зафаќа рудникот Бучим (во Југоисточниот плански регион), а потоа  следат рудниците Саса и Злетово (Источен), РЕК Осломеј (Југозападен), Фени (Вардарски), Макстил (Скопски), рудникот Лојане (Североисточен) и РЕК Битола (Пелагониски).

Југозападниот плански регион со двете жешки точки, учествува со 380.000 $м^2$, или 14.66% од вкупната територија на РСМ за која е неопходна санација на контаминираните жешки точки. Покрај поголемите индустриски депонии постојат и помали депонии, каде што се депонира и/или се депонирал отпад од процесите и опасен отпад, на самата локација, но во помали количества.

**6.5 Воздух**

Во поголемите урбани центри во државата последнава деценија има сериозно нарушување на квалитетот на воздухот, за што свое влијание, покрај стопанските, индустриски, капацитети, има сообраќајот и загревањето на домаќинствата кои во голем дел користат огревно дрво.

***6.5.1 Осврт на сегашна состојба со медиумот на ниво на агломерации***

Користењето дрва за загревање на домаќинствата во зимскиот период предизвикува сериозни проблеми со квалитетот на воздухот во густо населените места, бидејќи најголемиот дел од домаќинствата се уште ова цврсто гориво го користат како примарен извор за греење.

Патничките моторни возила претставуваат извор на загадување на воздухот во урбаните средини, поради големиот интензитет на сообраќај и делумно поради стариот возен парк и несоодветното одржување на возилата. Дополнително влијание врз загадувањето на воздухот има и развојот на густо изградени урбани области и намалувањето на зелените површини.

***6.5.2  Мониторинг станици за квалитет на воздух по региони***

Министерството за животна средина и просторно планирање управува со Државниот автоматски мониторинг систем за следење на квалитетот на амбиенталниот воздух, кој се состои од 18 фиксни и една мобилна мониторинг станица и тоа: 5 мерни станици во Скопје, 2 мерни станици во Битола, и по една мерна станица во Велес, Илинден, Кичево, Куманово, Кочани, Тетово, Кавадарци, Гостивар, Струмица, Гевгелија и Лазарополе.

Краток опис на мониторинг станиците за воздух, нивната локација, типот на мерната станица како и параметрите кои ги мери/следи, во рамките на агломерацијата на т.н. Западната зона, се прикажани во таб.бр.69.

Таб.бр.69  Опис на мерните станици за квалитет на амбиентален воздух во РСМ

| Зона | Локација | Тип на станица | Параметри кои ги мери мониторинг станицата во [µg/m3] |
|---|---|---|---|
| **Западна зона** | Битола 1 | Субурбана станица која го следи загадувањето од индустријата | $O_3$, $NO_2$, $SO_2$, CO, $PM_{10}$, $PM_{2,5}$ |
| | Битола 2 | Урбана станица која го следи загадувањето од сообраќајот | $O_3$, $NO_2$, $SO_2$, CO, $PM_{10}$, $PM_{2,5}$ |
| | **Кичево** | **Урбана станица која го следи загадувањето од сообраќајот и индустријата** | **$O_3$, $NO_2$, $SO_2$, CO, $PM_{10}$** |
| | Лазарополе | Рурална позадинска станица | $O_3$, $NO_2$, $SO_2$, $PM_{10}$ |
| | Тетово | Урбана станица која го следи загадувањето од сообраќајот | $O_3$, $NO_2$, $SO_2$, CO, $PM_{10}$, $PM_{2,5}$ |
| | Гостивар | Урбана позадинска станица | $O_3$, $NO_2$, $SO_2$, CO, $PM_{10}$ |

Извор: Преглед на перформансите за животна средина на РСМ, 2020 година

### *6.5.3  Состојба со квалитетот на воздухот*

Извори на PM10 честичките се домаќинствата, преку користењето на дрва за греење и големите  инсталации за согорување.  Загревањето на домовите е главен извор на емисии на PM10, односно  46% од емисиите на PM10 и 58% од  PM2.5. Индустрискиот сектор придонесува со 22% од емисиите на PM10 и 20% од емисиите на PM2.5, додека производството на топлина и електрична енергија е одговорно за 11% од емисиите на PM10 и 6% од емисиите на PM2.5

### *6.5.4  Предизвици за подобрување на квалитетот на воздухот*

Најголемите предизвици за подобрување на квалитетот на воздухот во урбаните средини се:  спроведување на интегриран систем за мониторинг на животната средина и здравјето на луѓето; мониторинг на изложеноста на населението на PM2.5 и PM10 и влијанието на загадувањето на воздухот врз здравјето на луѓето и стапката на смртност; обезбедување на мониторинг на негативните влијанија на загадувањето на воздухот врз екосистемите, засновано врз мрежа на места за мониторинг; воведување мерки за обнова на возниот парк на патнички возила; воведување зелен систем на јавни набавки и советување на националните јавни институции и општините да го обноват возниот парк со возила со пониски емисии и воведување мерки за подобрување на енергетската ефикасност и стимулирање за употреба на поодржливи горива во секторите домување и енергетика (вклучително и во индустријата).

## 6.6 Заштита на природата

ЈЗПР е карактеристичен по застапеноста на ретко природно наследство,  а на дел и по неговата заштита. Поместениот Регистар на заштитени или предложени за заштита природни реткости е во  согласност со Просторниот план на државата.

Таб бр.70 Регистар на вредности на природата

| Просторна целина/Објект/Растение/Животно | Статус | | Ниво на заштита |
|---|---|---|---|
| | Прогласени | Предложени | |
| Охрид и Охридското Езеро | • | | UNESCO |
| Галичица - Охрид | • | | Национален парк |
| Јакупица- Македонски Брод<br>Јабланица-Струга-Вевчани | | • | |
| Сини Вирој-Дебрца, Песочансака Река-Дебрца, Осој-Охрид | | • | Строг природен резерват |
| Крушино-Кичево | | • | Карактеристичен пејзаж |
| Баба Сач-Кичево, Зајаска Река-Кичево, Луково-Струга, Студенчица- Кичево и Студенчишта-Охрид | | • | Посебни природни резервати |
| Суви дол-Кичево и Дреночка Река-Струга | • | | Одделни растителни и животински видови надвор од природните резервати |
| Вевчански извори-Вевчани, Дувало-Охрид, Горна Слатинска Пештера-Македонски Брод, Македонски даб-Охрид, Охридско Езеро-Охрид , Дебрца и Струга, пештера Млечник во Ташмаруништа-Струга и Платан Чинар-Охрид | • | | Споменици на природата |
| Алипашица-Струга, Бабин Срт-Центар Жупа, Белешничка Река-Македонски Брод, Вевчанско Езеро-Вевчани, Гипсана пештера Алчија-Дебар, Голубарник-Македонски Брод, Даб-Пласница, Дабово стебло-Македонски Брод, Дабово стебло Луково-Струга, Дабово стебло Делогожда-Струга, Дабови стебла-Струга, Ела-Вевчани, Змејовица-Македонски Брод, Костен-Струга, Крапа-Македонски Брод, Ореоец-Македонски Брод, Острово-Охрид, Пешна-Македонски Брод, Пештера Јаорец-Дебрца, Пештера Момичек-Македонски Брод, Пештера Самоска Дупка-Охрид, Пештера Каменолом-Кичево, Пештера Утова Дупка-Кичево, Пештера Калина Дупка- Кичево, Пештера Гинчејца-Кичево, Пештера Орле-Македонски Брод, Питран-Пласница, Платан-Струга, Платан-Вевчани, Платан во Велешта-Струга, Подгоречко Езеро-Струга, Сланско-Македонски Брод и Тајмште-Кичево. | | • | |

Извор: Просторен план на Р.Македонија, 2004 г.

Покрај Регистарот кој ги опфаќа сите природни вредности во таб.бр.71 даден е и Регистар на прогласени природни вредности во ЈЗПР со координати на локација и по години на прогласување.

Таб.бр.71 Регистар на природно наследство во ЈЗПР

| Локалитет | Географски координати | Година на прогласување |
|---|---|---|
| **Национални паркови** | | |
| Галичица | 40°59'N/20°52'E | 1958 |
| **Споменици на природата** | | |
| Горна Слатинска Пештера | 41°35'N/21°29'E | 1953 |
| Вевчански извори | 41°14'N/20°35'E | 1999 |
| Охридско Езеро | 41°03'N/20°47'E | 1958 |
| Белешничка Река | 41°40'N/21°17'E | 2002 |
| Слатински Извор | 41°34'N/21°13'E | 2004 |
| Платан-чинар, Охрид | 41°11 N/20°80'E | 1967 |
| Македонски даб, с.Трпејца, Охрид | 40°57'N/20°47'E | 1967 |
| Дувало (Косел) | 41°10'N/20°50'E | 1979 |
| Платан, с.Калишта, Струга | 41°08'N/21°39'E | 1961 |
| Пештера Млечник, Струга | 41°16'N/20°39'E | 1964 |
| Дреночка Река, Струга (ОРЖВ*) | 41°39'N/20°55'E | 1960 |
| Гарска река (ОРЖВ) | 41°50'N/ 20°68'E | 1960 |
| *) Одделни растителни и животински видови надвор од природните резервати | | |

Овој регистар овозможува да се види потенцијалот за прогласување на природни реткости во наредниот период, кои не се опфатени во двата поместени регистри.

### 6.7 Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Огромни количини на генериран отпад остануваат несобрани, што директно ја загадува и врши девастација на животната средина. | Санацијата на дивите депонии, рециклирањето и обработката на сметот се најголемите приоритети во Регионот. |
| Хидролошки јазол на РСМ. | Воден потенцијал кој може да се искористи на оптимален начин. |
| Загадувањето на почвата е определено со две индустриски жаришта. | Неопходна е санација на жешките точки - Осломеј и Тане Цалески |
| Квалитетот на воздухот се мери во мерната станица Кичево. | Потребно е да се зголеми бројот на мерните станици и да се има активен однос кон заштитата на воздухот во овој поглед. |
| Постои регистар на заштитени или предложени природни реткости за заштита. | Треба да се прошири оваа листа со нови локалитети. |

## 7. Култура

ЈЗПР претставува вистинска ризница на богато движно и недвижно културно наследство, што е плод на природните услови, историските процеси и креативноста на населението кое милениумски опстојувало на овие простори. Овде се јавува континуитет на цивилизии од најстари времиња до современи периоди. Археолошките локалитети овозможуваат фактографска презентација на профаната и сакралната култура; Архитектурата има длабоки корени, од наколни живеалишта до ремек дела на современото градителство.

Посебно импресивно е средновековното сликарство како фрескописот, иконогрфијата, длаборезот и бакрорезот, како и стопанските објекти и другите архитектонски недвижности. Исто така, бројните културни институции, овозможуваат презентација на културното наследство, а значајните манифестации и етнографијата се дел од „живата" култура.

Покрај застапеноста на културни вредности кои го определуваат наследството, развојот на културата е во тесна врска и со вклученоста на населението во културните активности, што подрзбира посета на културни настани, локалитети и објекти.

**7.1 Културно наследство**

Културното наследство претставува вредност која се штити како од страна на надлежните институции, така и од самото население. Преку културното наследство се врши афирмација на ЈЗПР како културна средина. Во овој поглед, културата посебно се врзува за туризмот како една од најзначајните стопански сфери во ЈЗПР, и од тој аспект е значајно да се регистрираат сите вредности на културното наследство. Во ЈЗПР се регистрирани повеќе од 350 различни културно-историски знаменитости. Благодарение на културните и природните вредности Охрид и Охридското Езеро се заштитени во рамките на УНЕСКО.

Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура има изработено Регистар на заштитените добра во РСМ, што значи и за ЈЗПР. Тој е даден во таб.бр.72

Таб.бр.72 Список на заштитени добра (состојба 31.12. 2012 г.)

| Општина | Населено место | Објект-локација - месност |
|---|---|---|
| **Вевчани** | **Вевчани** | 1.Споменичка целина Вир, Валавица и Воденица 2. Куќата на Коруновци 3. Куќата на Дуцкиновци, 4. Куќата на Костојчиновци, 5. Куќата на Китановци, 6. Куќата на Пешиновци, 7. Куќата на Пешиновци 8. Куќата на Калајџиевци, 9. Куќата на Гоговци, 10. Куќата на Даскаловци, 11. Куќата на Поповци |
| **Дебар** | **Дебар** | 1. Нова бања - амам, 2. Амам - бања на ул. „Петре Поповски” бб, 3. Куќа - ул. „ЈНА” бр.33, 4. Куќа - ул. „Петре Поповски” (бр.9)/нов број 57, 5. Куќа - ул.„Лиман Каба” бр.22, 6. Куќа - ул.„Први мај” бр.43, 7. Куќа - ул.„Црн Дрим” бр.32, 8. Куќа - ул. „Братство - единство” бр.31, 9. Куќа - ул.„Здравко Чочковски” бр.226, 10. Куќа - ул.„Црн Дрим” бр.26, 11. Куќа - ул.„Павле Чиковски” бр.221, 12. Кадири текија, ул.„Јордан Зафировски”бр.9, 13. Црква „Св.Петка”, 14. Инкјар џамија |
| | **Гари** | 1. Рурална целина Гари |
| | **Рајчица** | 1. Црква „Св.Варвара”, 2. Црква „Св.Ѓорѓи Победоносец” |
| | **Џепиште** | 1. Археолошки локалитет „Римска црква” |
| **Кичево** | **Кичево** | 1. Археолошки локалитет „Кале”, 2. Археолошки локалитет „Палатиште”, 3. Спомен костурница во Паркот на Револуцијата , 4. Куќа во која е формиран Обласниот, Околискиот, односно Оштинскиот Народен Одбор, 5. Куќа во која престојувал ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија, ул. „Стојан Божиноски” бр.13 (Музеј „Западна Македонија во НОВ”), 6. Куќа во која бил одржан говор на Митингот на 26.09.1943год на ул. „Маршал Тито” бр.58, 7. Куќа - ул.„29-ти Ноември” бр.32,8. Куќа - ул. „Тане Целески” бр.19-21 |
| | **Лазаровци** | 1. Црква „Св. Ѓорѓи” |
| | **Подвис** | 1. Стара училишна зграда |
| | **Цер** | 1. Археолошки локалитет „Црквиште/Зад Забел” , 2. Спомен гробница на Христо Узунов, 3. Црква „Мицеви”, 4. Црква „Св. Никола”, 5. Црква „Св. Спас”, 6. Црква „Св. Петка” |
| | **Манастирско Доленци** | 1. Манастир „Св. Богородица Пречиста-Кичевска” |
| | **Доленци** | 1. Археолошки локалитет „Суви ливади” |
| | **Миокази** | 1. Археолошки локалитет „Градиште/Венец” |
| | **Вранештица** | 1. Црква „Св.Илија” , 2.Црква “Св. Ѓорѓи” |
| | **Длапкин Дол** | 1. Арх. локалитет „Чукаре” |
| **Охрид** | **Трпејца** | 1. Црква „Св.Богородица Заумска”, локалитет Заум |
| | **Велестово** | 1. Црква „Успение на Св.Богородица” |
| | **Коњско** | 1. Црква “Св.Стефан - Панцир” |
| | **Љубаништа** | 1. Манастир „Св.Наум” |
| | **Пештани** | 1. Црква „Св.Богородица Пештанска”, 2. Археолошки локалитет - Наколна населба „Залив на коските/Плоча Миќов Град” |
| | **Долно Лакочереј** | 1. Црква „Св.Еразмо”, месност Св.Еразмо- пештерна црква, 2. Археолошки локалитет „Кулиште - Градиште” |
| | **Лескоец** | 1. Црква „Св.Спас” (Вознесение) |
| | **Косел** | 1. Споменик „Рашанец” - Прентов мост, 2. Црква „Св.Никола”, 3. Археолошки локалитет „Градиште” |
| | **Куратица** | 1. Заедничка гробница на паднати борци во НОВ |

| | | |
|---|---|---|
| **Охрид** | **градско подрачје** | 1. Амам „Воска”, ул.„Гоце Делчев” бр.152-а, 2. Амам „Ески”, ул.„Борис Кидрич” бр.1, 3.Арх. локалитет „Антички театар”, Варош, 4. Арх. локалитет „Гробница-Видобишта”, ул.„Марко Цепенко” бр.140, 5. Арх. локалитет „Козлук”, 6. Арх. локалитет на ул.„Илинденска” бб, 7. Арх.локалитет ХЕРМЕЛЕЈА („Габавци”, „Патерица”, „Амбарџица”), 8. Арх. локалитет „Св.Еразмо”, 9. Арх. локалитет АНТИЧКА ГРОБНИЦА „КАРАЃУЛЕВЦИ”, 10. Галерија на икони, ул.„Климентов Универзитет” бб, 11. Гроб на Глигор Прличев, 12. Куќа на Христо Узунов, ул. „Цар Самоил” бр.49, 13. Спомен могила на Славеј Планина, 14. Плацот од куќата на Глигор Прличев, 15. Заедничка гробница на паднатите борци во НОБ, 16. Спомен плоча на паднатите професори и ученици во НОБ од охридската гимназија на ул. “Димитар Влахов” бр.75, 17. Куќа со спомен плоча на ул. „Климентска” бр.75, 18. Спомен плоча на карпата кај „Баирот”, 19. Дрвото „Кочеџик” во комплексот „Св. Климент”/спомeник на природата/, 20. Куќа на ул. „Гоце Делчев” бр.8 - Куќа на Кадри Шех, 21.Куќа на ул „Коста Рацин” бр.45, 22. Куќа на ул. „Нада Филева” бр.54, 23. Куќа на ул. „Нада Филева” бр.52, 24. Куќа на ул. „Нада Филева” бр.26, 25. Куќа на ул. „Стив Наумов” бр.14, 26. Куќа на ул. „Стив Наумов” бр.14, 27. Куќа на ул. „Маршал Жуков” бр.38, 28. Куќа на ул. „Маршал Жуков” бр.31, 29. Куќа на ул. „Маршал Толбухин” бр.1, 30. Куќа на ул. „Маршал Толбухин” бр.22, 31. Куќа на ул. „Маршал Толбухин” бр.2, 32. Куќа на ул. „Св.Климент” бр.19, 33. Куќа на ул. „Св.Климент” бр.21, 34. Куќа на ул. „Самоилова” бр.44, 35. Куќа на ул. „Цар Самоил” бр.62 – „Куќа на Робевци” - Музеј на град Охрид, 36. Куќа на ул. „Самоилова” бр.50, 37. Куќа на ул. „Самоилова” бр.67, Куќа на ул. „Самоилова” бр.38, 39. Куќа на ул. „Коста Абраш” бр.44, 40. Куќа на ул. „Страшо Пинџур” бр.2, 41. Куќа на ул. „Страшо Пинџур” бр.20, 42. Куќа на „Кеј Маршал Тито” бр.3, 43. Куќа на ул. „7-ми Ноември” бр.29 и 31, 44. „Уранија - Куќа на МАНУ” ул. „Цар Самоил” бр.45, 45. Управна зграда на НУ Завод и Музеј Охрид ”Замок”, 46. Музејска зграда „Словенска писменост” ул. „Климентов Универзитет” бб, 47. Саат кула, ул. „Нада Филева” бр.6-б, 48. Стариот дел на градот, 49. „Самоилова тврдина” во стариот дел на градот, 50. Теќе „Зејнел Абедин Паша” на ул. „Гоце Делчев” бр.6, 51. Турбе на Синан Челеби кај „Имарет”, ул. „Страшо Пинџур” бр.40-а, 52. Црква „Св.Пантелејмон”, ул. „Страшо Пинџур” бр.44 (месност „Имарет”), 53. Црква „Св.Богородица Челница”, ул. „Климентска” бр.78, 54. Црква „Св.Врачи Мали”, ул. „Климентска” бр.84, 55. Црква „Св.Димитрија”, ул.„Климентска” бр.104-б, 56. Црква „Св.Богородица Болничка”, ул. „Коста Абраш” бр.30-б, 57. Црква „Св.Никола Болнички”, ул. „Коста Абраш” бр.30-а, 58. Црква „Св.Климент” („Богородица Перивлепта”), ул. „Климентска”бр.108, 59. Црква „Стар Св.Климент” („Мал”), ул. „Методи Патчев” бр.9-а, 60. Црква „Св.Јован Богослов-Канео”, ул. „Кочо Рацин” бр.37, 61. Црква „Св.Софија”, ул. „Илинденска” бр.34-а, 62. Црква „Св.Константин и Елена”, ул.„Климентска” бр.108-а (бр. 112), 63. Црква „Св.Богородица Каменско” - Кошишта, 64. Црква „Св.Никола Геракомија”, ул. „Коста Абраш” бр.70, 65. Црква „Св.Никола Арбанашки”, ул. „Страшо Пинџур” бр.16-а, 66. Црква „Св.Никола Чудотворец”, ул. „Климентска” бр.61-а, 67. Џамија „Али Пашина”, ул. „Моша Пијаде” бр.17, 68. Џамија „Ајдар Пашина”, ул. „Гоце Делчев” бр.290, 69. Џамија „Хаџи Дургут”, ул. „7-ми Ноември” бр.132-а, 70. Џамија „Хаџи Хамза”, ул. „Гоце Делчев” бр.53, 71. „Охридско природно и културно-историско подрачје” ( Охрид како целина заштитен под УНЕСКО), 72. Цитадела (Охридско Кале/Горни Сарај), 73. Поликонхална ранохристијанска црква кај „Имарет”, 74. Арх. локалитет „Св.Ѓорѓи”, кај Студенчишта, 75. Локалитет (арх.комплекс) „ПЛАОШНИК” Охрид, Варош, 76. Археолошки локалитет ,,Св. Четириесет маченици”, 77. Куќа на ул. „Самоилова” бр.67, 78. **„**Старото градско јадро‘‘ на Охрид, 79. Куќа на ул. „Цар Самуил” бр.30”, 80. Црквата ‘„Големи Свети Врачи (Св. Кузман и Дамјан)‘‘ – Охрид, 81. Ранохристијанска базилика-Студенчишта |

| | | |
|---|---|---|
| **Дебрца** | **Меѓу Белчишта – Ботун** | 1. Споменик на слободата, Братството и Единството на бригадите, локалитет „Тумба” |
| | **Белчишта** | 1. Основно училиште, 2. Куќа со спомен плоча |
| | **Лешани** | 1. Црква „Си Свети”, 2. Воденица во с.Лешани |
| | **Велмеј** | 1. Археолошки локалитет „Кутлина - Блато”, месност „Блато”, 2. Црква „Св.Богородица Пречиста - Келија” |
| | **Врбјани** | 1. Црква „Св.Ѓорѓи”, 2. Споменик на паднатите борци од НОБ |
| | **Годивје** | 1. Црква „Св.Ѓорѓи” |
| | **Горно Средоречие** | 1. Археолошки локалитет „Зла страна” |
| | **Злести** | 1. Црква „Св.Богородица” |
| | **Издеглавје** | 1. Црква „Св.Никола” |
| | **Оздолени** | 1. Црква „Св.Ѓорѓи” |
| | **Слатино** | 1. Основно училиште |
| | **Сливово** | 1. Спомен чешма, 2. Спомен плоча на училиштето |
| | **Црвена Вода** | 1. Основно училиште |
| | **Турје** | 1. Црква „Св.Богородица” |
| | **Горенци** | 1. Археолошки локалитет „Сува Чешма”,„Три Чељусти”,„Вртуљка”, 2. Археолошки локалитет „Требенишка некропола”, на патот Охрид - Кичево |
| | **Требеништа** | 1. Археолошки локалитет „Требенишко Кале” |
| **Струга** | **Враништа** | 1. Црква „Св.Богородица” |
| | **Горна Белица** | 1. Црква „Св.Петка” |
| | **Калишта** | 1. Црква „Св.Атанас”, 2. Црква „Успение Богородичино” |
| | **Октиси** | 1. Археолошки локалитет „Вајтос/Градиште”, 2. Археолошки комплекс -Црква „Св.Никола” и Комплексот на ранохристијанската базилика |
| | **Радолишта** | 1. Археолошки локалитет - Ранохристијанска базилика „Радолиште”(„Цигански Гроб”) |
| | **Радожда** | 1. Пештерна црква „Архангел Михаил” |
| | **Делогожди** | 1. Археолошки локалитет „Св.Илија” |
| | **Корошишта** | 1. Археолошки локалитет „Латиница” |

| | | |
|---|---|---|
| **Струга** | **Градско подрачје** | 1. Турски амам „Мустафа Челеби”, 2. Теќе „Халвети”, 3. Куќа - соп. Пере Чурковски, ул. „Гоце Делчев” бр.13, 4. Куќа - соп. Катерина Несторова, ул. „Гоце Делчев” бр.33, 5. Куќа - соп. Наум Асанковски, ул. „Гоце Делчев” бр.60, 6. Куќа - соп. Никола Шантовски, ул. „Гоце Делчев” бр.62, 7 Куќа - соп. Наум Садески, ул. „Гоце Делчев” бр.64, 8. Куќа - соп. Петруш Кочовски, ул. „Гоце Делчев” бр.66, 9. Куќа - соп. Марица Матовска, ул. „Гоце Делчев” бр.70, 10. Куќа - соп. Никола Несторов, ул. „Гоце Делчев” бр.82 (ц.р.407), 11. Куќа - соп. Стеван Несторов, ул. „Гоце Делчев” бр.8417, 12.Куќа - соп. Владислав Деребан, ул. „Браќа Миладинови”бр.1, 13. Куќа - соп.Никола Касиков,ул. „Браќа Миладинови” бр.14, 14. Куќа - соп.Милица Каневчева, ул. „Браќа Миладинови” бр.16 (Музеј - Струга), 15 . Куќа ул. „Браќа Миладинови” бр.18 (Галерија “Коџоман”), 16. Куќа -ул. „Браќа Миладинови” бр.20, 17 . Куќа – ул. „Браќа Миладинови”бр.28., 18 Куќа -ул. „Браќа Миладинови” бр.30, 19. Куќа -ул. „Браќа Миладинови”бр.32, 20. Куќа – ул. „Браќа Миладинови” бр.36, 21. Куќа – ул. „Нико Нестор” бр.5, 22. Куќа – ул. „Нико Нестор” бр.7, 23. Куќа – ул. „Нико Нестор” бр.9, 18. Куќа – ул. „Нико Нестор”бр.11, 19. Куќа -ул. „Нико Нестор”бр.13, 20. Куќа – ул. „Нико Нестор” бр.15, 21. Куќа – ул. „Нико Нестор” бр.31, 22. Куќа – ул. „Нико Нестор” бр.46, 23. Куќа – ул. „Нико Нестор” бр.48, 24.. Куќа – ул. „Тимошенко” бр.1238. Куќа – ул. „Тимошенко” бр.1339. Куќа – ул. „Тимошенко” бр.15, 25. Куќа – ул. „Тимошенко” бр.19, 26. Куќа – ул. „Тимошенко” бр.21, 27. Куќа – ул. „Тимошенко” бр.23, 28. Куќа – ул. „Димче Кошарко” бр.42, 29. Куќа - црковен имот, ул. „Солунска” бр.14, 30. Црква „Св. Ѓорѓи” |
| **Пласница** | **Пласница** | 1. Црква „Св.Никола”<br>2. Џамија „Нурли“<br>3. Станбен објект (Двокуќа – Сарај)<br>4. Џамија „Јешил“ |
| **Македонски Брод** | **Белица** | 1. Црква „Св. Троица” ( “Св. Никола” ) |
| | **Бенче** | 1. Црква „Св.Архангел Михаил” |
| | **Брезница** | 1. Црква „Св.Богородица” |
| | **Ижиште** | 1. Црква „Св. Никола” |
| | **Модриште** | 1. Црква „Св. Атанасие” |
| | **Здуње** | 1. Црква „Воведение на Богородица” ,2. Црква „Св.Петар и Павле” |
| | **Ореовец** | 1. Црква „Св. Никола” , 2. Црква „Св.Архангел Гаврил” |
| | **Самоков** | 1. Црква „Св. Атанасие” |
| | **Требино** | 1. Црква „Св.Богородица”, 2. Црква “Св.Димитрија” |
| **Центар Жупа** | **Горенци** | 1. „Горенички мост” на реката Радика |
| | **Коџаџик** | 1. Меморијален центар „Коџаџик” |

Извор: Министерство за култура

Регистарот на заштитени културни вредности во ЈЗПР го изразува нивото на заштита на културното богатство. Во него е презентирана застапеноста по општини, така што овозможува увид во разместеноста на целата територија. Регистарот овозможува да се дополни оваа културна ризница со пријавување на нови локалитети и објекти за заштита од страна на Општините во ЈЗПР.

## 7.2 Застапеност и користење на културните институции

Културните институции го изразуваат нивото на културна изграденост, и истите се основа за одвивање на културниот живот во локалните средини и Регионот во целина. Овие параметри на ЈЗПР имаат компаративен карактер затоа што се споредливи со параметрите на РСМ. Бројот и нивното користење по видови се дадени во следната таб.бр. 73

Таб.бр.73  Број на културни институции и посетители

| 2018 год. | РСМ | ЈЗПР |
|---|---|---|
| **Кина 1)** | **14** | **2** |
| Број на посетители во кината | 466.926 | 2.217 |
| Број на посетители во кината на 1000 жители (состојба 31.12.2018) | 224.8 | 10.1 |
| **Музеи 2)** | **26** | **2** |
| Број на посетители во музеите | 427.493 | 9.440 |
| Број на посетители во музеите на 1000 жители (состојба 31.12.2018) | 205.8 | 43.1 |
| **Професионални театри** | **19** | **1** |
| Број на посетители во театрите | 259.195 | 3.760 |
| Број на посетители во театрите на 1000 жители | 124.8 | 17.0 |

Извор:ДЗС

Од табеларниот преглед се гледа дека по бројот на институции и нивната посетеност - ЈЗПР забележително заостанува зад РСМ. Бројот на кина во РСМ изнесува 14, а во регионот 2. Ова драстично се одразува на остварената посетеност, која изнесува 2.217. Како паралела, посетеноста на 1.000 жители во ЈЗПР изнесува 10.1, а во РСМ 224.8. Нешто поповолна е посетеноста на музеите, при што бројот на посетители изнесува 9.440. Или на 1.000 жители изнесува 43.1, наспроти посетеноста во РСМ од 205.8. Заостанување е присутно и во посетеноста на  театрите каде бројот на посетители во ЈЗПР изнесува 3.760 или 17 на 1.000 жители, додека во РСМ овој број изнесува 124.8 на 1.000 жители.

Анализата покажува дека е потребно да дојде до институционално подобрување на состојбите, што ќе биде фактор на зголемување на посетеноста и намалување на диспаритетот во однос на РСМ.

## 7.3. Клучни наоди

| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
|---|---|
| Регионот спаѓа во групата на исклучително значајни културни целини во РСМ. | Користење како културен бренд на Европа. |
| Постои регистар на заштитени културни добра по општини. | Тоа е можност да се сочува наследството, да се прошири и да се стави во функција на туризмот. |
| Застапеноста на културни институции е скромна. | Треба да се прошират, како по обем,така по квалитет. |
| Посетеноста на културните настани е релативно слаба со исклучок на музеите. | Потребно да дојде до институционално подобрување на состојбите, што ќе биде фактор на зголемување на посетеноста и намалување на диспаритетот во однос на РСМ. |

# 8. Земјоделство и сточарство

Земјоделството и сточарството спаѓаат во редот на дејностите што овозможуваат да дојде до поттикнување и унапредување на руралниот развој во ЈЗПР, а кои треба да се потпираат на поволните почвени, климатски и хидролошки услови, како и на организацијата и користењето на современи агротехнички мерки и средства.

## 8.1 Земјоделски површини

Анализата на земјоделските површини, нивото на обработливост, како и структурата по категории на користење ја изразува состојбата во ЈЗПР во целина, но и по општини. Анализата ги опфаќа и односите спрема параметрите на ниво на РСМ, и истите се дадени во таб.бр.74.

Таб.бр.74 Земјоделски површини по категории на користење по општини, 2019

| | Земјоделска површина | Вкупна обработлива површина | Ораници и бавчи | Овоштарници | Лозја | Ливади | Пасишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РС МАКЕДОНИЈА | 1.264.578 | 519.848 | 418.823 | 16.784 | 24.468 | 59.773 | 743.991 |
| Вевчани | 530 | 468 | 294 | 20 | 126 | 28 | 62 |
| Дебар | 10.870 | 2.444 | 1.872 | 120 | 2 | 450 | 8.425 |
| Дебрца | 13.287 | 10.527 | 9.368 | 272 | 138 | 749 | 2.760 |
| Кичево | 34.626 | 11.651 | 7.501 | 660 | / | 3.490 | 22.973 |
| М. Брод | 22.537 | 6.010 | 5.000 | 220 | / | 790 | 16.527 |
| Охрид | 27.890 | 6.556 | 5.873 | 331 | 225 | 127 | 21.334 |
| Пласница | 954 | 899 | 725 | 10 | / | 164 | 55 |
| Струга | 23.111 | 10.218 | 8.248 | 487 | 103 | 1.380 | 12.891 |
| Центар Жупа | 1.700 | 1.150 | 820 | 70 | / | 260 | 550 |
| ВКУПНО ЈЗПР | 135.505 | 49.923 | 39.701 | 2.190 | 594 | 7.438 | 85.577 |

Извор: ДЗС

Од прегледот се гледа дека ЈЗПР има вкупно 135.505 ha, или 10.7% од земјоделските површини во РСМ (1.264.578 ha), а обработливата површина е 49.923 ha или 9.6% од онаа на ниво на РСМ. Ова значи дека обработливите површини во ЈЗПР се нешто помали во однос на вкупната земјоделска површина.

По општини најголеми земјоделски површини има општината Кичево, по што следат: Охрид, Струга, Македонски Брод, Дебрца и Дебар, а забележително помали се површините во Центар Жупа, Пласница и Вевчани.

По обработливите површини општина Кичево, исто така, има најголемо учество, а по неа се: Дебрца и Струга, Охрид и Македонски Брод. Забележително помали површини имаат Дебар, Центар Жупа, Пласница и Вевчани.

Вкупната површина на искористеното земјоделско земјиште изнесува 45.2% од обработливото земјиште, што укажува дека постои голем простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини.

Во структурата на обработливи површини преовладуваат ораниците и бавчите, по која категорија на користење општината Дебрца има водечка улога, а следат Струга, Кичево, Охрид и Македонски Брод. Најголем број на овоштарници има општина Кичево, а лозја во Охрид. Изразито најголема површина на ливади има во општина Струга, а пасиштата се најзастапени во Кичево, Охрид и Македонски Брод.

Таб.бр.75 Површини и производство на лозја по општини, ЈУГОЗАПАДЕН плански регион, 2019

| | Површина (ha) | Вкупен број пенушки во илјади | Број на родни пенушки во илјади |
|---|---|---|---|
| РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 23.996 | 88.520 | 86.387 |
| Вевчани | 126 | 260 | 260 |
| Дебар | 2 | 13 | 13 |
| Дебарца | 137 | 631 | 626 |
| Кичево | / | / | / |
| Македонски Брод | / | / | / |
| Охрид | 225 | 265 | 265 |
| Пласница | / | / | / |
| Струга | 103 | 522 | 522 |
| Центар Жупа | / | / | / |
| Вкупно | 593 | 1691 | 1686 |

Извор: ДЗС

Во 2019 г. насадите на лозја во ЈЗПР (593 ha) учествуваат со 2.5% на ниво на РСМ (23.996 ha). Најголеми површини под лоза има во општината Охрид, следи Дебрца, Вевчани, Струга и симболично Дебар. Слични се односите и во поглед на бројот на родни пенушки. Учеството е само 2%, а односите по општинска разместеност се соодветни на површините на насади.

Регионот е карактеристичен и по отсуството на изнајмување на земјиштето. Само мал дел од земјоделското земјиште се зема под наем, што е уште еден факт за слабата заинтересираност за земјоделски активности и потребата од преземање на дополнителни стимулативни мерки во оваа насока.

## 8.2 Земјоделско производство

Анализата на земјоделското производство го опфаќа производството на житни, индустриски и градинарски култури во ЈЗПР и споредбено во РСМ. Овие податоци се дадени во следнава табела.

Таб.бр.76  Обем и динамика на производи

| Простор/година<br>култура | РСМ | | | ЈЗПР | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2013 | 2018 | 2019 | 2013 | 2018 | 2019 |
| Пченица | 258.960 | 241.106 | 239.916 | 15.016 | 12.688 | 12.698 |
| Пченка | 131.043 | 187.676 | 145.278 | 11.966 | 12.925 | 11.919 |
| Тутун | 27.859 | 25.547 | 26.234 | 124 | 138 | 143 |
| Компир | 189.590 | 180.424 | 189.023 | 17.944 | 17.794 | 17.001 |
| Кромид | 50.787 | 59.03 | 59.314 | 450 | 538 | 456 |
| Домати | 130.960 | 161.621 | 152.348 | 940 | 970 | 904 |
| Пиперки | 152.153 | 182.872 | 185.452 | 1.006 | 1.004 | 997 |
| Краставици | 36.834 | 54.314 | 51.019 | 76 | 127 | 115 |

Извор: ДЗС

Од прегледот се гледа дека во 2019 г.  учеството на Регионот во производството на овие земјоделски култури е релативно ниско во однос на РСМ.  Во поглед на обемот и движењата на производството по категории производи добиени се различни резултати. ЈЗПР произведува 12.698 тони пченица, што е само 5.3% од производството во РСМ. Во споредба со производството во 2013 г., како базна година, забележено е намалување на производството на пченицата кога изнесува 8.4%, а намалени приноси има е и кај пченката, компирот,  доматите и пиперките. Незначително зголемување е забележано кај тутунот, кромидот и краставиците.

Таб.бр.77 Производство на овошје и грозје

| 2018 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Цреши | Вишни | Кајсии | Јаболка | Круши | Сливи | Праски | Ореви | Грозје |
| РСМ | 5.824 | 10.538 | 3.904 | 140.296 | 8.055 | 37.719 | 13.128 | 4.826 | 294.497 |
| ЈЗПР | 1.035 | 762 | 77 | 11.653 | 946 | 5.229 | 713 | 451 | 4.430 |
| 2019 | | | | | | | | | |
| | Цреши | Вишни | Кајсии | Јаболка | Круши | Сливи | Праски | Ореви | Грозје |
| РСМ | 6.045 | 8.695 | 6.07 | 88.701 | 8.048 | 32.303 | 12.003 | 5.014 | 258.960 |
| ЈЗПР | 1.231 | 803 | 127 | 14.553 | 1.125 | 5.484 | 600 | 603 | 5.055 |

Извор: ДЗС

ЈЗПР е карактеристична просторна целина позната по  производството на цреши, која е брендирана и позната пошироко. Производството е релативно високо бидејќи ЈЗПР со (1.231t.) во вкупното производство на РСМ (6.045t.) учествува со 20.4%. По производството на јаболка учеството е 16.4%, кај крушата со 14%,  а кај вишната со 9.2%. Другите производи имаат забележително помало учество. Тоа се однесува и на грозјето кое учествува само со 2%.

## 8.3 Сточен фонд

Развојот на сточарството е илустриран преку сточниот фонд.  Податоците се дадени во таб.бр.78

Таб.бр.78 Обем и динамика на сточниот фонд

| Простор/г. вид | РСМ | | | | ЈЗПР | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| коњи | 19.263 | 17.951 | 10.041 | 8.952 | 5.894 | 3.903 | 2.018 | 1.877 |
| говеда | 254.768 | 255.036 | 256.181 | 217.790 | 25.159 | 23.569 | 23.440 | 21.543 |
| свињи | 723.295 | 202.197 | 195.538 | 135.770 | 17.968 | 17.614 | 18.801 | 17.289 |
| овци | 723.295 | 724.555 | 726.990 | 684.558 | 151.363 | 205.883 | 199.411 | 188.384 |
| кози | 101.669 | 107.466 | 117447 | 87.581 | 11.801 | 15.654 | 19.934 | 16.700 |
| живина | 1.865.769 | 1.840.173 | 1.828.287 | 1.562.089 | 284.037 | 274.737 | 285.826 | 301.741 |
| пчелни семејства | 81.476 | 75.406 | 81.197 | 96.143 | 15.798 | 13.405 | 12.475 | 10.874 |

Извор: ДЗС

Од табеларниот преглед може да се види дека во ЈЗПР бројот на коњи и говеда перманентно се намалува, а кај свињите динамиката е нестабилна, исто како и кај живината, овците и козите.  Бројот на пчелни семејства постојано е во опаѓање.

Ваквите движења бараат сериозен однос и  зголемување на поддршката во сточарството, што првостепено подрзбира воведување дополнителни стимулативни мерки.

## 8.4. Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Високо ниво на застапеност на земјоделски површини во сите општини, но нивната искористеност е слаба. | Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед,  простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини. |
| Отсуствува изнајмување на земјиште. | Потребата од преземање на дополнителни стимулативни мерки во оваа насока. |
| Намалување на производството на пченица | Преземање дополнителни мерки за подобрување на производството. |
| Сточниот фонд во опаѓање, како по број, така по видови. | Поддршка за зголемување на сточниот фонд и видови во исчезнување. |

# 9. Туризам

Југозападниот плански регион туристички  е најразвиениот регион во РСМ, а основите за динамичноста на оваа гранка се природните карактеристики, богатото културно наследство, заштитените просторни целини и долгата традиција. Покрај тоа, Регионот располага со бројни други ресурси кои се на ниво на потенцијална можност за вклучување во туристичката понуда.  Тие овозможуваат селективност во развојот и диверзификација на туристички производи. Стопанските субјекти од областа на туризмот и оние блиски до оваа дејност и нестопанските, посебно културните институции, се насочени кон искористување на афирмираните туристички вредности. Исто така, перманентен е интересот за откривање на нови атрактивни форми и содржини, кои имаат значајно место во развојот на туризмот на ЈЗПР. Развојот на туризмот е фактор на поттикнување на вкупните општествено-економските процеси, на останатите стопански дејности, развојот на културата и намалувањето на невработеноста.

Анализата на состојбите подразбира согледување на рецептивните фактори или сместувачките капацитети и капацитетите во услуги од храна и пијалаци, туристичкиот промет и туристичката потрошувачка.

## 9.1 Сместувачки капацитети во угостителството

Сместувачките капацитети во ЈЗПР  припаѓаат на сферата на туристичката понуда, и од квантитативните и квалитативните карактеристики зависи динамиката на развој на туризмот и можноста за креирање на туристички производи.  Преку овој индикатор се следи  нивото на можностите да се одговори на побарувачката. Анализата на состојбите и развојните насоки на сместувачките капацитети се однесува на обемот и  динамиката во последниот развоен период. Тие се дадени во таб. бр.79

Таб.бр.79 Обем и динамика на сместувачките капацитети во угостителството, 2016-2019

| | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на соби | Број на легла | Број на соби | Број на легла | Број на соби | Број на легла | Број на соби | Број на легла |
| РСМ | 28.305 | 73.168 | 28.759 | 74.257 | 29.702 | 76.558 | 29.933 | 76.942 |
| ЈЗПР | 16.472 | 42.105 | 16.488 | 42.220 | 16.862 | 43.148 | 16.943 | 43.312 |

Извор: ДСЗ

Показателите покажуваат дека бројот на соби во ЈЗПР во 2019 год. изнесува 16.943, а бројот на легла 43.312, што значи дека учеството  на ЈЗПР во РСМ изнесува 56.6%, односно 56.3%. Ова јасно укажува на тоа дека застапеноста на ЈЗПР  е највисока во државата и по двата параметра. Анализата на динамиката покажува дека битни поместувања нема. Така индексот на пораст на бројот на легла во последната анализирана година, во однос на базната 2016 год. изнесува 103.

## 9.2 Обем и динамика на капацитетите и прометот на храна и пијалаци во угостителството

Анализата на состојбите ги опфаќа деловните единици, седишта и остварениот промет, и истите се дадени компаративно со РСМ. Овие податоци се дадени во следната табела.

Таб.бр.80 Обем и динамика на капацитетите и промет

| 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| | Деловни единици | Седишта | Промет, во 0000 ден |
| РС Македонија | 2.084 | 131.230 | 10.338.132 |
| Југозападен плански регион | 294 | 26.322 | 1.987.161 |
| 2016 | | | |
| | Деловни единици | Седишта | Промет, во 0000 ден |
| РС Македонија | 2.212 | 130.069 | 10.836.359 |
| Југозападен плански регион | 296 | 25.134 | 2.108.418 |
| 2017 | | | |
| | Деловни единици | Седишта | Промет, во 0000 ден |
| РС Македонија | 2.26 | 136.502 | 12.190.404 |
| Југозападен плански регион | 292 | 26.297 | 2.538.205 |
| 2018 | | | |
| | Деловни единици | Седишта | Промет, во 0000 ден |
| РС Македонија | 2.301 | 137.749 | 15.167.429 |
| Југозападен плански регион | 282 | 25.950 | 2.964.239 |

Извор: ДСЗ

Од табеларниот преглед се гледа дека во последната анализирана година бројот на деловни единици изнесува 282, бројот на седишта 25.950, а реализиран е промет 2.964.239.000 денари. Тоа значи дека учеството во поглед на деловни единици на ЈЗПР во РСМ изнесува 12.3%, на седиштата 18.8%, а во прометот 19.5%. Анализата на динамиката покажува дека битни поместувања нема. Индексот на бројот на деловни единици во последната анализирана година, во однос на базната 2014 год. изнесува 96.5, што значи намалување од 3.5%. Во поглед на деловните единици во другите години задржано е нивото од базната година.

Анализата на динамиката на бројот на седишта покажува пораст, исто како и прометот кој има перманентно зголемување во сите анализирани години. Во последната година прометот се зголемил во рамките на индекс 168 во однос базната 2015 год.

**9.3 Туристички промет**

Туристичкиот промет ја изразува туристичката побарувачка во ЈЗПР и со цел да се согледаат состојбите и развојната динамика направена е анализа на посетеноста и престојот, која се однесува од 2016 до 2019 год. Овие податоци се дадени во таб.бр.81.

Таб.бр.81 Обем динамика и структура на туристичкиот промет

| | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Туристи | Ноќевања | Туристи | Ноќевања | Туристи | Ноќевања | Туристи | Ноќевања |
| Вкупно | 322.334 | 1.228.617 | 368.924 | 1.365.684 | 419.717 | 1.539.219 | 445.846 | 1.618.312 |
| Домашни туристи | 151.347 | 778.189 | 164.459 | 826.774 | 181.102 | 908.457 | 194.178 | 946.574 |
| Странски туристи | 170.987 | 450.428 | 204.465 | 538.910 | 238.615 | 630.762 | 251.668 | 671.738 |

Извор:ДСЗ

Од горните показатели може да се види дека вкупниот број на посетители во 2019 год. изнесува 445.846, што претставува учество од 37.6% на национално ниво, при што учеството на домашни туристи е 45.4%, а на странските 33.2%. Кај остварените ноќевања учеството е поголемо и изнесува 49.6%. Кај домашните ноќевања изнесува 56,2%, а кај странските 42.6%.

Анализата на динамиката на посетеноста и остварените ноќевања покажува перманентно зголемување во периодот од 2016 год до 2019 год.

### *9.3.1 Посетеност по земја на припадност*

Состојбата на посетеноста, по земја на припадност, ја покажува емитивноста на земјите од кои доаѓаат туристите. Тоа може да се искористи за определување на пазарите на кои треба да се насочи туристичката понуда. Овие податоци се дадени во таб.бр.82

Таб.бр.82 Број на туристи по земја на припадност, ЈУГОЗАПАДЕН плански регион, 2019

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Турција | 44.316 | 12. | Грција | 7.317 |
| 2. | Полска | 23.583 | 13. | Словенија | 4.899 |
| 3. | Холандија | 21.989 | 14. | Шпанија | 4.172 |
| 4. | Бугарија | 19.306 | 15. | С А Д | 3.938 |
| 5. | Албанија | 12.073 | 16. | Романија | 3.127 |
| 6. | Србија | 11.452 | 17. | Австралија | 3.032 |
| 7. | Германија | 11.179 | 18. | Босна и Херцеговина | 2.521 |
| 8. | Други азиски земји | 10.427 | 19. | Франција | 2.234 |
| 9. | Косово | 9.393 | 20. | Швајцарија | 2.248 |
| 10. | Хрватска | 9.036 | 21. | Шведска | 2.123 |
| 11. | Израел | 7.687 | 22. | Кина | 2.041 |

Извор: ДЗС

Анализата покажува дека петте водечки земји по посетеност во 2019 г. се Турција, Полска, Холандија, Бугарија и Албанија, по што следат посетителите од Србија и Германија. Новите трендови во посетата на ЈЗПР се гостите од азиските земји како Кина, Ј. Кореа и Малезија, кои се покажа дека се перспективни пазари за ЈЗПР.

## 9.4 Издвоени карактеристики на туризмот во ЈЗПР

Преку презентираните пресеци на туристичките индикатори на ниво на Регион, во опафтениот период 2016-2019, може да се направи согледување за развојот на туризмот во ЈЗПР. Овие податоци се дадени во таб.бр.83 како динамика по години.

Таб.бр.83 Поважни индикатори во Туризмот, 2016 - 2019

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| Просечен број на ноќевања-вкупно | 2.87 | 2.78 | 2.82 | 2.75 |
| Просечен број на ноќевања-домашни туристи | 4.06 | 4.02 | 4.02 | 3.94 |
| Просечен број на ноќевања-странски туристи | 2.06 | 2.05 | 2.11 | 2.08 |
| Учество на домашните туристи во вкупниот број на доаѓања на туристи, во % | 40.42 | 36.87 | 37.23 | 36.07 |
| Учество на странските туристи во вкупниот број на доаѓања на туристи, во % | 59.58 | 63.13 | 62.77 | 63.93 |
| Учество на домашните туристи во вкупниот број на ноќевања на туристи, во % | 57.17 | 53.35 | 53.05 | 51.64 |
| Учество на странските туристи во вкупниот број на ноќевања на туристи, во % | 42.83 | 46.65 | 46.95 | 48.36 |
| Учество на странските туристи во хотели во вкупниот број на доаѓања на странски туристи, во % | 92.52 | 91.76 | 92.29 | 93.53 |
| Учество на ноќевањата на странските туристи во хотели во вкупниот број на ноќевања на странски туристи, во % | 91.2 | 90.56 | 91.12 | 92.28 |
| Нето-стапка на искористеност на леглата во хотелите и слични капацитети (НКД Рев.2, сектор 3, 55.1), во % | 22.01 | 24.3 | 26.4 | 27.54 |
| Нето-стапка на искористеност на собите во хотелите и слични капацитети (НКД Рев.2, сектор 3, 55.1), во % | 35.07 | 39.3 | 42.73 | 46.73 |

Во анализираниот период се гледа дека кај престојот нема битни промени и се движи просечно од 2.93 во 2015 до 2.75 ноќевања во 2019 год. Просечниот број на ноќевања кај домашните туристи се движи меѓу 4.11 до 3.94 ноќевања. Двојно помала е просечната должина на престој на странските туристи која се движи меѓу 2.13 до 2.08 дена. Учеството на странските туристи во вкупниот број на посетители е поголемо од учеството на домашните, што претставува позитивна околност. Процентот на странски туристи во вкупниот број се движи од 59.58% во 2016 год. до 63.93% во 2019, а кај домашните, во истиот период, е меѓу 40.42% до 36.07%.

Во поглед на учеството на домашните гости во остварените ноќевања може да се извлече констатацијата дека имаат повисоко ниво на учество ( над 50%), но со тенденција на намалување - од 57.17% во 2016 до 51.64% во 2019 г. Тие учествуваат процентуално од 56.71% во 2015 до 51.64% во 2019 год. Кај ноќевањата реализирани од страна на странските посетители забележлива е обратна тенденција, односно зголемување од 42.83% во 2016 до 48.36% во 2019 г.

Учеството на странските туристи во хотелите и во поглед на остварените ноќевања во нив има доминантно значење. Посетеноста се движи од 92.52% во 2016 до 93.53% во 2019 г., а кај ноќевањата во хотелите, учеството на странците е од 91 .2%, до 92.28 % во анализираниот период.

Искористеноста на леглата во хотелите се движи од 22. 01% во 2016 до 27.54% во 2019 г., а пак искористеноста кај собите е во рамките од 35.07% до 46.73% во последната анализирана година. Ова говори дека се уште постои простор за унапредување на туристичката понуда и зголемување на искористеноста на хотелското сместување.

### 9.5 Клучни наоди

| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
|---|---|
| Застапеноста на соби и легла во ЈЗПР е највисока во државата и бележи перманентно зголемување. | Тоа е добра основа за унапредување и развој на туризмот. |
| Високо учество на деловните единици и капацитетите во угостителството на храна и пијалаци, при што прометот перманентно се зголемува. | Потребно е подобрување на квалитетот на услугите и избалансирана ценовна политика во целиот Регион. |
| Динамиката на посетеноста и остварените ноќевања покажува перманентно зголемување. | За да се избегне масовноста на посетеноста и намалување на квалитетот на услугите потребно е да се дисперзира понудата и да се унапреди содржината на престојот. |
| Посетеноста на туристи по земја на припадност е фактор на определување на емитивни зони. | Емитивните зони се најзначајни во определувањето на туристичките стандардни и можни меѓународни пазари. |
| Просечниот престој на странските туристи е двојно помал. | Потребно е да се подобри квалитетот на услугите за да се обезбеди подолготраен престој на странските туристи во Регионот. |

# 10. Подрачја со специфични развојни потреби

Со Законот за рамномерен регионален развој во државата се определни и подрачја со специфични развојни потреби во кои влегуваат: пограничните, руралните, ридско-планинските и други подрачја што заостануваат во развојот, потоа подрачјата со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон и други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон. Како критериуми за нивно издвојување се земаат: степенот на економска развиеност, демографскиот индекс, географската положба, степенот на изграденост на техничката и социјалната инфраструктура и вредноста на природното богатство и културното наследство. Освен наведените, се користат и други подетални критериуми за дефинирање на овие подрачја определени во соодветните подзаконски акти.

Од вкупниот број на населени места (1.767) во државата дури 1.164, или 65.9% се регистрирани како подрачја со специфични развојни потреби. Овие подрачја се простираат на 65.3% од вкупната површина на РС Македонија, а опфаќаат само 26.9% од вкупното население во 2019 година.

## 10.1 Подрачја со специфични развојни потреби во Југозападниот плански регион

Согласно законските обврски Владата на РСМ, со Одлука во текот на 2019 г., ги има утврдено подрачјата со специфични развојни потреби за периодот 2020 -2024 година, при што подолу во таб.бр.84 даден е прегледот за Југозападниот плански регион, според општинската разместеност.

Таб.бр.84 Подрачја со специфични развојни потреби, ЈУГОЗАПАДЕН плански регион 2024

| Општина | Ридско-планински подрачја | Погранични подрачја | Рурални подрачја |
|---|---|---|---|
| **Вевчани** | Вевчани **(1)** | Вевчани **(1)** | Вевчани **(1)** |
| **Дебар** | Бањиште, Гари, Горно Косоврасти, Могорче, Осој, Рајчица, Татар Елевци, Кривци, Отишани, Хаме, Џепиште **(11)** | Џепиште, Отишани, Бомово, Коњари, Селокуќи, Спас, Бањиште **(7)** | |
| **Дебрца** | Арбиново, Брежани, Врбјани, Годивје, Горно Средоречие, Грко Поле, Долно Средоречие, Злести, Климештани, Лактиње, Мраморец, Слатино, Слатински Чифлик, Сливово, Сошани, Турје, Црвена Вода, Белшишта, Ботун, Велмеј, Издеглавје, Лешани, Ново Село, Оздолени, Песочани **(25)** | | Арбиново, Белчишта, Ботун, Брежани, Велмеј, Волино, Врбјани, Годивје, Горенци, Гордно Средоречие, Грко Поле, Долно Средоречие, Злести, Издеглавје, Климештани, Лактиње, Лешани, Мешеишта, Мраморец, Ново Село, Оздолени, Оровник, Песочани, Слатино, Слатински Чифлик, Сливово, Сошани, Требеништа, Турје, Црвена Вода **(30)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Кичево** | Бачишта, Бериково, Белица, Брждани, Букојчани, Видрани, Гарани, Големо Црско, Горна Душегубица, Горно Добреноец, Горно Строгомиште, Длапкин Дол, Долно Строгомиште, Долно Добреноец, Долна Душегубица, Дупјани, Ехлоец, Зајас, Иванчишта, Извор, Јаворец, Јагол, Јагол Доленци, Јудово, Карбуница, Кладник, Кленоец, Кнежино, Колари, Козичино, Козица, Крушица, Лавчани, Лешница, Малкоец, Мало Црско, Мидинци, Ново Село, Орланци, Осој, Патец, Папрадиште, Подвис, Попоец, Пополжани, Прострање, Премка, Работино, Раштани, Речани-Зајаско, Светораче, Србица, Стрелци, Тајмиште, Туин, Цер, Шутово **(57)** | | |
| **Македонски Брод** | Бенче, Битово, Брезница, Брест, Волче, Горни Манастирец, Горно Ботушје, Горно Крушје, Долно Ботушје, Долно Крушје, Дреново, Заград, Звечан, Инче, Ковач, Косово, Лупште, Ореовец, Рамне, Растеш, Сланско, Сушица, Тажево, Томино Село, Требовље, Црешнево, Крапа, Локвица, Могилец **(29)** | | |
| **Охрид** | Вапила, Велестово, Елшани, Завој, Коњско, Куратица, Ливоишта, Љубаништа, Плаќе, Рамне, Расино, Речица, Свиништа, Сирула, Скребатно, Шипокно **(16)** | Љубаништа **(1)** | |
| **Пласница** | | | Дворци, Лисичани, Пласница, Преглово **(4)** |
| **Струга** | Брезово, Богојци, Борец, Брчево, Буринец, Вишни, Горна Белица, Дренок, Збажди, Јабланица, Лабуништа, Лакаица, Локов, Мали Влај, Мислодежда, Модрич, Нерези, Пискупштина, Франгово, Подгорци, Поум, Присовјани, Ржаново, Селци, Тоска, Луково, Октиси, Ташмаруништа **(28)** | Радожда, Мали Влај, Франгово, Радолишта, Вишни, Горна Белица, Лакаица, Модрич, Дренок, Подгорци, Лабуништа **(11)** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Центар Жупа** | Бајрамовци, Брештани, Горно Мелничани, Горенци, Долгаш, Долно Мелничани, Елевци, Житинени, Кочишта, Коџаџик, Новак, Осолница, Оџовци, Пареши, Баланци, Црнобоци **(16)** | Долгаш **(1)** | Бајрамовци, Баланци, Брештани, Броштица, Власики, Голем Папрадник, Горно Мелничани, Горенци, Долгаш, Долно Мелничани, Евла, Елевци, Житинени, Кочишта, Коџаџик, Мал Папрадник, Новак, Осолница, Оџовци, Пареши, Праленик, Центар Жупа, Црнобоци **(23)** |
| **Вкупно** | **183** | **21** | **58** |

Извор: Сл.весник на РСМ бр.263/2019

Од табелата може да се заклучи дека во Регионот регистрирани се вкупно 183 ридско-планински, 21 погранично и 58 рурални подрачја со специфични развојни потреби. Општина Кичево има најголем број – 57 населени места во категоријата на ридско-планински подрачја, а потоа следуваат Македонски Брод со 29 и Струга со 28. Дебрца има најголем број на рурални подрачја – 30, по што следува Центар Жупа со 23. Поради пограничниот карактер на Регионот, Општина Струга има најголем број на погранични места – 11, а потоа следува Дебар со 7.

## 10.2 Подрачја со природни богатства и културно наследство

Југозападниот плански регион располага и со други значајни ресурси, па во тој контекст во табелата подолу е даден прегледот на природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон.

Таб.бр.85 Подрачја со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон и подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон

| | |
|---|---|
| **1.ПОДРАЧЈА СО ПРИРОДНИ БОГАТСТВА И КУЛТУНО НАСЛЕДСТВО КОИ СЕ ЗАШТИТЕНИ СО ЗАКОН** | |
| НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА | |
| Охрид | Трпејца, Љубаништа, Рамне, Велестово, Елшани, Шипокно, Пештани, Коњско (8) |
| ПОДРАЧЈА СО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО КОИ СЕ ЗАШТИТЕНИ СО ЗАКОН | |
| Дебар | Село Гари како рурална целина (1) |
| **2. ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ УТВРДЕНИ СО ЗАКОН** | |
| Предел споменик на природата заштитен со закон: река Белешница | |
| Македонски Брод | Горна Белица, Долна Белица (2) |
| Заштитено подрачје Споменик на природата: Вевчански извори | |
| Вевчани | Вевчански извори (1) |

Извор: Законот за прогласување на Вевчански Извори за Споменик на природата („Сл. Весник на РМ“ бр. 39/12); Сл.весник на РСМ бр.263/2019

Од табелата може да се види дека едно од најатрактивните подрачја во Регионот е Националниот парк Галичица кој опфаќа делови од истоимениот планински масив со територија од околу 24.151 ha. Селото Гари е влезено во категоријата на рурална целина, а реката Белешница е предел-споменик на природата.

**10.3 Клучни наоди**

| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| --- | --- |
| Повеќе општини имаат голем број на ридско-планински и рурални подрачја. | Потребно е да се креираат посебни политики и соодветно на тоа да се алоцираат средства за развој на општините што имаат ридско-планински и рурални подрачја. |
| Националниот парк Галичица е значен ресурс за целиот регион. | Потребно е подобрување на заштитата на националниот парк и зголемување на степенот на атрактивност на ова подрачје. |
| Мошне карактеристични се одделни населби во регионот кои се значајни како рурални средини. | Дел од руралните средини во Регионот сами по себе се автентични заради типичната архитектура и внатрешната уреденост на објектите, потребна е нивна промоција. |
| Одделни водни ресурси во Регионот имаат посебни природни карактеристики. | Регионот со својата географската положба и хидрографската мрежа регистрира голем број на природни пејсажи, потребна е поинтензивна промоција. |

# ВТОР ДЕЛ
# SWOT & PEST АНАЛИЗИ, ВИЗИЈА, СРЕДНОРОЧНИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

Вториот дел од процесот на финализирање на Програмата за развој ги опфаќа и анализира, пред сè, примарните истражувања во кои беа вклучени, на директен начин, над стотина испитаници од Југозападниот плански регион. Иако, истражувачките резултати овозможуваат да се извлечат соодветни заклучоци и клучни наоди, сепак во овој дел преовладуваат мислењата на засегнатите стани и на познавателите на приликите. Нивниот критички однос кон секторските анализи овозможи да се дојде до валиден приод во креирањето на стратегиските политики што ќе овозможат издржана развојна проекција на Регионот.

Во рамките на овој процес беа одржани една подготвителна и две оперативни работилници на кои се спроведоа заеднички и темелни проценки на состојбите во Регионот. Критичкиот приод на учесниците придонесе да се оформат предлози значајни за осмислување на развојните насоки. Посебно е важно да се истакне активниот однос на засегнатите страни во поглед на ситуационите анализи, односно за SWOT&PEST анализите, определувањето на визијата, среднорочните цели, приоритети и мерки за реализација на овој среднорочен документ.

**Визија**

Визијата се темели на **развојот** на Регионот со цел да се подобри општествено-економска положба на ниво на РСМ, со заложба ЈЗПР да придонесува во унапредување на политиката на рамномерниот регионален развој, но и во просперитет на ЕЛС, што се во негови рамки. До 2026-та година ЈЗПР треба да биде просторна целина во која населението ќе има оптимален квалитет на живот, концепиран на одржливиот развој кој подразбира рационално искористување на расположивите ресурси. Со балансирано управување, Регионот ќе стане препознатлива еколошка средина во национални и меѓународни рамки.

**Среднорочни цели**

Визијата за развој на ЈЗПР треба да се реализира со исполнување на среднорочните цели кои се воспоставени врз основа на добиените резултати од примарните и кабинетските истражувања и добиените клучни наоди од анализираните состојби и можности. Притоа, овие цели се усогласени и со стратешките цели и приоритети на Стратегијата за рамномерен регионален развој на РСМ за периодот 2021-2031. На тој начин, тие се компатибилни со стремежите за рамномерен регионален развој на државата, и го задржуваат контекстот на прифаќање на европските стандарди и насоки кон кои се стреми РС Македонија. Воспоставувањето на зацртаните цели основа наоѓа и во досегашните плански предвидувања, и определените приоритети и мерки за реализација.

Развојните цели се трасирани врз основа на утврдените потреби на засегнатите страни, презентирани во рамките на организираните работилници на кои е извршена приоритизација, а определени се и мерките и активностите за нивно спроведување. Активниот однос на засегнатите страни и познавателите на прилики на работилниците овозможи, не само да се утврдат среднорочните цели, туку и да се определат мерките и

активностите што треба да се преземат во следниот период. Врз основа на ваквиот приод на примена на комбинирана методологија на примарни и секундарни истражувања, и користење на SWOT и PEST анализи, што овозможуваат да се систематизираат основите за развој по сектори, утврдени се стратешките цели. Стратешките цели се определени според секторските опфати, а диференцирани се според добиените аналитичките наоди:

- **Среднорочна цел 1 се однесува на Економијата и МСП, земјоделието и руралниот развој**

- **Среднорочна цел 2 ги опфаќа Образованието и социјалниот развој, и**

- **Среднорочна цел 3 ја утврдува заложбата за подобрување на состојбите во Туризмот, културниот развој и заштитата и унапредувањето на животната средина.**

## СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 1

**ЈЗПР да ја унапреди својата економија и родовиот паритет преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој.**

Оваа цел се темели на истражувачката постапка преку SWOT и PEST анализите и извршната приоретизација на мерките за нејзина реализација. Параметрите за определување на оваа среднорочна цел дадени се во следните табели:

**SWOT - ЕКОНОМИЈА И МСП**

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| 1. Добра географска положба и пристапност на Регионот | 1. Одлив на квалификувана работна сила |
| 2. Значајни природни ресурси и суровини | 2. Неприлагодени образовни програми соодветни на потребите на бизнис заедницата |
| 3. Бизнис основа за користење на културното и природното наследство | 3. Висок степен на невработеност |
| 4. Добра комуникациска поставеност на аеродромот Св. Апостол Павле | 4. Тренинг активности за развој на соодветен човечки капитал |
| 5. Услужно занаетчиство | 5. Ниско ниво на инвестиции |
| 6. Развиен претприемачки дух | 6. Слаба искористеност на финансиски средства од МСП |
| 7. Потенцијали за развој на ОИЕ | 7. Флуктуација на деловните субјекти |
| 8. Постоење на ТИРЗ | 8. Слабо користење на кредитни линии/кредити |
| 9. Енергетска инфраструктура | |
| 10. Транзициски капацитети погодни за нов бизнис | |
| | |
| **Можности** | **Закани** |
| 1. Ново автопатско решение од Кичево до Охрид и Ќафасан | 1. Пандемија и безбедносни ризици |
| 2. Најавени инвестиции во индустриски зони и ТИРЗ | 2. Светска економска криза |
| 3. Европски фондови за МСП секторот | 3. Нееднаков третман кон домашните и странските инвеститори |
| 4. Создавање потребен кадар за ИКТ | 4. Изумирање на стари занаети |
| 5. Национални фондови за започнување бизнис | 5. Слабо структурирано стопанство |
| 6. Меѓународни и владини програми за едукација на работна сила | 6. Слаба соработка на јавен и приватен сектор |
| 7. Пристапност на пристаништето во Драч | 7. Конкурентност меѓу регионите во државата |
| 8. Користење на владини и меѓународни финансиски средства за локална инфраструктура | |
| 9. Меѓународно железничко поврзување | |
| 10. Отвореност на границата со Албанија | |
| 11. Зголемен обем на странски инвестиции во капитални објекти | |
| 12. Можност за езерско поврзување со Република Албанија | |

## PEST - ЕКОНОМИЈА И МСП

| Политички фактори | Економски фактори |
|---|---|
| 1. Владеење на правото – заштита на бизнисот | 1. Висока невработеност |
| 2. Владина поддршка за бизнисот | 2. Транспортна инфраструктура |
| 3. Трговска политика | 3. Стагнација во раст на БДП |
| 4. Даночни олеснувања и воведување на даночна политика | 4. Ниско ниво на економски развој |
| 5. Унапредување на процесот на ЕУ интеграции | 5. Средно задолжена држава |
| 6. Чести изборни циклуси | 6. Неповолни услови за кредитирање |
| 7. Донесени стратегиски документи | 7. Царински бариери |
| | |
| **Социо-културолошки фактори** | **Технолошки фактори** |
| 1. Стареење на населението | 1. Слаба примена на нови технологии |
| 2. Депопулација на руралните средини | 2. Потреба од брендирање на производи |
| 3. Надворешна миграција | 3. Добра ИК покриеност |
| 4. Внатрешна миграција како резултат на урбанизација и нерамномерен развој | 4. Користење Фондови за иновативни технологии |
| 5. Мултиетнички карактер на регионот | |

## SWOT - ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| 1. Расположиво обработливо земјиште | 1. Неразвиена преработувачка индустрија |
| 2. Препознатливи производи | 2. Застарени технологии |
| 3. Еколошки чиста средина | 3. Неразвиено органско производство |
| 4. Климатски услови | 4. Мала искористеност на геотермалните води за оранжериско производство |
| 5. Стручен кадар | 5. Недостаток на заштитено производство -бренд продукти |
| 6. Расположиви акумулации и водотеци за наводнување | 6. Расцепканост на земјоделски поседи |
| 7. Прифатливост на нови агротехнички мерки и технологии од страна на земјоделците | 7. Слаба заштита од временски непогоди |
| 8. Поттикнувачки мерки за рурален развој | 8. Намалување на сточниот фонд |
| 9. Ажуриран катастар на земјоделски површини | 9. Слабо ниво на одгледување на автохтони раси |
| 10. Промоција на мерки за рурален развој | 10. Слабо одржување на системите за наводнување |
| | 11. Обемни постапки за добивање на земјоделска помош, односно субвенционирање |
| | 12. Лошо менаџирање на извоз на земјоделски производи, односно лоша политика на извоз |
| | 13. Слаби откупни цени на производите |
| | 14. ДУП на рурални средини |
| | |
| | |

| Можности | Закани |
|---|---|
| 1. Зголемување на квалитетот на производство (пакување, брендирање) за настап на меѓународниот пазар | 1. Недоволна информираност и едуцираност на земјоделците за европски стандарди |
| 2. Органско производство по меѓународни стандарди | 2. Непридржување кон производствени стандарди |
| 3. Користење на претпристапни фондови за изградба на мали акумулации | 3. Неповолни кредити |
| 4. Користење средства од светската агенција за храна | 4. Климатски промени |
| 5. Владина поддршка на репро-центар за овци и кози | |
| 6. Меѓународна поддршка на подигање рибници | |
| 7. Окрупнување на земјоделско земјиште за обработка | |
| 8. Изградба на откупен пункт за земјоделски производи | |
| 9. Можности за отварање на земјоделски задруги | |

## PEST- ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

| Политички фактори | Економски фактори |
|---|---|
| 1. Бирократски процеси и процедури на одлучување | 1. Висок процент на сива економија |
| 2. Владина политика за поддршка на руралниот туризам | 2. Светска криза |
| 3. Тенденција на регулирање на законодавството | 3. Висок процент на невработеност |
| 4. Неконзистентност во политичкото делување | 4. Неповолни кредитни линии |
| 5. Аграрна политика | 5. Заинтересираност на светски брендови за инвестиции во туризмот |
| 6. Либерален визен режим | 6. Членство во меѓународни трговски асоцијации |
| 7. Слаба развиена мрежа на економски промотори | |
| 8. Политика на рамномерен регионален и рурален развој | |
| | |
| **Социо-културолошки фактори** | **Технолошки фактори** |
| 1. Мобилност на населението | 1. Примена на агротехнички мерки |
| 2. Потрошувачки стил на живот | 2. Мали фарми |
| 3. Неповолни демографски процеси | 3. Развојни инкубатори |
| 4. Пренасочување кон одредени области на занимања | 4. Присуство на ИТ технологиите |
| 5. Мултиетнички и мулти-конфесионален состав на населението | 5. Стандардизирана биотехнологија |
| 6. Концентрација во лимитиран број на занимања | 6. Социјални медиуми |

Оваа цел е определена врз основа на структурните карактеристики на економската и општествената сфера, поврзани со современите односи што водат кон одржлив развој. Во оваа смисла среднорочната цел е**: „ЈЗПР да ја унапреди својата економија и родовиот паритет преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој“.**

Реализацијата на оваа среднорочната цел, која е базирана на истражувачките наоди, ги опфаќа следниве приоритети:

- Зголемување на конкурентноста на регионалната економија;
- Јакнење и осовременување на МСП секторот;
- Зголемување на инвестициите;
- Развој на инфраструктурата и
- Унапредување на земјоделството и руралниот развој.

**<u>Приоритет 1.1 Зголемување на конкурентноста на регионалната економија</u>**

Економската конкурентност на Регионот е поврзана со следниве две релации: учеството и односот на ЈЗПР кон економскиот развој на РСМ, и односите кон другите плански региони. Во рамките на самиот регион зголемената конкурентност подразбира и рамномерен економски развој на општините што припаѓаат кон овој простор. За да се зголеми конкурентноста потребно е да се преземат мерки во насока на користење на човечките ресурси, користење на расположивите извори на финансирање и пазарниот механизам на препознатливост на регионот и стоките и услугите на претприемничко насочените деловни субјекти. Во овој контекст за реализација на овој приоритет утврдени се следниве мерки:

1.1.1 Поттикнување на претприемничкиот дух кај младата и особено женската популација преку обуки и поддршка за ИКТ и старт-ап на нови бизниси
1.1.2 Креирање информациски систем за развој на иновации во регионот
1.1.3 Поттикнување на здружување и формирање на кластери
1.1.4 Поттикнување на можностите за искористување на домашни и странски извори за финансирање на МСП, и
1.1.5 Брендирање на стоки и услуги препознатливи за регионот

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| Изготвени анализи за потребите од човечки капитал на приватниот сектор во Југозападниот плански регион;<br>Број на фирми чии потреби од човечки капитал се анализирани;<br>Број на фирми во ИКТ секторот;<br>Број на фирми во дата базата за бизнис секторот;<br>Број на реализирани обуки, работилници за претприемачи;<br>Изготвени промотивни и инфо материјали;<br>Број на брендирани производи;<br>Изготвен сет на промотивни материјали за погодности за фирми кои инвестираат во ИКТ. | Искористени средства од домашни и странски извори на финансирање;<br>Започнати нови start-up бизниси;<br>МСП основани и водени од жени;<br>Вкупен износ на инвестиции во ИКТ секторот;<br>Производство и извоз на носечките индустрии во Регионот;<br>Број на нововработени во ИКТ секторот. |

## Приоритет 1.2 Јакнење и осовременување на МСП секторот

Унапредувањето на економските процеси подразбира подигнување на нивото на реалниот сектор, и во тој поглед посебно важно е да зајакне МСП. При тоа треба да се имаат во вид современите технолошки инвентивности и насоченоста кон ресурсите со специфични карактеристики со кои располага регионот во сферата на МСП. Неопходно е современиот приод да се поврзе со традиционалните занаети и бизниси и да има проток на информации и искуства. Ваквиот приод е операционализиран со следниве мерки:

1.2.1 Поттикнување на иницијативи за структурни промени на МСП секторот во регионот
1.2.2 Поттикнување паметна специјализација за економски развој на регионот
1.2.3 Зачувување на традиционалните занаети и развој на бизниси во рурални средини
1.2.4 Поттикнување размена на искуства и знаење помеѓу субјекти од земјата и странство,и
1.2.5. Поттикнување на женско претприемништво

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| Број на поддржани МСП;<br>Број на одржани настани за можности за финансирање на МСП;<br>Број на поддржани паметни специјализации;<br>Искористеност на програми за финансирање;<br>Број на поддржани занаетчии;<br>Утврдени точки за продажба на традиционални производи;<br>Број на фирми информирани за разни програми за финансирање;<br>Број на одржани бизнис средби;<br>Број на фирми кои аплицирале за разни програми за финансирање. | Број на вработени во подржаните компании;<br>Раст на приходи и профит на подржани компании;<br>Број на развиени паметни специјализации;<br>Број на нововработени во поддржаните МСП;<br>Број на фирми кои обезбедиле финансирање од разни програми;<br>Број на жени претприемачи;<br>Реализирана продажба на традиционални производи. |

**Приоритет 1.3 Зголемување на инвестициите во регионот**

Зголемување на инвестициите во ЈЗПР е од круцијална важност, и без нив нема економски просперитет. Инвестициите го потикнуваат, не само развојот во секторот во кој се насочени, туку и директните и индиректните економски и општествени сектори. Поради тоа неопходно е да се определат можностите за инвестициски вложувања во Регионот, да се интензивира меѓусебната соработка на инвеститорите и заинтересираните деловни субјекти и да се подигне нивото на афирмација на инвестициските процедури, можности и насоки. Како мерки на овој приоритет определени се следниве:

1.3.1 Мапирање на инвестициски потенцијали во регионот
1.3.2 Поттикнување на средби на бизнис заедницата со потенцијални инвеститори
1.3.3 Организирање настани за промоција на бизнис секторот

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| **Анализа на потенцијалите за инвестиции;**<br>**Водич за инвестиции;**<br>**Број на промотивни настани;**<br>**Број на студиски посети и бизнис средби;**<br>**Промотивни материјали.** | **Ниво на инвестиции во основни средства;**<br>**Бруто додадена вредност;**<br>**Прилив на странски инвестиции.** |

**Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата**

Економскиот и општествениот развој на ЈЗПР зависи од степенот на поврзност, комуникативност и пристапност до расположивите ресурси, современата информатичка и комуникациска инфраструктура и комуналната инфраструктурна уреденост и опременост на просторот. Затоа инфраструктурната изграденост, во оваа смисла, претставува незаобиколен фактор, при што од приоритетно значење е донесување на соодветна планска основа за подобрување на состојбите. Овие приоритетни определби дефинирани се со следниве конкретни мерки:

1.4.1 Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот
1.4.2 Поттикнување и развој на ИКТ инфраструктура во регионот
1.4.3 Изградба и осовременување на комуналната инфраструктура во регионот
1.4.4 Подготовка на техничка документација за инфраструктура

| Излезни резултати | Индикатори |
| --- | --- |
| Број на подготвени технички документи за реконструкција и изведба на патна мрежа;<br><br>Број на анализи и истражувања;<br><br>Водич за инвестирање во ИКТ секторот;<br><br>Број на подготвени технички документи за реконструкција и изведба на водоводни системи;<br><br>Број на подготвени технички документи за реконструкција и изведба на канализациони мрежи во регионот;<br><br>Вкупен капацитет на пречистителни станици. | Должини на реконструирани и изведени сообраќајници;<br><br>Должини на реконструирани и изведени водоводи;<br><br>Должини на реконструирани и изведени канализациони системи;<br><br>Изведени ИКТ мрежи;<br><br>Процент на технички загуби на вода во системите;<br><br>Процент на рурално население опфатено со систем за водоснабдување и квалитетна вода за пиење;<br><br>Покриеност на население со пречистителни станици;<br><br>Концентрации на БПК5 во реките. |

**<u>Приоритет 1.5 Земјоделство и рурален развој</u>**

Структурата на регионот покажува дека економскиот просперитет треба да се димензионира и преку унапредување на земјоделството и руралниот развој. Овој развоен приоритет подразбира користење на расположивите ресурси за да се добие високо ниво на продуктивност, рентабилност и економичност во земјоделието како стопанска гранка. Издржаната аграрна политика позитивно делува на руралните средини, создавајќи поволни услови за опстанок на населението. Ова се постигнува со современ пристап во користењето на новите агротехнички мерки, како во земјоделието, така во сточарството. Така ќе се надминат проблемите што се јавуваат во овој сектор. Со оглед на тоа дека современиот свет се повеќе респектира органска и здрава храна, а регионот има традиција и просторна основа, треба да се пристапи кон реализација на ваквиот приод во земјоделието како една од мерките на овој приоритет. На развојот на земјоделието во современи услови му е потребна популаризација и преземање на промотивни мерки за да можат да дојдат до израз препознатливите карактеристики како посебни брендовски третирани земјоделски вредности. Современиот проблем на климатски промени бара преземање мерки за надминување на последиците од нив. Оваа мерка коинцидира и со стимулацијата за подигнување автохтони земјоделски насади и одгледување автохтони раси.

Имајќи ги предвид овие приоритетни карактеристики во развојот на ЈЗПР реализацијата е конкретизирана преку следниве мерки:

1.5.1 Креирање модерен и продуктивен земјоделски сектор во регионот

1.5.2 Надминување на актуелните проблеми во земјоделскиот сектор со цел негово осовременување

1.5.3 Поттикнување и развој на органска храна

1.5.4 Промоција на препознатливи земјоделски и сточарски производи од регионот и нивно брендирање

1.5.5 Мерки за надминување на последиците од климатските промени во земјоделскиот сектор

1.5.6 Стимулативни мерки за подигнување автохтони земјоделски насади и одгледување автохтони раси

| Излезни резултати | Индикатори |
| --- | --- |
| **Број на изработени студии за земјоделството и сточарството;**<br>**Број на кампањи и информативни средби;**<br>**Број на организирани промоции за инвестирање во капацитети за преработки;**<br>**Број на промотивни средби за новиот национален гарантен фонд;**<br>**Број на проекти за комунална инфраструктура во селата;**<br>**Број на настани за промоција на рурални економски дејности.** | **Покриеност на земјоделските површини со системи за наводнување;**<br>**Број на корисници на системите за наводнување;**<br>**Површина на пренаменето земјоделскоземјиште;**<br>**Должина на реконструирани и изградени пристапни патишта до обработливи површини;**<br>**Количини на употребени хемиски средства;**<br>**Произведени колични на органска храна;**<br>**Брендирани земјоделски и сточарски производи;**<br>**Број на  капацитети за после-бербени активности;**<br>**Износ на искористени средства од фондот;**<br>**Висина  на инвестиции  во аквакултура, земјоделство шумарство, ловство, занаетчиство;**<br>**Бруто додадена вредност од земјоделство, шумарство и рибарство;**<br>**Учество  на земјоделството, шумарството и рибарството во БДП.** |

**<u>СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 2</u>**

**Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории.**

Среднорочната цел 2 се потпира на истражувачките наоди и SWOT и PEST анализите во секторот образование и социјална сфера дадени во следните табели:

**SWOT - ОБРАЗОВАНИЕ И СОЦИЈАЛНА СФЕРА**

| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| **1.** Постоење на високообразовен кадар | **1.** Стимулирање на наставен кадар во руралните општини |
| **2.** Развиена мрежа на образовни институции | **2.** Неквалитетно греење во објектите |
| **3.** Обезбеден школски превоз за учениците | **3.** Недоволен број на детски градинки во рурални средини |
| **4.** Развиена мрежа на центри за вработување | **4.** Слаба соработка на образовните центри со бизнис заедницата |
| **5.** Програми за преквалификација и обуки | **5.** Укинување на дел на средно-стручно образование училишта/насоки/паралелки |
| **6.** Развиена мрежа на центри за социјални грижи | **6.** Немање домови за сместување на стари лица |
| | **7.** Недоволно евиденција за лица со посебни потреби |
| | **8.** Потреба од прифатилишта за семејно насилство |
| | **9.** Непокриеност на руралните средини со здравствена заштита |
| | **10.** Несоодветна покриеност со кадар во здравствена заштита |
| | **11.** Несоодветна училишна програма |
| | **12.** Нефункционални центри за вработување и центри за социјални грижи |
| **Можности** | **Закани** |
| **1.** Пристап до ИТ технологиите на ЕУ | **1.** Одлив на мозоци |
| **2**. Поттикнување на јавно приватно-партнерство за изградба на центри за згрижување на стари лица | **2.** Намалување на бројот на ученици заради миграција |
| **3**. Владина програма за отворање на дисперзирани објекти на центри за здравствена заштита/социјални работи/детски градинки | **3.** Опасност на продуцирање на кадри од исти профили |
| **4.** Европски проекти за социјално згрижување | **4.** Потреба од промена на начинот на финансирање на училиштата |
| **5.** Владина програма за мешовити училишта можност за подобра интеграција помеѓу заедниците | **5.** Закана од технолошки вишок, поради миграции од село во град |
| **6.** Европски програми за мобилност | |
| | |

## PEST - ОБРАЗОВАНИЕ И СОЦИЈАЛНА СФЕРА

| Политички фактори | Економски фактори |
|---|---|
| **1.** Оптовареност со администрација | **1.** Економска стабилизација |
| **2.** Политика на развој на општините | **2.** Вклучување на лица со хендикеп во работни процеси |
| **3.** Чести изборни циклуси | **3.** Подобрени услови за инвестирање |
| **4.** Несоодветна алокација на средства согласно степенот на развој | **4.** Дисперзија на слободни економски зони |
| **5**. Либерализација на проток  на добра и луѓе во регионот | **5.** Средно задолжена држава |
| **6.** Интензивирање на процесот на ЕУ интеграции | **6.** Кредитни линии за социјално и здравствено згрижување |
| **7.** Честа промена на законската регулатива | |
| **8.** Политика на грижа за ранливите | |
| **9.** Политика на родова  еднаквост | |
| | |
| **Социо-културолошки фактори** | **Технолошки фактори** |
| **1.** Стареење на населението | **1.** Помош на ученици од социјално ранливи категории  во ИТ опрема |
| **2.** Внатрешна миграција како резултат на урбанизација и нерамномерен развој | **2.**  „Е“-општество |
| **3.** Надворешна миграција | **3**. Финансиска помош од  современи средства за помош на лица со хендикеп |
| **4.** Високи издатоци од социјална политика | **4.** Снабдување на ученици со учебници |
| | **5.** Тенденција за формирање на информатичко општество |

Среднорочната цел 2 е дефинирана на следниов начин: **„Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории“.** За реализација на оваа цел определени се следниве приоритети:

- Подобрување на квалитетот на образованието и прилагодување на потребите согласно барањата на пазарот на трудот;
- Поттикнување соработка помеѓу образование и бизнис сектор;
- Спречување на одлив на млади стручни кадри од регионот;
- Еднакви можности за сите на пазарот на труд и
- Еднаква достапност на услуги за сите граѓани во регионот.

**<u>Приоритет 2.1 Подобрување на квалитетот на образованието и прилагодување на потребите согласно барањата на пазарот на труд</u>**

Овој приоритет е во контекст на ставот дека квалитетното образование претставува основа за развој на општествените и економските односи. До квалитетно образование треба да се дојде со следење на современите процеси и добрите практики. Подобрувањето подразбира дека кадровскиот потенцијал треба да ги задоволува потребите на пазарот на трудот. Следењето на процесите во креирањето на наставните и студиските програми треба да овозможи завршените кадри да имаат компетенции, професионалност и стручност. На тој начин тие ќе бидат на располагање на работодавачите и институциите. Современиот приод во образованието подразбира опремување со ИТ технологии, лаборатории и дидактички средства. Во овој контекст се јавува потребата од унапредување на квалитетот на наставниот кадар, преку негово перманентно усовршување за да може да се справи со современите процеси и новите научни и технички достигнувања. Имајќи ги предвид овие приоритетни карактеристики во развојот на ЈЗПР реализацијата е возможена преку преземање соодветни мерки. Мерките се операционализирани на следниов начин:

2.1.1 Иницирање на наставни програми според потребите на бизнис секторот, односно пазарот на труд
2.1.2 Опремување на средните училишта со соодветни современи лаборатории и кабинети
2.1.3 Поттикнување на иноваторството во средното образование
2.1.4 Подигнување на капацитетот на наставниот кадар во средните училишта, и вклучување во образовните програми на ЕУ, и
2.1.5. Воведување на кариерна ориентација во средните училишта ослободена од родовите стереотипи

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| Број на усогласени образовни програми со стопанството;<br>Број на училишта опремени со лаборатории и работилници за практична настава;<br>Број на наставници/професори со соодветна стручна спрема;<br>Број на средби со бизнис заедницата при подготовка на образовните програми;<br>Број на потпишани договори за соработка на образовни установи со бизнис секторот;<br>Број на ново отворени бизниси за производство и услуги;<br>Број на стипендисти, стипендирани од приватниот сектор;<br>Намален степен на родова сегрегација на пазар на труд;<br>Број на реализирани проекти во рамките на ЕУ Програмите. | Усогласени образовни програми со потребите на пазарот на трудот;<br>Број на квалитетен стручен кадар кој работи во руралните училишта;<br>Учество на бизнис заедницата во подготовката на наставните програми;<br>Број на заинтересирани бизнисмени за склучување договори за соработка со средни/високообразовни институции;<br>Број на заинтересирани мали и средни претпријатија за вработување на стручно образовен кадар;<br>Зголемување на интересот за отварање на приватен бизнис базиран на производство и услуги;<br>Број на сертифициран професорски кадар преку ЕУ програмите;<br>Број на девојки и момчиња кои одбираат нестереотипни "машки" и "женски" професии;<br>Број на обучени ученици и студенти преку ЕУ програмите. |

## Приоритет 2.2 Поттикнување соработка помеѓу образованието и бизнис секторот

Квалитетот на образованието треба да се унапреди преку соработка со бизнис заедницата, која бара соодветен кадар, што подразбира дека ако образованието одговори на овие предизвици ќе дојде до синергичка поврзаност меѓу овие две сфери. Затоа е потребно бизнис заедницата да се вклучи во креирањето на наставните и студиските планови и програми. Бизнис заедницата треба да биде вклучена и во наставата, обуките и тренинзите од практичен карактер за да придонесе во подобрување на квалитетот на завршените ученици и студенти, и нивно полесно вклучување во работните процеси. Ова подразбира проширување на сегментот на практичната обука во едукативниот процес. Запознавањето со современите технички и технолошки средства и процеси е дел од заложбата за посета на саемски приредби, изложби и други модели на нивна практична презентација. Достапноста на работните места за невработените е од круцијално значење, така што пазарот на трудот треба да биде операционализиран преку информатички регистри на барателите и давателите на соодветни кадри. Во контекст на потребите на бизнис заедницата неопходна е преквалификација, доквалификација и перманентно формално и неформално образование. Врз вака определените приоритетни карактеристики издвоени се следниве мерки:

2.2.1 Поттикнување задолжителна практична настава во средните училишта
2.2.2 Посети на саеми на техника и технологија наменети за средните стручни училишта
2.2.3 Креирање на бази на потребни профили од средното образование во АВРМ и нивно посредување во процесот на понуда и побарувачка

2.2.4 Преквалификација, доквалификација, доживотно учење согласно потребите на бизнис секторот, и
2.2.5 Програма за менторство и практиканство особено за девојки во STEM (инжинерство, технологија, индустрија), а за момчиња во образование, социјална заштита и социјални грижи.

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| Број на усогласени образовни програми со стопанството;<br>Број на училишта со воведена практична настава за учениците;<br>Број на посетени саеми на техника и технологија;<br>Број на креирани бази за потребни профили со ССС;<br>Број на извршени преквалификации и доквалификации;<br>Број на ментроски средби и практикантски работи;<br>Број на нововработени лица во стопанството. | Усогласени образовни програми со потребите на пазарот на трудот;<br>Број на ученици што посетувале практична настава во стопанството;<br>Процент на извршени преквалификации и доквалификации на лица со ССС;<br>Родов паритет во STEM и сектор грижа;<br>Процент на нововработени лица со извршена преквалификација. |

## Приоритет 2.3 Спречување на одлив на млади стручни кадри од регионот

Спречувањето на одливот на млади стручни кадри е еден од најзначајните демографски, економски и социјални предизвици за Регионот. Поради тоа неопходно е општините да имаат активен однос во процесуирањето на државните стимулативни мерки, а покрај тоа треба и самостојно да дејствуваат во рамките на своите можности за задржување на младите во местото на живеење. Руралниот и рамномерниот развој во рамките на регионот подразбира овозможување на повисоко ниво на вработеност токму во ваквите средини. Посебно внимание треба да се посвети на процесот на враќање на отселените, нивно вработување и обезбедување социјална сигурност. Врз основа на овие потреби определени се следниве мерки:
2.3.1 Креирање погодности за вработување на млади образовани лица преку државни стимулативни мерки кои ќе ги спроведуваат општините
2.3.2 Креирање на стимулативни мерки за вработување на млади лица во рурални средини
2.3.3 Стимулативни мерки за вработување и решавање на социјалните услови за лица повратници

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| Број на креирани мерки за вработување на млади лица;<br>Број на креирани мерки за вработување на млади лица во рурални средини;<br>Број на креирани мерки за вработување на отселени лица. | Процент на вработени млади лица преку стимулативни мерки;<br>Процент на вработени лица со стимулативни мерки во руралните средини;<br>Број на повратници во општините;<br>Процент на вработени доселени лица. |

## Приоритет 2.4 Еднакви можности за сите на пазарот на труд

Пазарот на трудот е регулатор на односите на барателите и давателите на услуги кој треба да дава еднакви можности и за двете страни. Со оглед на тоа дека женската популација претставува важна верига во развојните процеси потребно е да се преземаат стимулативни мерки за нејзино вработување. На овој начин ќе се постигне двојна придобивка. Од една страна ќе се задоволат потребите на барателите на работна сила, посебно во дејностите во кои жените имаат приоритетно значење, а на друга страна ќе се подигне нивото на самостојност во социјална и економска смисла на жените. Тој процес ќе ја унапреди еманципацијата на жената и ќе овозможи да биде носител или рамноправен партиципиент во семејните односи. Сличен контекст има и достапноста на работните места на социјално ранливите категории, социјалната инклузија и солидарноста за ранливите лица. Врз основа на вака определениот приоритет утврдени се следниве мерки:

2.4.1 Стимулативни мерки за вработување на женската популација
2.4.2 Креирање услови за достапност на работни места за социјално ранливите категории
2.4.3 Социјалната инклузија како предизвик во ЕУ интеграциите
2.4.4 Подржување на принцип на солидарност за најранливите категории во општеството

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| **Број на креирани мерки за вработување на женската популација;**<br>**Број на креирани мерки за вработување на ранливи категории;**<br>**Број на креирани солидарни мерки.** | **Број на креирани работни места за вработување на млада женска популација;**<br>**Број на креирани работни места за вработување на социјално ранливи категории од општеството;**<br>**Процент на вработени женски лица;**<br>**Процент на вработени лица од социјално ранливи категории;**<br>**Процент на лица што користеле солидарни мерки.** |

## Приоритет 2.5 Еднаква достапност на услуги за сите граѓани во регионот

Еднаквата достапност подразбира дека сите граѓани треба рамноправно да ги користат социјалните услуги, без било каква дискриминација. Во тој контекст, посебно е важно да се преземат мерки за унапредување на примарната здравствена заштита. Со оглед на тоа дека таа е на пониско ниво во руралните средини, еднаквоста ќе се постигне преку разрешување на проблемите токму во овие подрачја. Социјалната инклузија се однесува на старите и изнемоштени лица и згрижување и помагање на лица што се социјално исклучени. Од посебна важност е грижата за деца од предшколска возраст во градинките. Ова треба да се постигне со подобар квалитет на услугите и зголемен капацитет на установите. Подобар квалитет на услуги треба да се реализира и во прифаќањето на студентите и ученици во соодветните установи.
Врз основа на карактеристиките на овој приоритет оределени се следниве мерки:

2.5.1 Подигнување на квалитетот на социјални услуги и достапност за сите категории граѓани
2.5.2 Подобрување на примарната здравствена заштита во руралните средини во регионот
2.5.3 Социјална инклузија на стари изнемоштени лица
2.5.4 Социјална инклузија за социјално исклучени категории граѓани преку отворање дневни центри за згрижување
2.5.5 Создавање на услови за прифаќање на децата во детски јасли и градинки
2.5.6 Зголемување на опфатеноста на учениците и студентите во организирани сместувачки капацитети – домови

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| **Број на ангажирани лекари од примарната здравствена заштита во руралните средини;**<br><br>**Број на отворени дневни центри за згрижување на различни категории на социјално исклучени лица;**<br><br>**Број на отворени градинки во рурални средини;**<br><br>**Број на новотворени/адаптирани домови за средношколци и студенти.** | **Процент на опфатени лица од руралните средини во примарната здравствена заштита;**<br><br>**Број на испорачани услуги од примарната здравствена заштита во рурални средини;**<br><br>**Процент на згрижени лица од различни категории на социјално иск лучени лица;**<br><br>**Процент на згрижени деца во детски градинки во рурални средини;**<br><br>**Процент на згрижени ученици и студенти во домови за сместување.** |

## СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 3

**Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР.**

Среднорочна цел 3 се потпира на истражувачките наоди и SWOT и PEST анализите во секторите култура, туризам и заштита на животната средина. Истите се дадени во следните табели:

**SWOT - КУЛТУРА И ТУРИЗАМ**

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| 1. Богато културно наследство (дел заштитено од УНЕСКО) | 1. Сезоналност на понудата |
| 2. Национален парк и богато природно наследство | 2. Недоволно развиени производи од културен туризам |
| 3. Бројни спелеолошки локалитети | 3. Нерамномерна дистрибуција на културното наследство |
| 4. Бројни манастирски комплекси | 4. Недоволна интегрираност на производи од културен туризам |
| 5. Образовни институции во туризам | 5. Нерамномерно развиена туристичка понуда во Регионот |
| 6. Развиена туристичка инфраструктура | 6. Неразвиена локална патна инфраструктура |
| 7. Бројни археолошки локалитети | 7. Интензивен процес на урбанизација |
| 8. Климатски услови | 8. Непостоење на урбанистичка документација за руралните средини |
| 9. Традиционална архитектура во рурални средини | 9. Невалоризирано културно наследство |
| 10. Охридското Езеро доминантен ресурс | 10. Изумирање на традиционални занаети |
| 11. Најдолга туристичка традиција | 11. Непостоење на Општински стратегии за туризам во општини каде туризмот е главна дејност |
| 12. Етаблирани меѓународни манифестации | 12. Слаба апсорпција на средства од постојни фондови |
| 13. Аеродром | 13. Несоодветна гастрономска понуда |
| 14. Етнографски вредности | 14. Непостоење на инфо-точки и друг вид сигнализација |
| 15. Бањски ресурси | 15. Недостапност на релевантни податоци |
| 16. Вишок станбен простор погоден за издавање | 16. Лоша хоризонтална и вертикална поврзаност на засегнатите страни – мешање на ингеренции |
| | |
| **Можности** | **Закани** |
| 1. ЕУ фондови ИПА, ИПАРД... | 1. Близина на поконкурентни турстички дестинации |
| 2. Користење на странски искуства | 2. Градежни активности поврзани со изградба на автопатот |
| 3. Изградба на автопат Кичево – Охрид - Ќафасан | 3. Пандемија |
| 4. Субвенционирање во туризмот | 4. Емигративни процеси во регионот |
| 5. Поволни законски регулативи | 5. Стопанска рецесија |
| 6. Кружни-регионални тури | 6. Нестабилност во процесот на ЕУ интеграции |
| 7. Промотивни кампањи од национално ниво | 7. Климатски промени |
| 8. Туристички зони | 8. Неавтентична понуда (производство) на сувенири |
| 9. Ниско буџетски летови | |

| Можности | Закани |
| --- | --- |
| 10. Доквалификација на кадри со користење на странски искуства | |
| 11. Зголемен интерес за нови туристички дестинации | |
| 12. Развој на планински туризам (Галичица, Јабланица) | |
| 13. Фондови на АФПЗРР | |
| 14. Поволна инвестициска клима | |
| 15. Зголемен интерес за активен туризам | |
| 16. Развој на наутички туризам | |

## PEST - КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

| Политички фактори | Економски фактори |
| --- | --- |
| 1. Бирократски процеси и процедури на одлучување | 1. Висок процент на сива економија |
| 2. Неконзистентност во политичкото делување | 2. Висок процент на невработеност |
| 3. Владина политика за поддршка на туризмот | 3. Економски поволности за инвестирање |
| 4. Либерален визен режим | 4. Светска економска криза |
| 5. Слаба развиена мрежа на промотори | 5. Членство во меѓународни трговски асоцијации |
| 6. Надвор од ЕУ | 6. Кредитни линии |
| 7. Усвоена регулатива | 7. Заинтересираност на светски брендови за инвестиции во областа на туризмот |
| | |
| **Социо-културолошки фактори** | **Технолошки фактори** |
| 1. Мобилност на населението | 1. Присуство на ИТ технологија |
| 2. Неповолни демографски процеси | 2. ИТ документација |
| 3. Пренасочување кон одредени области на занимања | 3. Современи резервациски/букинг системи |
| 4. Прифатливост на туризмот од локалното население | 4. Современи комуникациски средства |
| 5. Мултиетнички состав на населението | 5. Социјални медиуми |
| 6. Концентрација во лимитиран број на занимања | |
| 7. Стандардизација на објектите | |

## SWOT - ЖИВОТНА СРЕДИНА

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| 1. Значајни водни ресурси | 1. Диви депонии |
| 2. Регионална стратегија за управување со цврст отпад | 2. Неразвиен мониторинг на површински и подземни води |
| 3. Колекторски систем за заштита на Охридското Езеро | 3. Нефункционален систем на постоечки пречистителни станици за отпадни води |
| 4. Усвоени акциони планови во животна средина на локално ниво | 4. Нецелосно оформена канализациона мрежа – особено во руралните средини |
| 5. Студии и акциони планови за пречистување на отпадни води | 5. Непостоење на систем за управување со опасен отпад, шут и опасни материи |
| 6. Проветрен простор | 6. Непостоење рибни патеки во рамките на Х.Е. системи |
| 7. Геотермални извори | 7. Несоодветна техничка опременост на ЈКП за цврст отпад |
| 8. Регистар на природни реткости | 8. Присуство на можни загадувачи на водните ресурси |
| 9. Ендемски видови и еко-системи | 9. Неконтролирано користење на подземните води |
| 10. Заштитени просторни целини и видови биодиверзитет | 10. Несоодветно стопанисување со шумите |
| 11. Сулфатара – форма на геодиверзитет | 11. Ниска свест за проблемите во животна средина |
| | 12. Неизградени одвоени системи за атмосферска и фекална мрежа |
| | 13. Висок степен на загуби во водоснабдителните мрежи |
| | 14. Непостоење на стационар за кучиња |
| | |
| **Можности** | **Закани** |
| 1. ИПА фондови за животна средина | 1. Слаба контрола на државата во прекумерната сеча на шумите и ерозија на почвата |
| 2. Стратешки документи и програми на национално, регионално и локално ниво | 2. Непочитување на владините препораки во врска со интензивна и несоодветна урбанизација |
| 3. Користење на средства од финансиски институции за изградба на регионална депонија – систем за управување со цврст отпад | 3. Противзаконски лов и риболов |
| 4. Искористеност на ОИЕ | 4. Слаба примена на законите во животна средина |
| 5. Култивирање на лековити билки според препораки на СЗО | 5. Противправна сеча на шуми |
| 6. Користење на европски фондови и грантови за геотермални води | 6. Несоодветно управување со водни ресурси |
| 7. Владина програма за воведување и користење на Систем за рециклирање на отпад | 7. Опасност од исчезнување на поедини животински и растителни видови |
| 8. Заокружена законска рамка усогласена со ЕУ регулатива | 8. Противправно пренасочување на водни текови |
| 9. Користење на владини програми за енергетска ефикасност | 9. Неконтролирано воведување на инвазивни видови флора и фауна |
| 10. Изградба на централи за производство на електрична енергија со сончеви панели | 10. Климатски промени |

## PEST - ЖИВОТНА СРЕДИНА

| Политички фактори | Економски фактори |
|---|---|
| 1. Недоволна примена на утврдени меѓународни стандарди | 1. Недоволно инвестиции во животната средина |
| 2. Промена на раководни структури | 2. Недоволен економски раст |
| 3. Постоење на легислатива, без волја за примена | 3. Недоволна одржливост на постојните системи |
| 4. Политичка нестабилност | 4. Фабрика за  рециклиран отпад |
| 5. Чести промени на законодавството | 5. Организиран откуп на рециклирани материјали и отпад |
| 6. Партизација на претпријатија | 6. Слаба наплата на такси |
| 7. Преработеност во секторот | 7. Отсуство на јавно-приватно партнерство |
| | |
| **Социо-културолошки фактори** | **Технолошки фактори** |
| 1. Недоволна свест кај населението за животната средина | 1. Рециклирање како современ процес |
| 2. (Не)култура во живеењето | 2. Пречистителни станици |
| 3. Загрозување на јавното здравје | 3. Деконтаминација |
| 4. Загаденоста како причина за меѓучовечки недоразбирања | 4. Брз раст на технологиите |
| | 5. Филтри за воздух |
| | 6. Пренамена на загадувачи |
| | |

Среднорочна цел 3 на Регионот е дефинирана на следниов начин: **„Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР“.**
Во рамките на оваа цел определени се следниве приоритети:

- Подобрување на достапноста и уреденоста на туристичките локалитети;
- Надминување на сезоналниот карактер на туризмот во регионот;
- Поттикнување и развој на алтернативни-рурални форми на туристички активности и услуги;
- Подобрување на управувањето со туристичките дестинации и
- Заштита на животна средина.

**<u>Приоритет 3.1 Подобрување на достапноста и уреденоста на туристичките локалитети</u>**

Туризмот е дејност која во себе ги вклучува достапноста, опременоста и уреденоста на просторот. Овие фактори овозможуваат постојните, афирмирани, туристички локалитети и објекти да ја подигнат својата функционалност на повисоко ниво. Изнаоѓањето на солуции за зголемување на содржините на престој подразбира вклучување и нови атракции во туристичката понуда, но тоа нема да биде можно ако истите се недостапни. Поради тоа потребно е претходно да се донесат проектни/урбанистички услови за да можат атракциите да се стават во функција, или да се подобри нивната функционалност. Исто така, неопходно е прецизно да се определат локалитетите и објектите во процесот на мапирање. Патната инфраструктура и достапноста како важна верига подразбира уреденост за сите можни посетители, при што важно е да се има предвид погодноста за достапност за лицата со попреченост. Туризмот, во овој контекст подразбира сигнализација и визуализација, при што треба да се има предвид и инклузивноста, преку која туристичките атракции ќе бидат користени на поефикасен начин. Без јавно достапни информации туризмот не може да се вклучи во развојните процеси, па покрај тоа динамичниот и современ развој на туризмот подразбира и перманентно вреднување и ревитализација на просторните целини и објекти.
Врз основа на овие карактеристики на приоритетот определени се следниве операционализирани мерки за реализација:

3.1.1 Изработка на урбанистичко-планска документација за уредување на туристичките локалитети во регионот
3.1.2 Мапирање на природни и културни реткости во регионот
3.1.3 Патна инфраструктура до туристички локалитети адаптирана за лица со посебни потреби
3.1.4 Обезбедување информации, сигнализација и визуелизација на туристички атракции
3.1.5 Ревитализација на значајни локалитети од природното и културното наследство

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| Број на донесени урбанистичко–архитектонски планови;<br>Број на мапирани природни, културни и туристички вредности;<br>Реконструирани и асфалтирани патишта и патеки до туристички локалитети;<br>Број на нови сообраќајни линии кои поврзуваат две или повеќе туристички дестинации во Регионот;<br>Број на отворени етно музеи;<br>Изградени и реконструирани планинарски домови;<br>Изградени и ревитализирани кампови;<br>Број на хостели во Регионот. | Урбанизирани просторни целини во ha;<br>Утврдени туристички атракции во Регионот;<br>Број и должина на патеките во рурални средини со вклучени природни, културни и туристички вредности во km;<br>Опремени и уредени транспортни атракции за туристи;<br>Ставени во функција етно музеи и поставки во нив;<br>Ставени во функција планинарски домови со капацитети на соби и легла;<br>Износ на инвестиции во обновена инфраструктура. |

## Приоритет 3.2 Надминување на сезоналниот карактер на туризмот во регионот

Сезоналниот карактер на туризмот претставува еден од најголемите проблеми, и истиот произлегува од слабо избалансираните односи помеѓу понудата и побарувачката, што повлекува ниско ниво на рентабилност. Овој проблем не може во целост да се разреши, но може во извесна смисла да се ублажи и надмине преку преземање мерки кои треба да се насочат кон создавање туристички производи кои како пакет аранжмани ќе бидат за различни сезони. Преку процес на дисперзија на туристичките вредности треба да се растоварат концентрираните јадра на туристичка посетеност во самиот „шпиц“ на сезоната. Оваа дисперзија треба да биде проследена со инвестициски активности во локалитети кои имаат дисперзиран карактер, односно руралните средини и целини кои располагаат со атракции. Врз оваа основа утврдени се следниве посебни мерки:

3.2.1 Креирање регионални туристички пакети
3.2.2 Редистрибуција на посетителите од познатите туристички центри во останатиот дел од регионот
3.2.3 Привлекување на домашни и странски инвестиции за развој на сместувачки капацитети во внатрешноста на регионот
3.2.4 Развој и унапредување на локалните манифестации, атрактивни за домашните и странски посетители во текот на целата година

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| Број на креирани туристички пакети;<br>Број на остварени посети и ноќевања во руралните средини во Регионот;<br>Број на изградени хотелско-угостителни капацитети во внатрешноста на Регионот;<br>Број на реализирани инвестиции во туризмот;<br>Број на реализирани манифестации во внатрешноста на Регионот. | Продадени туристички пакети;<br>Процент на остварен туристички промет во руралните средини;<br>Проширени туристички капацитети со број на соби и легла;<br>Обем на остварени инвестиции;<br>Остварена посета на локални манифестации;<br>Остварен промет од продажба на локални продукти на одржани манифестации. |

**Приоритет 3.3 Поттикнување и развој на алтернативни форми на туристички активности и услуги**

Алтернативноста во туризмот има посебно место затоа што станува збор за широка развојна можност, што се надоврзува на основните туристички форми. Така планинскиот туризам во некои средини е од основен вид, а во некои се јавува како алтернатива и затоа е значајно да му се посвети посебно внимание. Планинскиот туризам не подразбира само скијачки активности и креирање на скапи центри, туку и други рекреативни активности на снег, или пак на активности во летни планински услови. Но, исто така како алтернативи треба да се споменат спелеолошкиот туризам и агротуризмот, кој се врзува за земјоделските средини и не треба да биде синоним за рурален туризам. Руралниот туризам, пред сѐ, се врзува со етнолошкото наследство како основа на развојна диференцијација. Во насока на развој на алтернтивноста во туризмот потребна е поддршка на локалните бизниси посебно во руралните средини. Врз основа на овие карактеристики на приоритетот определени се следниве мерки:

3.3.1 Развој на планинскиот туризам во регионот
3.3.2 Унапредување на спелеолошкиот туризам во регионот
3.3.3 Развој и унапредување на можностите за зимски активности во регионот
3.3.4 Развој и унапредување на агро-туризмот во регионот
3.3.5 Развој на локални бизниси како поддршка за туристичките активности во внатрешноста во регионот

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| Број на креирани планинарски туристички тури и пакети;<br>Број на креирани спелеолошки тури;<br>Број на ски локалитети;<br>Број на агро-туристички локалитети;<br>Број на нови бизниси во рурални средини. | Процент на остварено учество во планинарски туристички тури;<br>Процент на остварено учество во спелеолошки тури;<br>Процент на остварени посети на ски локалитети;<br>Процент на остварени посети на агро-туристички локалитети;<br>Остварен промет од туристички активности во рурални средини. |

**Приоритет 3.4 Подобрување на управувањето со туристичките дестинации**

Управувањето со туристичките дестинации е развиен како нов приод на организирање на ДМО, што како можност е сите засегнати страни да најдат место во креирањето на туристичката политика. Во овој поглед од посебна важност е утврдувањето на развојните насоки. Исто така, неопходно е следење на современите процеси во управувачкиот процес и приспособување на менаџерите кон реализација на зацртаните цели. Привлекувањето на средства/инвестиции во насока на подобрување на квалитетот на управувањето со туристичката дестинација подразбира основа за успешно функционирање. Управувањето со туристичката дестинација подразбира маркетиншки приод и промотивни активности кои се дел од настапот на туристичките пазари. Во оваа

смисла е и потребата од концепирање на препознатливост во туристичка понуда на дестинациите и брендирање на туристичките производи. Врз основа на овие карактеристики треба да се преземат следниве мерки за реализација на овој приоритет:

3.4.1 Креирање планови од страна на ЕЛС за управување со дестинации
3.4.2 Обука на кадар потребен за управување со туристички дестинации
3.4.3 Привлекување средства за уредување на локални туристички дестинации
3.4.4 Маркетинг стратегии за промовирање на локални туристички дестинации
3.4.5 Креирање локални понуди за посета на туристички дестинации

| Излезни резултати | Индикатори |
|---|---|
| **Број на креирани планови за управување со дестинација од страна на ЕЛС;**<br>**Број на обучен кадар;**<br>**Број на нови инвестиции насочени кон туристички дестинации;**<br>**Број на креирани маркетинг планови за управување со дестинација;**<br>**Број на креирани локални понуди од страна на ЕЛС.** | **Процент на остварени посети на нови туристички дестинации;**<br>**Број на нововработени лица во туристичкиот сектор;**<br>**Процент на нови инвестиции;**<br>**Ново отворени бизниси поврзани со туристички дестинации;**<br>**Остварен промет од нови локални туристички понуди.** |

## Приоритет 3.5 Заштита на животна средина

Заштитата на животната средина има универзално значење за современиот живот, и таа е основна парадигма на одржливиот економски и општествен развој. Проблемите кои се јавуваат во заштитата на животната средина се мултидимензионални и нивното разрешување е во функција на подобрување на квалитетот на живот. Ова се однесува на сметот, проблемот со кучињата- скитници, проблемите со заштитата на биодиверзитетот, загадувањето на воздухот, водите и почвата, проблемите со климатските промени и појавите на елементерни непогоди, каков што е примерот со пандемијата Ковид- 19. Врз основа на овие проблеми и потреба од нивно разрешување, определени се следниве мерки:

3.5.1 Воспоставување на интегриран регионален систем за управување со отпад
3.5.2 Мерки за решавање проблем со кучиња скитници во регионот
3.5.3 Заштита на биодиверзитетот во регионот
3.5.4 Мерки за заштита од загадување на амбиенталниот воздух
3.5.5 Мерки за заштита од загадување на водите
3.5.6 Мерки за заштита од загадување на почвата
3.5.7 Преземање мерки за надминување на проблемите од климатските промени
3.5.8 Мерки за справување со ризици од елементарни непогоди

| Излезни резултати | Индикатори |
| --- | --- |
| Број на подготвена техничка документација;<br>Број на анализи и истражувања;<br>Изработен регионален план за управување со отпад и физибилити студија;<br>Број на реализирани активности за воведување на селекција и рециклажа на отпадот;<br>Изготвен план за управување со кучињата-скитници;<br>Изготвен план за управување со водите;<br>Број на мерни места за мерење на квалитетот на водите, воздухот и почвата;<br>Должина на новоизградени системи за отпадни води. | Започната имплементација на регионалното управување со отпад;<br>Процент на рециклиран отпад и собран отпад;<br>Количини на органски отпад кои завршуваат на депониите;<br>Процент на технички загуби на вода во системите;<br>Изградени стационари за кучињата-скитници;<br>Процент на рурално население опфатено со систем за водоснабдување;<br>Квалитет на вода за пиење, амбиентален воздух и на почва;<br>Покриеност на население со пречистителни станици. |

## Приоритет 3.6 Подобрување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија

Подобрувањето на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливи извори на енергија е во тесна врска со заштитата на животната средина и дејностите кои можат да се развиваат во вакви средини. Исто така, обновливите извори на енергија се фактор на вкупниот економски развој на регионот и затоа е потребно да се преземаат стимулативни мерки кои водат во оваа насока. Развојот подразбира воспоставување на енергетска ефикасност посебно во јавните објекти и нејзино стимулирање во домаќинствата, избегнување на користењето на фосилни горива и поддршка на производство на алтернативни еколошки енергенси. Вака изложените потреби се адекватно интерпретирани како мерки за реализација:

3.6.1 Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија
3.6.2 Намалување на користењето на фосилните горива како енергенси во индустријата и домаќинствата
3.6.3 Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти
3.6.4 Стимулативни мерки за енергетска ефикасност во домаќинствата
3.6.5 Поддршка на иницијативи за производство на алтернативни еколошки енергенси

| Излезни резултати | Индикатори |
| --- | --- |
| Број на подготвени студии и анализи;<br>Број на подготвена техничка документација;<br>Број на подготвени технички документации за извршени технички контроли врз јавни објекти;<br>Број на стимулативни мерки за енергетска ефикасност на домаќинствата;<br>Број на алетернативни производители на енергенси;<br>Број на проекти за подобрување на енергетската ефикасност;<br>Број на проекти за искористување на обновливи извори на енергија;<br>Број на организирани јавни кампањи. | Удел на ОИЕ во вкупниот енергетски биланс;<br>Инсталиран капацитет за производство на електрична енергија;<br>Фотоволтаични централи;<br>Корисници на стимулативни мерки за ОИЕ;<br>Процент на намалување на користење на фосилни горива како енергенс во индустрија и домаќинства;<br>Извршена санација/реконструкција на јавни објекти во $m^2$;<br>Извршени мерки за подобрена ЕЕ на јавни објекти;<br>Инвестиции за производство на еколошки енергенси;<br>Потрошувачка на енергија по сектори;<br>Емисии на штетни гасови. |

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Имплементацијата на Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2021 - 2026 година подразбира обезбедување значајни финансиски средства. Во Законот за рамномерен регионален развој, како извори на финансирање се наведени:

- Буџетот на РС Македонија,
- Буџетите на единиците на локалната самоуправа,
- Расположивите фондови на ЕУ,
- Други меѓународни извори,
- Донации и спонзорства од физички и правни лица, и
- Други средства утврдени со закон.

Покрај погоре наведените извори за финансирање на регионалниот развој, Законот ги дефинира и следните инструменти за поттикнување на регионалниот развој: капитални влогови; неповратни грантови; финансирање и кофинансирање за подготовка на анализи, студии, плански документи и акциски планови; финансирање за градењето на институционалните капацитети за регионален развој на РС Македонија, како и државна помош во вид на заеми под поволни услови, гаранции за заеми, осигурување на кредити, даночни олеснувања, субвенции и други инструменти.

Имплементацијата на Програмата за развој на Југозападниот плански регион ќе се реализира со користење на достапните економски и финансиски механизми за поддршка на регионалниот развој. Проектите што ќе бидат реализирани во рамките на предвидените мерки и приоритети треба да бидат детерминирани според планираниот ефект од реализација на проектот, односно да се реализираат проекти кои ќе имаат најголемо позитивнио влијание во споредба со вложените средства за реализација.

Користењето на повеќе извори за финансирање на имплементацијата на Програмата ќе овозможи поголем степен на реализација на планираните мерки и поголемо остварено влијание. Сепак основниот извор на финансирање ќе биде Буџетот на РС Македонија преку поддршка на проекти со регионална развојна компонента што се планирани во одвоени програми и потпрограми во различните министерства. Согласно Фискалната стратегија на РС Македонија за периодот 2020-2024, како и проекциите на Владата се очекува годишен пораст на БДП од околу 4%.

Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, во рамките на Буџетот на РС Македонија, секоја година директно го поддржува регионалниот развој преку Програмата за регионален развој, односно преку обезбедување на финансиски средства за поддршка на проекти кои имаат регионална развојна компонента и се наменети за подобрување на регионалниот развој.

Распределбата на средствата од буџетите на линиските министерства кои се наменети за поддршка на регионалниот развој се врши во согласност со Програмите на тие институции.

**Други можни извори на финансирање**

Други можни извори на фининсирање на имплементацијата на Програмата за развој на Југозападниот плански регион се:

Програмите на Европската Унија како што се ИПА, Хоризон 2020, Транснационалните програми за соработка и др.

Програми на други странски донатори и меѓународни организации како што се СДЦ, УСАИД, УНДП, Светска Банка и др.

РС Македонија има склучено билатерални договори за развојна соработка со повеќе земји и меѓународни организации. Рамките, буџетите и приоритетите на секоја од програмите се договорени на билатерално ниво. Програмите се финансираат од буџетите на земјите донатори. Висината на буџетот и неговото времетраење ги одредува секоја земја посебно.